**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

МИНИСТЕРСТВО

ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

# РЕВИДИРАНА ПРОГРАМА ЗА РЕФОРМИ ВО ВРАБОТУВАЊЕ И СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА (р) ЕСРП2022

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2022

**мај 2023**

# СОДРЖИНА

1. ВОВЕД ... 6

1.1 Подготовка и следење на ЕСРП ... 6

1.2 Резиме на напредокот во имплементација на ЕСРП ... 7

2. ЕКОНОМСКО-СОЦИЈАЛЕН КОНТЕКСТ И СОСТОЈБИ ... 12

3. НАПРЕДОК ВО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ЦЕЛИТЕ НА ЕСРП 2022 ... 19

3.1.1. ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА СО НЕВРАБОТЕНОСТА, ОСОБЕНО КАЈ НАЈРАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ ЛИЦА (МЛАДИ, ДОЛГОРОЧНО НЕВРАБОТЕНИ И ДРУГИ) ... 19

3.1.1.1. Цел: Подобрување на вработеноста на младите и промовирање на повеќе и подобри работни места за младите лица ... 21

3.1.1.2. Цел: Намалување на невработеноста на долгорочно невработените и лицата од останатите ранливи групи ... 21

3.1.1.3. Цел: Поттикнување на интеграцијата на жените на пазарот на труд и ублажување на родовите јазови ... 23

3.1.2. СПРАВУВАЊЕ СО НЕФОРМАЛНАТА ВРАБОТЕНОСТ ... 23

3.1.2.1. Цел: Намалување на неформалната вработеност ... 24

3.1.3. УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТАТА И УСЛУГИТЕ НА ЈАВНАТА СЛУЖБА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ... 24

3.1.3.1. Цел: Понатамошно подобрување на капацитетите на АВРСМ ... 25

3.1.3.2. Цел: Понатамошно подобрување на услугите и работата на АВРСМ со клиентите (невработените лица и работодавачите) ... 25

3.1.4. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИОТ ДИЈАЛОГ ВО РСМ НА ТРИПАРТИТНО И БИПАРТИТНО НИВО, НА НАЦИОНАЛНО И НА ЛОКАЛНО НИВО, УНАПРЕДУВАЊЕ НА КОЛЕКТИВНОТО ДОГОВАРАЊЕ ... 26

3.1.4.1. Цел: Јакнење на капацитетите на социјалните партнери и механизмите на социјалниот дијалог ... 27

3.2.1. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТНО ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ И ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ ... 28

3.2.1.1. Намалување на осипувањето кај учениците и на бројот на лица кои рано го напуштаат образованието ... 28

3.2.1.2. Унапредување на опфатот и условите за пристап до сите нивоа на образование на лицата (децата/учениците/студентите) со попреченост ... 29

3.2.1.3. Подобрување на содржините и квалитетот во образованието и јакнење на капацитетите на човечките ресурси (капацитетите на училиштата и наставниот кадар) ... 30

3.2.2. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНАТА РАМКА ЗА КВАЛИФИКАЦИИ – ОСНОВА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ КВАЛИТЕТ ВО СИСТЕМОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА ... 31

3.2.2.1. Воспоставување одржлив систем на НРК и јакнење на човечките ресурси за негова примена ... 32

3.2.3. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ВРАБОТЛИВОСТА НА РАБОТНАТА СИЛА И ГРАДЕЊЕ НА ФЛЕКСИБИЛНИ ПАТИШТА ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ ... 32

3.2.3.1. Развој, модернизација и зголемување на атрактивноста на стручното образование и обука ... 33

3.2.3.2. Развој и унапредување на неформалното образование и образованието за возрасни ........ 33

3.3.1. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЕФИКАСНОСТА И ЕФЕКТИВНОСТА НА СИСТЕМОТ ЗА СОЦИЈАЛНА ПОМОШ ........ 34

3.3.1.1. Цел: Подобрување на обемот, опфатот и таргетирањето на системот на социјалната помош ........ 35

3.3.2.1. Цел: Развој и унапредување на социјалните услуги и можностите за вклучување различни субјекти во нивно квалитетно и ефикасно обезбедување ........ 38

3.3.3.1. Цел: Зајакнување на процесот на деинституционализација ........ 39

3.3.4.1. Цел: Понатамошно унапредување на условите и квалитетот на живот, пристапот до услуги и социјалната инклузија на Ромите во Република Македонија ........ 42

3.3.5.1. Цел: Зајакнување на финансиската одржливост на пензискиот систем и унапредување на ефикасноста во остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување ........ 43

3.3.5.2. Цел: Одржување на адекватноста на пензијата и заштита на стандардот на корисниците на пензија ........ 43

3.3.6.1. Цел: Унапредување на пристапот до здравствена заштита за сите граѓани, условите во здравството и квалитетот на здравствените услуги ........ 43

3.3.6.2. Цел: Подобрување на стручноста и компетентноста на здравствените работници 44

4. КОМУНИКАЦИЈА ........ 45

5. ЗАКЛУЧОЦИ И ИДНИ ЧЕКОРИ ........ 48

АНЕКС 1 – СЛЕДЕЊЕ НА ЕРСП МАТРИЦАТА НА ЦЕЛИ И МЕРКИ ........ 52

АНЕКС 2 – СЛЕДЕЊЕ НА ЕРСП МАТРИЦАТА НА ИНДИКАТОРИ И ЦЕЛНИ ВРЕДНОСТИ ........ 110

# Кратенки

АВРСМ – Агенција за вработување на Република Северна Македонија

БДП –Бруто домашен производ

БЗР – Безбедност и здравје при работа

БРО – Биро за развој на образованието

ВИНУ - Валидација на искуствено и неформално учење

ГМ – Гаранција за млади

ГМП - Гарантирана минимална помош

ГИЗ - Германско друштво за интернационална соработка

ЕСС - Економско-социјалниот совет

ЕСРП – Програма за реформи во вработувањето и социјална политика

ЕУ – Европска Унија

ИПА – Инструмент за претпристапна помош

ИПВ – Индивидуален план за вработување

ISCED - Меѓународната стандардна класификација на образованието

ЈЗУ - Јавна здравствена установа

ЈУ – Јавна установа

КБ - Клиничка болница

ЛЕСС-  Локален економско-сцијален совет

МКФ - Меѓународната класификација на функционирањето

МТСП - Министерство за труд и социјална политика

МОН - Министерство за образование и наука

МОТ –Меѓународна организација на трудот

NEET - Не се вработени ниту во образование и обука

НРК – Национална рамка на квалификации

РСМ – Република Северна Македонија

ОП – Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот

СЗО - Светска здравствена организација

СОО - Стручно образование и обука

ФЗОРСМ – Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија

ФПИОСМ – Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија

ЦВ – Центар/центри за вработување

ЦСОО - Центар за стручно образование и обука

ЦСР – Центар/центри за социјална работа

УНДП - Програма за развој на Обединети нации

УРУОЈПЗ - Управа за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците

# 1. ВОВЕД

## 1.1 Подготовка и следење на ЕСРП

Програмата за реформи во вработувањето и социјалната политика 2020 (ЕСРП 2020) беше првично усвоена од Владата на Република Северна Македонија во август 2017 година. По усвојувањето на ЕСРП 2020, се обезбеди редовно следење и известување за напредокот во нејзината имплементација од страна на Работната група за секторот „Образование, вработување и социјална политика“. Во 2018 година се подготви првиот извештај за следење на спроведувањето на ЕСРП. Две години по активно спроведување на целите и мерките од ЕСРП 2020, се наметна потребата од нејзина ревизија. Ревизијата беше поттикната од промените во поставеноста на политиките, од кои дел – како тие во сферата на социјалната политика – имаа структурни поместувања; како и од тековните трендови и движења, преку кои се увиде потреба од ревизија на некои од целните вредности во ЕСРП 2020.

Со ревизијата, се продолжи временската рамка на ЕСРП до 2022 година. **Ревидираната програма за реформи во вработувањето и социјалната политика 2022 – (р) ЕСРП 2022** ги утврдува реформите и политиките кои ќе се реализираат во рамките на трите приоритетни области и тоа:

**1. Пазар на труд и вработување**

**2. Човечки капитал и вештини и**

**3. Социјална инклузија и социјална заштита**

Во Ревидираната ЕСРП 2022 беше констатиран напредокот во текот на двете години по донесувањето на ЕСРП 2020, што имплицираше значајна ревизија на мерките и целните вредности на индикаторите. Имено, во ревидираната ЕСРП 2022, за секоја област се издвојуваат одреден број насловни, исходни и процесни индикатори за мерење на вкупниот напредок во секоја област на ЕСРП. За сите индикатори се утврдија нови целни вредности за 2022.

Следењето на ЕСРП е во надлежност на секторската работна група за „Образование, вработување и социјална политика“. Во подготовката на Ревидираната програма се обезбедија и дополнителни консултации со социјалните партнери и претставници на граѓанското општество активни во областите опфатени со ЕСРП, со цел нивно запознавање со содржината на ревидираната програма и обезбедување коментари, забелешки и видувања. Секторската работна група е главна платформа за дијалог за политиките која е заеднички водена од министрите за образование и вработување. Во Секторската работна група членуваат претставници на следните институции: Министерство за труд и социјална политика, Министерство за финансии, Министерство за образование и наука, Министерство за здравство, Кабинет на Заменик-претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции, Секретаријат за европски прашања, Државен инспекторат за труд, Државен завод за статистика, Биро за развој на образованието, Агенција за вработување на Република Северна Македонија, Центар за стручно образование и обука, Центар за образование на возрасни, Завод за социјални дејности – Скопје, Национална агенција за европски образовни програми и мобилност. Во текот на 2022 година, секторската работна група одржа три состаноци, од кои на еден се разгледа напредокот во спроведување на ревидираната ЕСРП 2022.

Овој Годишен извештај за имплементацијата на „Ревидираната Програма за реформи во вработувањето и социјалната политика 2022“ за 2022 година беше претставен пред Секторската работна група на состанокот што се одржа на 18 мај 2023. Владата на Република Северна Македонија го разгледа извештајот на 174-та седница, одржана на 25.07.2023 година.

## 1.2 Резиме на напредокот во имплементација на ЕСРП

2022 година беше трета година по ред со шокови, што придонесе за намален економски раст, отежнати услови за работа на компаниите, а особено беа погодени ранливите категории население. Најпрво пандемијата во 2020 година претставуваше шок од неекономска природа и размери кои дотогаш беа невидени, наметнувајќи затварања на економиите и ограничувања на движењето кои предизвикаа остар пад на економијата, пришто секторите како хотелиерство, транспорт и трговија беа најпогодени. Закрепнувањето започна во 2021, особено откако имунизацијата стана широко достапна во мај 2021 година, но не одеше со првично-проектираното темпо; некои застои во синџирите на глобално ниво останаа, што предизвика и притисок врз цените на пазарите на одредени добра и услуги. Нов шок од неекономска природа следуваше во февруари 2022 година со избувнување на руско-украискиот конфликт, што ги промени политичките и економските односи во Европа и светот. На економски план, драматичните нарушувања на пазарите произведоа големи притисоци врз цените, кои се надоврзаа на притисоците кои веќе постоеја, особено на пазарите на примарни производи од храна и енергија. Оттука, предизвик во 2022 година во Северна Македонија, како и во целиот свет беше високиот раст на цените, највисок во последните две декади, енергетската криза, забавувањето на растот, и секако високо-присутната неизвесност на пазарите. Сепак, оваа анализа укажува дека и покрај предизвиците со кои се соочуваше Северна Македонија во 2022 година, постигнат е напредок во остварување на стратешките цели во трите приоритетни области.

### Приоритетна област 1: Пазар на труд и вработување

Оваа приоритетна област опфаќа четири стратешки цели и 10 исходни индикатори во делот на пазарот на труд. И покрај кризните околности, пазарот на труд продолжи да се подобрува во земјата, набљудувано и преку невработеноста и преку платите. Сепак, за обележување е дека феноменот на пасивизација на населението, најпрво од здравствени причини а потоа и поради обесхрабрување, кој започна за време на пандемијата, продолжи да биде присутен и во текот на 2021 и 2022 година.

Во 2022 г. значителен напредок (и делумно надминување на таргетите поставени за 2022 година) е постигнат во целта подобрување на состојбата со невработеноста, особено кај најранливите категории. Стапката на лица кои се невработени, не се во образование или обука (NEET) во 2022 година забележа повторно подобрување. Ограничен напредок е постигнат во унапредување на работата и услугите на АВРСМ, која продолжи да ги спроведува започнатите реформи-Гаранцијата за млади и активација на корисниците на гарантирана минимална помош. Сепак, сите индикатори поврзани со Гаранцијата на младите и учеството на младите во активните мерки за вработување на годишно ниво се натфрлени. Бројот на млади лица вклучени во Гаранцијата за млади во 2022 бележи пораст од 4 проценти во споредба со 2021, а истовремено пораснал и уделот на лицата што добиле понуда во период од четири месеци. Благо влошување има кај индикаторот за опфат на млади лица (15-29) со програми, мерки услуги за вработување, во рамки на годишните Оперативни планови, но сепак е надминат таргетот предвиден за 2022 година.

На македонскиот пазар на труд постои родов јаз во поглед на учеството и вработеноста на мажите и жените. Стапката на вработеност кај жените (38.8%) е пониска од таа кај мажите (55.9%), додека само 44.3% од работоспособните жени во земјава се активни, за разлика од 66.3% од мажите. Во 2022 година, се усвои Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027, со која се воспостави сеопфатна рамка со активности за унапредување на родовата еднаквост и унапредување на статусот на жените. При имплементацијата на програмите и мерките за вработување, како и услугите на пазарот на трудот, се почитува принципот на правична и адекватна застапеност на полова основа. Неповратна финансиска поддршка била обезбедена и за поддршка за женско претприемништво во туризмот и во земјоделството.

Во подготовка е Програма за поддршка на социјалната сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност за 2023 година (усвоена во февруари 2023). Со Програмата, за прв пат, се остварува правото на користење на надоместок за мајчинство на жените земјоделки, за време на спреченост на вршење земјоделска дејност поради раѓање, право кое не е опфатено со

прописите за платено породилно отсуство од областа на работните односи на вршителките не земјоделска дејност.

Министерството за труд и социјална политика продолжи да инвестира во проширување на националните капацитети за предучилишно образование и згрижување. Продолжија и активностите за развој на сервиси за грижа на стари и изнемоштени лица, како што се услуги за нега и грижа во домот, персонална асистенција, отворање на резиденцијални установи за стари лица, итн.

Во 2022 година неформалната вработеност како удел во вкупната вработеност се позиционираше на 12.2%, скоро исто како и претходната година, и со остварување на целната вредност за 2022 од 16.5%. Пандемијата донесе потреба за почесто пријавување на неформалната работа, веројатно за да овие работници искористат од владините мерки во време на Ковид-19, пришто таа формализација до денес е генерално одржана. Се разработија елементите на моделот за поедноставено пријавување на привремените и повремените ангажмани и сезонската работа во дејности кои се најчесто склони кон неформални работни места, кои треба да се преточат во посебно законско решение.

Во однос на унапредувањето на квалитетот на работата и услугите на јавната служба за вработување, напредокот е побавен од планираното. На пример, подобрени се физичките услови во центрите за вработување - беа реновирани вкупно пет центри за вработување. Од друга страна, побавен е растот на обемот на обуки за вработените во АВРСМ. Намален е и бројот на невработени за кои е изготвен ИПВ-2 (потешко вработливи лица). Сепак, воспоставена е солидна соработка помеѓу центрите за вработување и центрите за социјална работа, посебно за усогласување на процедурите за селекција на лица корисници на гарантирана минимална помош. Во 2022 година беше зголемен и бројот на барања за посредување при вработување од работодавачите.

**Во однос на зајакнување на социјалниот дијалог и унапредување на колективното договарање,** може да се каже дека целните вредности на индикаторите се постигнати. Кај стапката на покриеност со колективно договарање на ниво на работодавач забележан е понатамошен напредок во споредба со 2020 и 2021 и таргетот за 2022 е надминат. Забележано е изголемување на бројот на колективни договори на ниво на работодавач. Исто така, механизмот за следење на препораките на Економско-социјалниот совет и редовно следење на бројот на мислења/препораки упатени до Владата на РСМ е функционален, потврдувајќи ја важноста на ЕСС при носењето на економски политики и политики на пазарот на трудот.

## Приоритетна област 2: Човечки капитал и вештини

Приоритетната област „Човечки капитал и вештини“ вклучува три специфични цели: обезбедување квалитетно инклузивно образование и еднаков пристап до образование за сите; имплементацијата на Националната рамка за квалификации – основа за осигурување квалитет во системот за образование; и обука и зајакнување на вработливоста на работната сила и градење флексибилни патишта за доживотно учење. Напредок е постигнат во трите специфични цели. И понатаму предизвик останува исполнувањето на целта за вклученост во доживотно учење кој е под таргетираната вредност.

Напредокот во оваа стратешка цел се мери преку насловниот индикатор Индекс на човеков развој. Сè уште не е достапна вредноста за индикаторот во 2022 година, но тренд на пад на овој индикатор започна во 2020 и продолжи во 2021 година, што е забележано и кај другите земји и се поврзува со пандемијата.

Во сегментот на обезбедување квалитетно инклузивно образование и еднаков пристап до образование за сите, постигнат е напредок во однос на таргетот на лица кои рано го напуштаат образованието, иако се забележува влошување во однос на 2021. Мало влошување 2021 се бележи и кај уделот на лицата на возраст 30-34 години кои имаат завршено високо образование, додека кај стапката на ученици со посебни потреби вклучени во редовното основно и средно образование има подобрување.

Во текот на 2022 година постигнат е напредок во инклузијата на децата од маргинализираните групи, пред сè во основното образование. Во наставата продолжија да се применуваат прилагодените наставни програми, за деца кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница. Образовните медијатори работеа во насока на информирање и поддршка на семејствата и родителите/старателите за упис на ученици Роми во прво одделение. Средствата за услугата образовна асистенција во Буџетот на МОН за 2022 година се зголемија. Во насока на поддршка на учениците со попречност во редовната настава, зголемен е бројот на ангажирани образовни асистенти. Во 2022 реновирани се 16 училишта во насока на обезбедување на услови за инклузија на ученици со физичка попреченост.

Значителен напредок е постигнат и кон подобрување на интеграцијата и интеракцијата помеѓу ученици кои следат настава на различен јазик. Во учебната 2022/2023 доделени се грантови за реализација на активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција и толеранција во основните и средните училишта. Донесени се и стандарди за интеркултурно образование во средно образование.

Продолжи етапно да се имплементира новата Концепција за основно образование (за учениците во второ и петто одделение) од учебната 2022/2023 г. Изработени се нови учебници за прво, второ, четврто и петто одделение, согласно новите наставни програми. Во учебната 2022/2023 обезбедени се бесплатни учебници за сите ученици во основните и средните училишта.

Во 2022 година се надгради регистарот на квалификации со модул за регистар на стандарди на занимање и модул за ревизија на стандард на занимање, но опсерваторијата на вештини иако е изработена сè уште не е функционална.

Во 2022 година понатамошен напредок и надминување на предвидениот таргет е постигнат во однос на учество на учениците во средните стручни училишта во вкупниот број ученици во средно образование. Учеството во доживотното учење е со благо подобрување но сè уште е под таргетот, додека одличен напредок е забележан кај стапката на вработеност на лица (20–34 год.) кои неодамна завршиле средно или високо образование.

Во учебната 2022/2023 започнаа да се применуваат новите модуларни наставни планови и програми (во кои е вклучено и учење преку работа) за четврта година, со што целосно е имплементирана реформата на средното стручно образование.

Уписната политика за учебната 2022-2023 е креирана преку социјалниот дијалог „Учи паметно, работи стручно“ кој резултираше со отворање на 223 дуални паралелки, што е двојно повеќе од учебната 2021/2022 кога беа отворени 97 (учебната 2020/2021 имаше 11). Изготвен е нов Закон за образование на возрасни, со кој се уредува постапката за валидација на неформално и информално учење, и истиот е доставен во владина процедура на усвојување.

## Приоритетна област 3: Социјална инклузија и социјална заштита

Оваа стратешка цел вклучува шест специфични цели: зголемување на ефикасноста и ефективноста на системот на социјална помош; подобрување на достапноста на социјалните услуги; поддршка и унапредување на деинституционализацијата; унапредување на социјалната инклузија на Ромите; справување со клучните предизвици во делот на одржливоста на пензискиот систем; справување со клучните предизвици во областа на здравствениот систем и здравствената заштита на населението. Напредок е постигнат во рамки на сите овие цели, со тоа што потребни се поголеми напори за да се постигнат поставените таргети, особено во областа на унапредување на социјалната инклузија на Ромите (посебно во делот на домување).

Владата на Република Северна Македонија усвои Национална програма за развој на социјалната заштита 2022-2032 година, документ која претставува основа за остварување на клучните стратешки правци на развојот на социјалната заштита во претстојниот период - развој на одржлив, адаптибилен и ефективен систем на социјална заштита заснован на партиципативност и воден од потребите на корисникот заради негово зајакнување и оспособување за независен, продуктивен и активен живот.

Во поглед на ефикасноста на системот за социјална помош, достапните индикаторите покажуваат извесен напредок, односно пораст на покриеноста на домаќинствата со програмите за заштита на децата и постарите лица над 65 години. Позначајно влијание врз сиромаштијата има само кај постарите лица. Енергетската криза и ценовните шокови несразмерно повеќе ги погодија семејствата со повеќе деца и со пониски приходи, со оглед на поголемиот удел на трошоците за храна и енергија во нивниот домашен буџет. Според најновото истражување поддржано од УНИЦЕФ, околу 33 000 лица, од кои 10 000 деца, се втурнати под прагот на сиромаштијата заради кризата со храна и енергија.

Сепак, во 2022 бројот на корисници на ГМП е намален за 700 корисници во споредба со 2021, поради престанувањето на важењето на релаксираните критериуми кои беа воведени во време на пандемијата, додека опфатот на лица над 65 годишна возраст кои го користат правото на социјална сигурност забележа благо зголемување.

Минатата година беа преземени дополнителни мерки што беа насочени кон поранливите групи на население со  цел да се ублажат последиците од економско-енергетската криза и силниот раст и голема променливост на цените на примарните енергетски и неенергетски производи предизвикана од ескалацијата на руско-украинскиот конфликт. Според истражувањето поддржано од УНИЦЕФ, мерките на Владата го ублажиле ударот од кризата.

Со цел подобрување на достапноста на социјалните услуги, во 2022 беа воспоставени совети во сите 8 плански региони и во сите општини. Се зголеми и бројот на лиценцирани нејавни даватели на услуги. Како потврда на заложбите за натамошен развој на услугите, во Буџетот на Министерството за труд и социјална политика за 2023 година, за финансирање на социјални услуги е обезбеден значително поголем контингент средства споредено со претходната година.

Со цел поддршка и унапредување на деинституционализацијата**,** во 2022 година се воспостави 11 станбени единици за 55 корисници и со тоа вкупно 265 лица се сместени во станбени единици за живеење со поддршка, со што е надминат таргетот за 2022. На крајот од 2022 година, 145 лица сè уште живеат во резиденцијалните установи за социјална заштита кои треба да го сменат својот облик на заштита и да продолжат да живеат во услугата живеење со поддршка.

Во однос на унапредувањето на социјалната инклузија на Ромите, напредок се забележува кај вклученоста на Роми во активните програми и мерки за вработување, но учеството на Ромите во вкупниот број на регистрирани невработени лица во АВРСМ бележи благо влошување. Напредок во споредба со претходната година има и кај вклученоста на ромски деца во претшколско образование, но таа сè уште е под нивото од годините пред пандемијата и е далеку под таргетот за 2022 година. Потребен е и натамошен напор за подобрување на состојбите со средното и високото образование на Ромите. Напредок покажува стапката на премин на ученици Роми од основно во средно, но процентот на ученици Роми кои успешно го завршуваат основното образование се намалил во споредба со претходната година. Добар напредок има кај поддржаните проекти на општините за комунална инфраструктура. Но, сè уште нема позначајни промени кај останатите индикатори во доменот на домување на Ромите и тука се потребни потаргетирани мерки и системски пристап.

Двата индикатори во доменот на пензиските финансии бележат подобрување во споредба со 2021, но таргетите поставени за нив во оваа програма не се оствarија. Забележливо е стагнирање на изворните приходи на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и уделот на просечната пензија во просечната плата, што е одраз на отсуството на посистемска промена кај пензискиот систем во периодот по усвојување на програмата, а по зголемувањето на стапките на социјалните придонеси и корекциите на заменските стапки во 2019 година. За заштита на стандардот на корисниците на пензија, се измени методологијата за редовното усогласување на пензиите. Исто така, Владата во два наврати во 2022 усвои пакети еднократна финансиска помош за пензионерите, а со цел  одржување на стандардот на корисниците на пензија и ублажување на последиците кои предизвикаа ценовен шок. Во завршна фаза е подготовката на текстот на посебен Закон за централизирано тело за вештачење на инвалидност односно неспособност за работа и Национална методологија за проценка на

попреченост, а изготвен е и нов Закон за вработување и професионална рехабилитација на лица со попреченост.

Во областа на здравствениот систем, стапката на доенечка смртност во 2021 забележа подобрување, додека податоците за 2022 се уште не се достапни. Во однос на интегрираниот здравствен информатички систем „Мој термин“, во 2022 беше извршена надградба со шест нови модули. Во текот на 2022 година успешно функционираше Центарот за епидемиолошко следење и управување со здравствени кризи за 24/7 следење на состојбата со ковид-19.

# 2. ЕКОНОМСКО-СОЦИЈАЛЕН КОНТЕКСТ И СОСТОЈБИ

Македонската економија беше погодена од пандемиската криза во 2020 година, на која се надоврза кризата со цените на храната и енергијата во 2022 година. До пандемиската 2020 година, економијата бележеше солидни стапки на раст кои гравитираа околу потенцијалниот раст (Графикон 1). Со почетокот на пандемијата во март 2020 година и широкопојасните затворања, економијата искуси драматичен пад од 14.7% во вториот квартал од 2020 година, но целата година се заврши со пад од 4.7%, за што во голема мера помогнаа неколкуте последователни пакети мерки на владата кои имаа за цел да го заштитат доходот и работните места на населението и компаниите. Економијата започна да закрепнува во текот на 2021 година, првенствено како резултат на почетокот на масовната имунизација која започна во мај 2021, но и како последица на севкупното попуштање на пандемиските стеги. Сепак, закрепнувањето не одеше како што првично се очекуваше, главно како резултат на глобалните фактори кои детерминираа сеуште тесни грла во синџирите на снабдување, а во значајна мера одредени од политиката за нулти-Ковид од Кина. Целата 2021 година се заврши со раст од 3.9%, што значи дека до крајот на годината економијата не беше сеуште на претпандемиското ниво.

**Графикон 1 – Реален раст на БДП**




*Извор: Државен завод за статистика*

Како резултат на глобалните застои во трговските канали, но и како последица на зелената транзиција во Европа која започна порано и наметнуваше засилен премин кон производство на електрична енергија од обновливи извори – ветер и сонце, настанаа дисбаланси во понудата и побарувачката на енергенти во Европа, како и на некои примарни производи како маслата за јадење, со што нивните цени на глобалниот пазар, а оттука и директно на македонскиот пазар, започнаа да растат во втората половина од 2021 година. Трошоците на живот порасна за 3.2% во 2021 во однос на 2020 година, навидум релативно мал раст, но значително поголем од стапките кои ги набљудувавме во претходната деценија а кои се движеа од 0% до 2% (дури и благо негативни во некои години).

Ништо не можеше да го предвиди она што следуваше во февруари 2022 со избувнување на руско-украинскиот конфликт, настан што дотогаш се чинеше незамислив по Втората светска војна на европско тло. Конфликтот кој трае до ден-денешен предизвика дисторзија најпрво на финансиските пазари, а потоа и на пазарите на добра и услуги. Како одговор на нападот, западните сојузници воведоа санкции врз Руската федерација, чија цел беше отсекување на

нејзините трговски и финансиски врски со Европа и западниот блок. Русија беше доминантен извозник на енергенси во Европа, а клучни економии како германската беа особено зависни од рускиот гас. Русија беше и голем производител на базични производи за храна, како на пример житарки, како и на некои важни метали како паладиум, никел и кадмиум. Со конфликтот и воведените санкции, дел од понудата на овие производи на Европскиот и западноевропскиот пазар ја снема, поради што цените доживеаја нагол и остар раст.

Ценовните нарушувања и острите растови директно се пренесоа во нашата економија, поради што цените во 2022 пораснаа за 14.2%, со кулминација во ноември од 19.8%, стапки кои не се видени од 1990-тите години и кои се непознати за многу тековни генерации (Графикон 2). Во втората половина од 2022 поинтензивно започна да се чувствува и влијанието на трговскиот канал, односно намалената надворешна побарувачка, што се пренесе врз забавување на нашиот извоз и увоз, и особено во четвртиот квартал кога економијата порасна само за 0.6%. Целата 2022 се заврши во раст од 2.1%, кој е приближно половина од потенцијалниот раст, односно од растот кој се проектираше во отсуство на конфликтот во Украина.

**Графикон 2 – Трошоци на живот**




*Извор: Државен завод за статистика*

Сепак, на самиот крај од 2022 година, изгледите за економиите станаа нешто поповолни. Прво, централните банки, вклучително и Народната банка на Република Северна Македонија, започнаа да ги зголемуваат основните каматни стапки уште од април 2022 година, иако шокот беше на страната на понудата. Сепак, целта беше да се управува со инфлациските очекувања, со цел тие да не се вкотват на начин кој ќе оневозможи каматните стапки да се намалат и тогаш кога глобалните притисоци ќе ги снема. Фискалните власти, пак, презедоа низа чекори со кои се контролираше цената на струјата (особено за домаќинствата и малите потрошувачи), цената на некои основни прехранбени производи, додека се поддржа доходот на сиромашните и ранливите сегменти од населението. Инфлацискиот притисок почна благо да се намалува почнувајќи од декември 2022 година, но изгледите за 2023 година се сеуште ризични, главно поради пренесување на ефектите од ценовните притисоци врз пошироката потрошувачка кошничка и евентуални ефекти врз инфлацијата од одредени политики и од

зголемената побарувачка во некои сегменти (на пример, сегментот за туризам). Моменталните проекции се дека економијата во 2023 ќе порасне на сличен начин како во 2022, со проектирана стапка на раст на БДП која се движи меѓу 2% и 2.5%, досека проектираната стапка на инфлација е меѓу 7% и 9%.

Фискалниот простор беше значајно употребен во текот на пандемијата, со остварен буџетски дефицит од 8.1%, по што следуваше блага фискална консолдација која беше начелно задржана и покрај притисоците на кризата со храна и енергија во 2022 година (Графикон 3). Јавниот долг, кој во периодот 2007-2017 се зголеми двојно во релативна смисла (од околу 23% на околу 49% од БДП), се задржа стабилен во годините пред пандемијата, но потоа нагло порасна – како и кај најголем дел од земјите во светот – на 60.2% од БДП на крајот од 2020 година, потоа на 60.8% на крајот од 2021 година, по што се намали на 57.1% на крајот од 2022 година. Големиот раст на буџетскиот дефицит во 2020 година настана како последица на пандемијата, односно зголемените потреби за финансирање на здравствениот систем и за поддршка на граѓаните и компаниите преку повеќето пакети владини мерки чија вредност владата ја процени на околу 860 милиони ЕУР. Потоа, намалувањето од 2022 година, во најголема мера се должеше на номиналните ефекти од порастот на цените, односно порастот на номиналниот БДП поради тоа.

**Графикон 3 – Буџетско салдо како % од БДП**




*Извор: Министерство за финансии.*

И покрај повеќеслојната криза по 2019 година, пазарот на труд забележа релативно поволни тенденции (Графикон 4). Дури и во пандемиската 2020 година, невработеноста продолжи да се намалува до 16.4% од претходните 17.3%, додека во 2022 година падот продолжи до 14.4% што е историски најниска стапка на невработеност од осамостојувањето, но споредено и со периодот во рамки на СФРЈ. Во пандемиската година, падот на невработеноста е резултат на обемната владина поддршка преку мерката „14.500 МКД по работник“ со која ефективно се овозможи фирмите кои искусија пад на прометот во обем поголем од 30% од вообичаениот промет (пред пандемијата) да добијат субвенција која беше повратна само во случај фирмата да остварила профит во истата година, и со обврска да го задржи работникот на работа. Со таа мерка беа спасени околу 80.000 работни места, според пресметките на Владата. Сепак, вработеноста во 2019 стагнираше, поради втората главна карактеристика на пандемискиот и пост-пандемискиот пазар на труд – пасивизацијата на активното население. Првенствено поради пандемијата, лицата кои губеа работа или кои беа активни баратели започнаа да се обесхрабруваат, поради што активното население се намали, што дава објаснување за падот на невработеноста во голема мера. Сепак, треба да се забележи дека во целиот пост-пандемиски период, притисокот на пазарот на труд се зголеми во однос на потребата од квалификувани работници.

Графикон 4 – Движења на пазарот на труд







*Извор: Државен завод за статистика*

Во однос на образовните индикатори, Северна Македонија бележи континуирано подобрување (особено оние за младата популација) и се повеќе се приближува па дури и ги надминува земјите на ЕУ. Во 2022 година учеството на младите на возраст од 30 до 34 години со завршено високо образование во Северна Македонија бележи благо влошување на 35.7% споредено со 2021, но сепак се доближува до учеството на младите од ЕУ (41.6% во 2021).[i] И покрај овој напредок во образовните индикатори, сè уште е голем уделот на млади на возраст од 15-29 години во Северна Македонија кои не се ниту во образование ниту работат (NEET стапка), односно 22.8% (споредено со 24.3% во 2021), што е речиси двојно од просекот на ЕУ-27 (13.1% во 2021). Северна Македонија заостанува зад ЕУ и во индикаторите кои го мерат преминот од образование кон пазар на труд (или вработување). На пример, во 2021 година, 78.7% од младите (20-34) во ЕУ биле вработени 1-3 години по завршување на образованието, што е случај со 60.2% од младите во Северна Македонија во 2022. Човековиот капитал кој нашироко се дефинира како збир од образованието, вештините и здравствената состојба на граѓаните бележеше континуиран напредок во последните две децении, но беше прекинат од пандемиската криза, со што неговото ниво се врати на нивото пред 2017 (Табела 1).

**Табела 1 – Индекс за човеков развој**

| 2000 | 2005 | 2010 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 0.675 | 0.699 | 0.738 | 0.762 | 0.767 | 0.773 | 0.779 | 0.784 | 0.774 | 0.770 |

*Извор: UNDP.*

Поволните движења на пазарот на труд беа проследени и со пораст на платите. Според Графикон 5, во 2022 година, просечната нето плата се доближи до 32 000 МКД, без да искуси пад дури ни во пандемиската 2020 година. Причините за порастот на просечната плата низ последните кризни години се повеќе кратни, и тоа: субвенционирањето на растот на платите во ранг од 600 до 6000 МКД во периодот од декември 2019 до ноември 2022 година, намалувањето на невработеноста и се поинтензивниот недостиг од квалификувана работна сила која прифаќа вработување, интензивниот раст на одредени пропулзивни сектори како ИТ секторот, и секако растот на минималната плата.

**Графикон 5 – Вкупно просечна исплатена месечна нето-плата**




*Извор: ДЗС.*

Од иницијалниот износ од 8050 МКД во 2012 година кога за првпат беше воведена, минималната плата се искачи на 18 000 МКД во 2022 година (Графикон 6). Во текот на пандемиската година, затекнатиот износ од 14 500 МКД беше замрзнат и служеше како референтна точка за одредување на висината на клучната владина мерка за задржување на работните места, но само за кратко, односно до јуни 2020 кога се овозможи законското усогласување, со што минималната плата порасна на 14 932 МКД. Во март 2021 година, повторно настана законското усогласување на 15 194 МКД, а почнувајќи од март 2022 година на 18 000 МКД. Последното зголемување од 15 194 на 18 000 МКД беше значително, скоро 20%, и беше постигнато по напорни преговори меѓу работодавачите и синдикатите, а со голема вклученост на владата.

**Графикон 6 – Минимална плата во Северна Македонија**




*Извор: Министерство за труд и социјална политика*

Стапката на релативна сиромаштија се задржа скоро на истото ниво во 2020 како и претходната година, но благиот тренд на пад кој постоеше претходно беше запрен. Релативната сиромаштија сред пандемиска криза беше задржана поради владините мерки кои целеа кон директна поддршка на доходот, но и поради начинот на кој таа се пресметува (односно се намали и медијалниот доход во однос на кој лицата се класифицираат како сиромашни или не) (Графикон 7, лево). По 2020, податоци за сиромаштијата не се објавени, но последните симулации укажуваат дека и релативната и апсолутната сиромаштија ќе забележат влошување во 2022 година, кога и куповната моќ на населението значајно се намали со растечките цени, додека дел од доходите забележаа номинален пораст кој главно беше недоволен за да ја компензира загубата на куповна моќ. Гледано структурно (Графикон 7, десно), состојбата со сиромаштијата е најкритична кај многудетите домаќинства (45.6 %) и кај самохраните родители (41.6%), додека во најповолна позиција се самечките домаќинства, структура во која нема особени промени споредено со поранешните години.

**Графикон 7 – Стапка и структура на сиромаштијата**




*Извор: ДЗС.*

Трендот на намалување на доходната нееднаквост, исто така беше запрен со пандемијата (

**Графикон 8**). Двата индикатора за нерамномерната распределба на приходите, Gini коефициентот и индикаторот S80/S20 (кој го прикажува соодносот помеѓу доходите на највисоките и најниските 20 проценти од домаќинствата) забележаа благо зголемување во 2020 година, но повторно зголемувањето не е алармантно како резултат на владините мерки во текот на пандемијата, од кој поголем дел беа насочени кон помош на сегментите од населението и економските сектори кои беа најпогодени од пандемијата, односно оние кои се соочуваат со најголем ризик од запаѓање под линијата на сиромаштијата.

**Графикон 8 – Нерамномерна распределба на приходите**




*Извор: ДЗС.*

# 3. НАПРЕДОК ВО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ЦЕЛИТЕ НА ЕСРП 2022

Овој дел од извештајот содржи информации за напредокот за секоја цел и за напредокот во постигнување на целните вредности на индикаторите. Деталите за остварениот напредок по мерки/активности и предизвиците во спроведувањето на активностите се презентирани во Анексот 1 на извештајот. Во Анексот 2 е даден збирен приказ на напредокот по индикатори.

## ПАЗАР НА ТРУД И ВРАБОТУВАЊЕ

Во однос на насловните индикатори за оваа стратешка цел, таргетите се скоро остварени кај индикаторите стапката на вработеност на жените и стапка на вработеност на младите, додека стапката на вработеност (вкупна) и стапката на вработеност на мажите забележуваат стагнација. Сите четири индикатори бележат напредок во однос на 2018 (почетна година во Програмата), но потребен е дополнителен напредок за постигнување на таргетите за 2022 година, особено кај стапката за вработеност на мажите. Сепак, како што елаборираме во секцијата 2, пазарот на труд беше под влијание на пандемијата особено во делот на вработувањето, пришто пасивизацијата беше поизразена кај мажите со оглед дека тие имаа и значајно повисока стапка на учество на пазарот на труд од жените.

| ПАЗАР НА ТРУД И ВРАБОТУВАЊЕ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Насловен индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2022 план |
| **Стапка на вработеност (15+) (%)** | 45.1 | 47.3 | 47.2 | 47.2 | 47.3 | 48.5 |
| Стапка на вработеност (15+) - МАЖИ (%) | 54.4 | 56.6 | 55.9 | 56.2 | 55.9 | 58.7 |
| Стапка на вработеност (15+) - ЖЕНИ (%) | 35.8 | 38.1 | 38.4 | 38.3 | 38.8 | 39.0 |
| **Стапка на вработеност на млади лица (15-29) (%)** | 30.9 | 34.4 | 33.5 | 33.4 | 34.4 | 34.5 |

### 3.1.1. ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА СО НЕВРАБОТЕНОСТА, ОСОБЕНО КАЈ НАЈРАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ ЛИЦА (МЛАДИ, ДОЛГОРОЧНО НЕВРАБОТЕНИ И ДРУГИ)

ЕСРП поставува вкупно 10 индикатори за мерење на подобрувањето на состојбата со невработеноста, особено кај најранливите категории лица (млади, долгорочно невработени и други). И покрај ценовната и енергетска криза во 2022 година, главните индикатори на пазарот на труд се подобрени. Забележливо е што стапките на вработеност за возрасната група 20-64 сите забелжуваат подобрување и надминување на поставениот таргет, додека стапката на невработеност 15+ и стапката на долгорочна невработеност се намалија и се доближија до таргетот, иако не го постигнаа. Индикаторот за NEET кој во 2020 година покажа одредено влошување, во 2022 година има повторно подобрување односно процентуално намалување на стапката на млади лица кои не се вработени, ниту во образование или обука. Благо влошување има кај индикаторот за опфат на млади лица (15-29) со програми, мерки услуги за вработување, во рамки на годишните оперативни планови, но сепак е надминат таргетот предвиден за 2022 година.

Таргетот за 2022 е надминат кај индикаторите што се однесуваат на Гаранцијата на млади и за опфатот на млади лица (15-29) со програми, мерки и услуги за вработување. Постои потреба за подобрувања и кај вкупниот број лица вклучени во различните услуги на пазарот на труд и активни програми и мерки за вработување и процентот на невработени лица – корисници на права од Центрите за социјални работи (ГМП), во однос на вкупниот број на учесници во активните програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот.

| Индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | | 2022 план |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Стапка на вработеност (20 - 64) (%) | 56.1 | 59.2 | 59.1 | 59.5 | 61.8 | | 59.8 |
| Стапка на вработеност (20 - 64) - МАЖИ (%) | 66.6 | 69.7 | 68.9 | 69.5 | 71.8 | | 70.4 |
| Стапка на вработеност (20 - 64) - ЖЕНИ (%) | 45.2 | 48.4 | 49.0 | 49.2 | 51.7 | | 48.9 |
| Стапка на невработеност (15+) (%) | 20.7 | 17.3 | 16.4 | 15.7 | 14.4 | | 14.0 |
| Стапка на невработеност на млади лица (15-29) (%) | 37.0 | 30.5 | 29.6 | 27.6 | 25.2 | | 30.5 |
| Стапка на долгорочна невработеност (%) | 15.5 | 13.1 | 12.4 | 12.5 | 11.5 | | 11.0 |
| Стапка на млади лица кои не се вработени, ниту во образование или обука (NEET, 15-29) | 29.8 | 24.5 | 26.2 | 24.3 | 22.8 | | 22.9 |
| Вкупен број лица вклучени во различните услуги на пазарот на труд и активни програми и мерки за вработување | 117 347 | 7598 во активни мерки<br>115 836 во услуги | 10 953 во активни мерки 57 087 во услуги | 11 292 во активни мерки 75 175 во услуги | 11 505 во активни мерки 46 951 во услуги | | Мин.60 000 годишно |
| Опфат на млади лица (15-29) со програми, мерки услуги за вработување, во рамки на годишните Оперативни планови | 38.8% | 56.45% во активни мерки<br>38.34 % во услуги | 66.8% во активни мерки 35.5 % во услуги | 66.5% во активни мерки 29.3 % во услуги | 65.7% во активни мерки 23.4 % во услуги | | Мин. 30% |
| Сите млади лица кои што првпат се пријавуваат во АВРСМ се профилирани рано, т.е. во текот на првиот месец од периодот на невработеност | √ | √ | √ | √ | √ | | √ |
| Број на млади вклучени (регистрирани) во Гаранцијата за млади | : | 20 302 | 25 502 | 19 322 | 20 185 | | Мин. 10 000 |
| % од младите вклучени во Гаранцијата за млади, кои во период од четири месеци по вклучувањето во ГМ имале успешен излез (или се вработиле или се вклучиле во одредена обука или друга активна мерка) | : | 35% | 35% | 41%. | 43% | | Мин. 30% |
| Процент на невработени лица – корисници на права од Центрите за социјални работи (ГМП), во однос на вкупниот број на учесници во активните програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот | : | 5.4 % во активни мерки<br>24.3% во услуги | 3.5 % во активни мерки 16.6% во услуги | 6.5 % во активни мерки 17.6% во услуги | 5.4 % во активни мерки 22 % во услуги (10 676) | | 30% |
| Процент на евидентирани вработувања на лица со инвалидност во отвореното стопанство, во однос на вработувањата во заштитни друштва | 69% | 73.9% | 71.3% | 61.89% | 67.3% | | >60% |

### 3.1.1.1. Цел: Подобрување на вработеноста на младите и промовирање на повеќе и подобри работни места за младите лица

Сите индикатори во ЕСРП поврзани со Гаранцијата на младите и учеството на младите во активните мерки за вработување на годишно ниво се натфрлени. Бројот на млади лица вклучени во Гаранцијата за млади во 2022 бележи пораст од 4 проценти во споредба со 2021, а истовремено порасна и уделот на лицата што добиле понуда во период од четири месеци.

Во **Гаранцијата за млади** за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година беа вклучени **20 185 млади невработени лица (10 315 жени)**, од кои 7419 се вработиле, а 1287 лица биле вклучени во некоја од активните мерки за вработување кои имаат за цел да ја зголемуваат вработливоста на младите лица. Според тоа, **успешноста на Гаранција за млади на национално ниво изнесува 43%.** Од вкупниот број лица кои се вработиле, 614 лица биле вработени преку посредување при вработување, 965 биле вработени преку некоја од активните мерки за вработување, а 150 се основачи или управители.

Од вкупниот број на лица кои се вработиле преку активни мерки за вработување, најголем дел се вработиле преку учество во мерката Субвенционирано вработување (738 лица), и во мерката Финансиска поддршка за создавање нови работни места (179 лица). Од 1237 невработени лица кои биле вклучени во некоја од активните мерки кои не водат кон директно вработување, најголемо учество младите лица имале во програмата Практикантство (1063 лица).

Од вкупниот број млади лица вклучени во гаранцијата за млади, 25.2% се со основно образование, 54.3% се со завршено средно образование и 20.5% се со високо образование. Со Гаранцијата за млади биле опфатени околу 22.1% од младите што не се вработени, што не се во образование или обука (НЕЕТ) споредено со 2021, кога опфатот бил 20.6%.

Стратегиите за активирање се важен инструмент за поддршка на интегрирањето на младите лица на пазарот на трудот и нивните основни составни елементи (помош при барање работа, услуги за советување и насочување, изготвување индивидуални планови за вработување, следење и санкционирање) се вклучени во Гаранцијата за млади. Лицата кои биле вклучени во Гаранцијата за млади се вклучувале во услугите кои ги нуди АВРСМ: 3018 лица биле вклучени во некоја од услугите за вработување.

Притоа, спроведено е кариерно советување за 175 лица, профилирани се 1011 лица, изработени се вкупно 1248 индивидуални планови за вработување (од кои 138 ИПВ 2 за тешко вработливи лица).

Опфатот на млади лица (15-29) со програми, мерки и услуги за вработување, во рамки на годишниот Оперативен план достигна 65.7% за активни мерки и 23.4% за услуги на пазарот на трудот.

Во 2022 година, по двегодишен прекин, се спроведуваа и теренските активности од страна на младинските организации, при што повеќе од 5000 млади лица добија информација за Гаранцијата за млади и 2400 млади луѓе од категоријата NEET беа регистрирани во АВРСМ како активни баратели на работа. Исто така, 1141 локални бизниси беа информирани за Гаранцијата за млади.

Кон крајот на 2022 година, АВРСМ направи адаптација на системот за следење на Гаранцијата за млади согласно со рамката за индикатори од Европскиот комитет за вработување (ЕМКО).

Се изработи нов план за имплементација на ГМ 2023-2026, што се темели на резултатите и искуствата од спроведувањето на ГМ, како и на препораките и насоките на Европската комисија.

### 3.1.1.2. Цел: Намалување на невработеноста на долгорочно невработените и лицата од останатите ранливи групи

Се имплементираше Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд за 2022 година (со вклучена Гаранција за млади). **Реализацијата на сите**

**активни програми и мерки за вработување за 2022 година изнесува повеќе од 75%** (планирани 15 342, вклучени 11 505 лица).

Постигнати се следните резултати:

- 2001 лица беа вработени со програмата за поддршка на самовработување;
- 2106 лица се вработени во програмите за субвенционирано вработување, вработување и раст на правни субјекти;
- 126 лица беа вработени со програмата за поддршка за вработување на лица со попреченост;
- 834 невработени лица беа вклучени во различните програми и мерки за обука;
- 1658 невработени беа вклучени во програмата за практикантство;
- 616 невработени лица беа вклучени во програмата за работи во заедницата (Општинско корисна работа);
- 569 невработени лица беа ангажирани во програмата за јавни работи;
- 3550 млади лица беа подржани преку програмата за младински додаток;
- 45 лица беа подржани преку пилот мерката за креирање нови работни места преку зелени инвестиции

Во однос на услугите за вработување, во 2022 година беа обезбедени следните услуги:

- 31 229 лица добиле услуга за помош при барање работа;
- 383 невработени лица биле вклучени во мотивациски обуки;
- 983 невработени лица користеле обуки за Подготовка за вработување и за работа како и Професионална ориентација и кариерно советување;
- 2008 лица ја користеле услугата Активација на невработени Роми и други лица во ризик од социјално исклучување;
- 349 невработени корисници на гарантирана минимална помош користеле услуги на советување и мотивација (СИМ);
- 20 невработени лица биле вклучени во спроведувањето на Анкетата за потреби од вештини на пазарот на трудот.

Паралелно продолжија и активностите за активација и вклучување на ранливите групи на пазарот на трудот, особено на социјално загрозените корисници, т.е. на корисниците на гарантирана минимална помош, преку нивно вклучување во специјализирани услуги (менторство, психосоцијална поддршка) и програми за развој на вештини. Процесот на активација се спроведува со финансика поддршка од Инструментот за претпристапна помош (ИПА II), преку проектот „Активација на ранливи групи на пазарот на трудот“. Во 2022 година во активните програми и мерки за вработување на проектот беа вклучени вкупно 137 лица, а во услугите за вработување (СИМ програма) беа вклучени 349 лица, корисници на гарантирана минимална помош.

Процентот на невработени лица – корисници на права од Центрите за социјални работи, во однос на вкупниот број на учесници во активните програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот од 5,4 % во активни мерки и 22% во услуги бележи раст во споредба со претходните години, но и понатаму е под очекувањата, односно под годишниот таргет од 30%.

Како што е нотирано и во претходниот извештај, слабата активација е резултат на институционални предизвици, понатаму дестимулатори својствени на самиот систем за социјална заштита, можности за дополнителна заработка од неформална работа, обесхрабрување и семејна динамика кај корисниците на ГМП. Се разгледуваат можни решенија во доменот на неформалната работа и социјалното претприемништво за надминување на дел од предизвиците. Така, подготвениот предлог Закон за социјални претпријатија со кој би се уредило стекнувањето статус на социјално претпријатие и обезбедување техничка и финансиска поддршка, меѓудругото ќе го регулира прашањето на социјална и работна интеграција на лицата во ризик во посебна форма на социјални претпријатија.

Што се однесува до **вклучување на лицата со попреченост на пазарот на труд,** со средства од Посебниот фонд беше субвенционирано вработување на 137 лица со попреченост. 67.3% од

евидентираните вработувања на лица со инвалидност се во отвореното стопанство (а не во т.н. заштитни друштва), што претставува позитивна промена во споредба со 2021 и е над годишниот таргет од 60%. Со услугите за професионална рехабилитација и вклучување на пазарот на труд на лица со попреченост вкупно беа опфатени 146 лица, од кои 52 жени (36%) и 34 млади лица до 29 години (23%). Подготвен е нов Закон за вработување на лица со попреченост со кој се регулира обезбедувањето на професионална рехабилитација и поддржано вработување на лицата со попреченост.

#### 3.1.1.3. Цел: Поттикнување на интеграцијата на жените на пазарот на труд и ублажување на родовите јазови

На македонскиот пазар на труд постои родов јаз во поглед на учеството на мажите и жените. Ниското учество на жените на пазарот на труд во споредба со мажите останува еден од главните предизвици, иако во последните години забележано е намалување, што меѓу другото се должи на систематскиот и координиран пристап во спроведување на политиките од повеќе домени.

Стапката на вработеност кај жените (38.8%) е пониска од таа кај мажите (55.9%), додека само 44.3% од работоспособните жени во земјава се активни, за разлика од 66.3% од мажите. Единствено, стапката на невработеност кај жените е за 3.2 процентни поени пониска од стапката кај мажите, што е рефлексија на фактот дека тие почесто се пасивни на пазарот на труд односно не се активни баратели на работа.

Во 2022 година се усвои Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027, со која се воспоставува сеопфатна рамка со активности за унапредување на родовата еднаквост и унапредување на статусот на жените. Една од целите на донесената Стратегија е намалување на родовиот јаз на економското учество на жените и на пазарот на труд.

При имплементацијата на програмите и мерките за вработување, како и услугите на пазарот на трудот, се почитува принципот на правична и адекватна застапеност на полова основа. Во 2022 од вкупниот број на учесници во активните мерки за вработување, 45% биле жени.

Неповратна финансиска поддршка била обезбедена и во рамки на Програмата за развој на туризмот во Република Северна Македонија за 2022 година за поддршка за женско претприемништво во туризмот и во мерката 115 – Поддршка за активен женски член во земјоделското домаќинство.

Во подготовка/преговори е Програма за поддршка на социјалната сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност за 2023 година (усвоена во февруари 2023). Со Програмата, за прв пат, се остварува правото на користење на надоместок за мајчинство на жените земјоделки, за време на спреченост на вршење земјоделска дејност поради раѓање, право кое не е опфатено со прописите за платено породилно отсуство од областа на работните односи на вршителките не земјоделска дејност.

Министерството за труд и социјална политика продолжи да инвестира во проширување на националните капацитети за предучилишно образование и згрижување. Во 2022 година беа отворени околу 1300 нови места во 11 новоотворени објекти, една јавна установа, една група во други просторни услови и шест приватни градинки.

Продолжија и активностите за развој на сервиси за грижа на стари и изнемоштени лица, како што се услуги за нега и грижа во домот, персонална асистенција, отворање на резиденцијални установи за стари лица, итн.

### 3.1.2. СПРАВУВАЊЕ СО НЕФОРМАЛНАТА ВРАБОТЕНОСТ

ЕСРП поставува еден индикатор за мерење на справувањето со неформалната вработеност, и тоа уделот на неформално вработени во вкупен број на вработени, кај кој во 2022 година се забележува благо влошување споредено со минатата година, но целната вредност за 2022 од 16.5% е надмината уште во 2020 година. Имено, неформалната вработеност забележа позначајно намалување во текот на пандемиската година, првенствено како резултат на потребата за државна помош за спасување на работните места и доходот кај населението и

компаниите. Повеќето од мерките претпоставуваат формализација на работниот однос, што веројатно беше клучен поттик некои неформални работни места да се формализираат со цел да добијат поддршка преку мерките. Позитивно е што тој тренд продолжил и во 2021 (кога се имплементираше и последниот пакет од мерката „14 500 МКД по работник", но се задржал и во 2022 година, што може да е ран знак за одржливост на работните места кои се формализирале во текот на 2020 година.

| Индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2022 план |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Учество/удел на неформално вработени во вкупниот број вработени (%) | 18.6% | 16.1% | 13.6% | 12.1% | 12.2% | 16.5% |

### 3.1.2.1. Цел: Намалување на неформалната вработеност

Во 2022 година заврши имплементацијата на Стратегијата за формализација на неформалната економија 2018-2022 година, а координацијата за подготовка и имплементацијата на новата стратегија ја презеде Министерството за финасии. Со цел подобро следење на појавата на неформална вработеност, беше подготвена методологија за пресметка на индикатори за големината и карактеристиките на неформалната економија, а започнато е и со разработка на софтверска алатка за собирање и споделување на податоци поврзани со непријавена работа помеѓу институциите.

Со експертска поддршка обезбедена и во рамки на имплементација на ИПА II проектот за „Подобрување на условите за работа" и „Подобри услови за вработување на сезонските работници", поддржан од ГИЗ, се подготвија анализи и препораки за дизајнирање на систем и механизми кои ќе придонесат кон намалување на непријавената работа во одредени дејности и сектори од стопанството, за кои е специфична појавата на непријавена работа и вработување (земјоделство, угостителство, туризам, услуги во домот, лични услуги и сл.). Се разработија елементите на моделот за поедноставено пријавување на привремените и повремените ангажмани и сезонската работа во наведените дејности, кои треба да се преточат во посебно законско решение.

Инспекциските служби имаат важна улога во справувањето со непријавена работа. Согласно ова, беа извршени вкупно 24 965 надзори (16 026 надзори од областа на работните односи и 8939 надзори од областа на безбедност и здравје при работа-БЗР), при што беа утврдени недостатоци и неправилности за што се донесоа вкупно 6111 решенија (3651 од областа на работните односи и 2460 од областа на БЗР).

Што се однесува до административните капацитети на инспекциските служби, Државниот инспекторат на трудот има вкупно 203 вработени, од кои 127 се инспектори (100 инспектори со лиценца кои вршат инспекциски надзори и 27 без лиценца кои се под менторство и не вршат инспекциски надзори) и 76 административни службеници. Во текот на годината се спроведоа низа обуки за подобрување на квалитетот на работењето, меѓусебната соработка и комуникација.

## 3.1.3. УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТАТА И УСЛУГИТЕ НА ЈАВНАТА СЛУЖБА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

ЕСРП поставува вкупно четири индикатори за мерење на унапредувањето на квалитетот на работата и услугите на јавната служба за вработување. Во 2022 година е направен напредок споредено со резултатите постигнати во 2021 година кај два индикатори, едниот се однесува на подобрување на физичките услови во центрите за вработување, а вториот на бројот на барањата за посредување при вработување од работодавачите. За овие два индикатори е надмината целната вредност за 2022 година. Кај индикаторот за бројот на вработени во АВСРМ вклучени во обуки и бројот на невработени за кои е изготвен ИПВ-2 има влошување

споредено со 2021 година, пришто потребна е значителна работа за постигнувањето на поставените целни вредности за 2022 година.

| Индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2022 план |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на реновирани/реконструирани подрачни центри за вработување со значително подобрени услови за работа | 15 | 1 | 1 | 2 | 5 | 25 |
| Број на вработени во АВРСМ и број на лица вклучени во активности за јакнење на нивите капацитети (обуки, работилници, семинари и сл.) | 430 | 127 | 129 | 253 | 114 | мин. 550 секој од враб. најмалку еднаш годишно вклучен во обука/семинар |
| Број на невработени лица за кои е изготвен ИПВ-2 | 6213 | 7514 | 3448i | 4070 | 4012 | 14 000<br>Од кои мин. 60% вклучени во активна мерка или услуга |
| Број на барања за посредување при вработување до АВРСМ од работодавачи | 4824<br>3164 (66%) позитивно решени | 4705<br>3013 (64.04%) позитивно решени | 3646<br>2767 (75.9%) позитивно решени | 4151<br>2751 (66.3%) позитивно решени | 6286<br>2961 (47% позитивно решени) | 6000<br>Најголем дел позитивно решени |

### 3.1.3.1. Цел: Понатамошно подобрување на капацитетите на АВРСМ

Заклучно со 31.12.2022 година, во АВРСМ се пополнети вкупно 375 од 650 систематизирани работни места, со извршители кои се вработени на неопределено време. Во текот на годината, работен однос на неопределно време засновале вкупно 21 административни службеници по пат на јавен оглас, 133 лице засновале работен однос на определено работно време поради зголемен обем на работа во тековната година и 6 лица засновале работен однос на определено работно време за работа на ИПА проект. Еден административен службеник беше унапреден по пат на интерен оглас.

Во 2022 година беа реновирани вкупно пет центри за вработување.

Во текот на годината беа организирани повеќе обуки за подобрување на капацитетите на вработените во центрите за вработување за ефикасна реализација на услугите за работодавачите и невработените лица, како на пример, обуки за работа со работодавачи и посредување при вработување за зелени и дигитални работни места, за кариерно советување и Гаранција за млади.

### 3.1.3.2. Цел: Понатамошно подобрување на услугите и работата на АВРСМ со клиентите (невработените лица и работодавачите)

Со **услугата помош при барање работа,** што опфаќа профилирање и подготовка на индивидуални планови за вработување за невработените лица, советување за вработување, давање информации за потребите на пазарот на трудот, слободни работни места, и др. **биле опфатени 46 951 лица.**

Во рамки на услугите кон барателите на работа, изготвени се вкупно 23 786 индивидуални планови за вработување. Од нив 19 774 индивидуални планови за вработување-ИПВ-1 (за лица кои се директно вработливи или со умерени потешкотии при вработувањето) и 4012 ИПВ-2 (индивидуални планови за вработување за тешко вработливи лица, односно за лица за кои врз основа на профилирањето е утврдено дека се соочуваат со значајни пречки за вклучување на

пазарот на трудот). Од вкупиот број на изработени ИПВ, 2066 биле вклучени во некоја од активните програми и мерки за вработување во рамки на ОП 2022.

**Во текот на 2022 година беа доставени вкупно 6286 барање за посредување при вработување, споредено со годишниот таргет од 6000.** Во посредувањето беа вклучени вкупно 32 957 лица (жени – 15 560; млади лица до 29 години – 9620) **и беа вработени 2961 лице** (жени – 1584; млади лица до 29 години - 735). Од вкупниот број доставени барања, само од работодавачите од приватниот сектор биле доставени 3186 барања за посредување. Во посредувањето биле вклучени вкупно 25 990 лица (жени – 10 578; млади лица до 29 години – 8014) и биле вработени 260 лица (жени - 126; млади лица до 29 години - 81). Решавањето на дел од овие барања за посредување при вработување продолжи и во 2023 година, со што се зголеми бројот на позитивно решени барања со обезбедени работници според барањата на работодавачите.

Воспоставена е соработка помеѓу сите центри за вработување и центрите за социјална работа, посебно за усогласување на процедурите за селекција на лица корисници на гарантирана минимална помош и изготвување на индивидуалните планови за активација, согласно Правилникот за соработка за вклучување на корисникот на ГМП во активните мерки за вработување од мај 2019 год. **Заклучно со 31.12.2022 беа изготвени 2417 индивидуални планови за активација** (повеќе информации под цел 3.3.1.1).

### 3.1.4. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИОТ ДИЈАЛОГ НА ТРИПАРТИТНО И БИПАРТИТНО НИВО, НА НАЦИОНАЛНО И НА ЛОКАЛНО НИВО, УНАПРЕДУВАЊЕ НА КОЛЕКТИВНОТО ДОГОВАРАЊЕ

ЕСРП поставува вкупно пет индикатори за мерење на зајакнувањето на социјалниот дијалог на трипартитно и бипартитно ниво, на национално и на локално ниво, унапредување на колективното договарање. Индикаторот за синдикалната организираност не може да се пресмета, поради недостапност на податоци за членството на синдикатите во време на подготовка на извештајот. Целните вредности на останатите индикатори се постигнати. Кај стапката на покриеност со колективно договарање на ниво на работодавач забележан е понатамошен напредок во споредба со 2020 и 2021 и таргетот за 2022 е надминат. Забележано е и зголемување на бројот на колективни договори на ниво на работодавач. Исто така, механизмот за следење на препораките на Економско-социјалниот совет и редовно следење на бројот на мислења/препораки упатени до Владата на РСМ е функционален. Минатата година евидентиран е идентичен број на мислења и препораки на ЕСС поднесени до Владата како и претходната година, потврдувајќи ја важноста на ЕСС при носењето на економски политики и политики на пазарот на трудот.

| Индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2022 план |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Стапка на синдикална организираност (%) | 21.16 | 19.83 | 17.29 | 16.76 | Нема нови податоци од страна **на** синдикатите | >26 |
| Стапка на покриеност со колективно договарање на ниво на гранка, односно оддел (%) | 32.68 | | 38.6 | 43.39 | 49% | 37 |
| Број на колективни договори на ниво на работодавач | 85 * (остварување во 2017) | 92 | 92 | 92 | 101 | 95-100 |
| Стапка на успешно решени колективни работни спорови преку механизмот за мирно решавање на работни спорови | 60% | 60% | 60% | 100% | 100% | Мин. 70% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Воспоставен и функционален механизам за следење на препораките на ЕСС / редовно следење на бројот на мислења/препораки упатени до владата на РМ | 7 мисл./преп. | 10 мисл./преп. | 2 мисл./преп. | 9 мислења/препораки | 9 | Мин. 3 мисл./преп. |

### 3.1.4.1. Цел: Јакнење на капацитетите на социјалните партнери и механизмите на социјалниот дијалог

Економско-социјалниот совет (ЕСС) продолжи да ја зајакнува својата улога во креирањето на политики од областа на вработувањето, трудот и социјалната политика, одржувајќи вкупно 4 седници, на кои се разгледуваа поголем број на прописи и документи од економско-социјалната сфера. ЕСС редовно е консултиран за најважните предлог закони, политики и мерки во областа: Даночна реформа; Иницијатива за ратификација на три конвенции на МОТ за БЗР во три сектори – рударство  С176, градежништво С167 и земјоделство С184; Барање за надминување на последиците предизвикани од високите сметки за електрична енергија во компаниите; Информирање за Предлог на Законот за родова еднаквост и за Законот за спречување и заштита од вознемирување на работа; План за спроведување на Гаранцијата за млади 2023-2026; Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд за 2023 година, и др.

Работната група на ЕСС продолжи да работи на подготовка на новиот Закон за работните односи, при што организациите на работодавачи и синдикатите имаа можност да ги презентираат нивните предлози и ставови по однос на нацрт Законот.

Измените на Законот за минимална плата, договорени во Економско социјалниот совет (ЕСС) и активно учество на социјалните партнери, претставуваа поттик за колективните договори на ниво на гранка и претпријатија, со цел усогласување на платите и нивно скалесто зголемување.

На локално ниво, локалните Економско социјални совети во 14 општини одобрија територијални дијагностики на пазарот на труд, како основа за планирање на локалните политики.

Во овој период се склучија два грански колективни договори, еден од здравствена дејност и еден од детска заштита. Предмет на уредување, меѓу другото, е и бипартитниот социјален дијалог, каде во консултација со сите засегнати страни се тежнее кон дефинирање на правна рамка која значително ќе го унапреди и олесни ваквиот социјален дијалог. По подолга пауза, се обновија преговорите за колективните договарања на национално ниво во приватниот и јавниот сектор. Измените на Законот за минимална плата, договорени во Економско социјалниот совет и активно учество на социјалните партнери, претставуваа поттик за колективните договори на ниво на гранка и претпријатија, со цел усогласување на платите и нивно скалесто зголемување. Беше донесен Правилник за постапката за доставување и регистрирање на колективни договори и нивните измени до надлежниот државен орган и начинот на водење на евиденцијата на доставените колективни договори и нивните измени.

## ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ И ВЕШТИНИ

Напредокот во оваа стратешка цел се мери преку насловниот индикатор Индекс на човеков развој. Сè уште не е достапна вредноста за индикаторот во 2022 година, но во претходната 2021 година продолжи трендот на опаѓање на овој индекс на 0.770 по падот на 0.774 во пандемиската 2020, појава забележана и кај другите земји и се поврзува со пандемијата. Таргетот од 0.780 не е постигнат и се очекува дека нема да се постигне и кога бројката за 2022 ќе стане достапна. Влошувањето на индикаторот се должи на две тенденции сврзани со пандемијата: првата се однесува на образовните исходи, кои во генерална смисла беа под ризик во текот на оваа година со физичките затворања на образовните институции и префрлањето на учење на далечина, што остави свои последици посебно кај поранливите деца/ученици; и втората се однезува на здравствените исходи кои беа директно изложени на

пандемијата, односно како смртноста сврзана со заболувањето од Ковид-19, така и со влошувањето на очекуваниот животен век од истата причина.

| ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ И ВЕШТИНИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Насловен индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2022 план |
| **Индекс на човеков развој** | 0.779 | 0.784 | 0.774 | 0.770 | ќе се објави во 2023 | 0.780 |

### 3.2.1. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТНО ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ И ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ

ЕСРП предвидува 3 индикатори за обезбедување квалитетно инклузивно образование и еднаков пристап до образование за сите. Во 2022 година е остварен напредок кај дел од наведените индикатори со тоа што кај стапката на лица кои рано го напуштаат образованието, поставениот таргет за 2022 година од 6.8% е постигнат и надминат, иако има влошување во однос на 2021 година кое е значајно и беше постигнато почнувајќи од 2020 година. Влошување се бележи и кај уделот на лицата на возраст 30-34 години кои имаат завршено високо образование, кој се намали на 35.7% во 2022, што е нивото од 2019, по значителното подобрување во 2020, и значајно заостанува зад таргетот за 2022 од 40%. Стапката на ученици со посебни потреби вклучени во редовното основно и средно образование има подобрување и се зголеми на 67 (од 66.6% во 2021 година), но не е постигнат предвидениот таргет од 70%. Сепак, генералниот заклучок е дека остварувањата се коректни имајќи ги предвид предизвиците кои пандемијата ги наметна за пазарот на труд во текот на 2020 година.

| Индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2022 план |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Стапка на лица кои рано го напуштаат образованието (%) | 7.1 | 7.1 | 5.7 | 4.6 | 6.2 | 6.8 |
| Удел на лицата на возраст 30-34 години кои имаат завршено високо образование (%) | 33.3 | 35.7 | 39.7 | 36.9 | 35.7 | 40 |
| Стапка на ученици со посебни потреби вклучени во редовното основно и средно образование (%) | 64.8 | | 67.1 | 66.6 | 67 | 70 |

#### 3.2.1.1. Намалување на осипувањето кај учениците и на бројот на лица кои рано го напуштаат образованието

Во текот на 2022 година постигнат е напредок во инклузијата на децата од маргинализираните групи, пред сè во основното образование. Во наставата продолжија да се применуваат прилагодените наставни програми, за деца кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница. Од страна на основните училишта се користеа иструментите за проверка на знаењето на учениците со надмината возраст со цел нивно вклучување во соодветно одделение на основно образование. Во 2022 се доделија 913 стипендии за средношколци Роми, а донесена е позитивна одлука за оставрување додаток за образование за 30 179 ученици во основно образование (77.3%) и ученици во средно образование (22.7%). Образовните медијатори ангажирани од МОН работеа на терен во насока на информирање и поддршка на семејствата и родителите/старателите за упис на ученици Роми во прво одделение. За учебната 2022/2023 година ангажирани се 40 образовни медијатори за

поддршка на основното образование на Роми (за споредба, во учебната 2021/2022 година беа ангажирани 35 медијатори).

Во учебната 2022/2023 година, обезбедено е бесплатно сместување на 1741 ученици во ученичките домови од градовите каде нема средни (гимназиски и стручни) училишта.

За услугата образовна асистенција, во Буџетот на МОН за 2022 година обезбедени беа повеќе од 280 милиони МКД. Во насока на поддршка на учениците со попречност во редовната настава, зголемен е бројот на ангажирани образовни асистенти (720 во учебната 2022/23 споредено со 500 асистенти во учебната 2021/22 година). Во 2022 реновирани се 16 училишта во насока на обезбедување услови за инклузија на ученици со физичка попреченост (обезбедување на пристапна рампа, лифт и/или адаптација на тоалети). За учебната 2022/2023 година, доделени се 162 нови стипендии (претходната година доделени се 137 стипендии) за ученици со попреченост, кои учат во средно образование.

Продолжи етапно да се имплементира новата Концепција за основно образование (за учениците во второ и петто одделение) од учебната 2022/2023. Изработени се нови учебници за прво, второ, четврто и петто одделение, согласно новите наставни програми. Во учебната 2022/2023, обезбедени се бесплатни учебници за сите ученици во основните и средните училишта.

### 3.2.1.2. Унапредување на опфатот и условите за пристап до сите нивоа на образование на лицата (децата/учениците/студентите) со попреченост

За услугата образовна асистенција, во Буџетот на МОН за 2022 година обезбедени се повеќе од 280 милиони МКД. Во насока на поддршка на учениците со попречност во редовната настава, зголемен е бројот на ангажирани образовни асистенти (720 во учебната 2022/23 споредено со 500 асистенти во учебната 2021/22 година). Во 2022 реновирани се 16 училишта во насока на обезбедување услови за инклузија на ученици со физичка попреченост (обезбедување на пристапна рампа, лифт и/или адаптација на тоалети). За учебната 2022/2023 година доделени се 162 нови стипендии (претходната година доделени се 137 стипендии) за ученици со попреченост, кои учат во средно образование.

Од страна на БРО изработено и донесено е Упатство за изработка и реализација на модифицирана наставна програма за учениците со комплексни потреби во основното образование од 4.11.2022. Во прилог на Упатството изработен е пример на модифицирана програма за ученик со комплексни потреби, што треба да им даде насоки на наставниците во подготовките на модифицирани програми за ученици од нивните пралалелки.

Врз основа на Упатството, со поддршка на УНИЦЕФ, изготвени се модули за дводневна онлајн обука за членовите на училишните инклузивни тимови, со времетраење од 4 часа по ден на тема: Индивидуален образовен план и Модифицирана програма. За оваа цел, најпрво се обучија обучувачи кои потоа ја спроведуваа обуката во парови, онлајн во период од крајот на месец ноември до крајот на месец декември во сите основни училишта во земјата вклучително и во ресурсните центри.

Се спроведоа обуки од Каталогот на обуки на БРО, во рамки на кој се акредитирани и обуки на тема ,,Инклузивно образование во пракса" за стручни соработници и на тема ,,Инклузија и пристапи во поучување на ученици со попреченост" која ја поминаа 10 401 наставник.

Изготвен е предлог нов Закон за средно образование, кој меѓу другото ќе има и одредби за зголемување на опфатот и вклученоста на учениците со попреченост во средното образование (по примерот на Законот за основно образование).

Уредбата за правото на лицата со попреченост и други лица да бидат ослободени од партиципација за студирање, на предлог на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачката дејност е донесена на 8.3.2022. Заврши реконструкцијата на 15 образовни објекти од кои четири високо-образовни објекти (УКИМ: Факултет за архитектура и Градежен факултет, Правен факултет, Економски факултет и Филозофски и Филолошки факултет) во насока на обезбедување на пристапност, со финансиска поддршка на ЕУ.

#### 3.2.1.3. Подобрување на содржините и квалитетот во образованието и јакнење на капацитетите на човечките ресурси (капацитетите на училиштата и наставниот кадар)

Во 2022 година постигнат е значителен напредок во постигнување на целта на ЕСРП за подобрување на средината за учење, вклучително и содржините, методите и техниките на учење во насока на обезбедување индивидуален пристап кон учениците. Продолжи етапно да се имплементира новата Концепција за основно образование, за учениците во второ и петто одделение од учебната 2022/2023 г. Новите наставни програми за второ и петто одделение се базирани на компетенции коишто учениците почнуваат да ги стекнуваат од прво одделение, а продолжуваат да ги развиваат во наредните одделенија, пред сѐ компетенциите кои произлегуваат од подрачјето со кое наставниот предмет има директна врска, но и трансверзалните компетенции преку кои се остварува и интеграцијата и се овозможува целосен развој на учениците.

Издадени се согласности за ново финансирање на наставен кадар за прво одделение за намалување на учениците во паралелка од 20 до максимум 30 ученици, со што од учебната 2022/2023 година исполнета е законската обврска за учениците од прво, второ, трето и четврто одделение (сукцесивно воведување).

Согласно Законот за основно образование, обезбеден е т.н тандем наставник по физичко образование за прво, второ, трето и четврто одделение од основно образование, односно покрај одделенскиот наставник, наставата по физичко образование ја изведува и предметен наставник по физичко образование.

Согласно Закон за основно образование во сите основни училишта формирани се училишни парламенти.

Во текот на 2022 година, завршена е изградба/доградба на три нови училишта и реконструкција на 38 училишта. Во фаза на изградба/доградба се три нови училишта/објекти, а започната и во тек е реконструкција на 23 училишта. Завршени се со изградба 6 училишни спортски сали, а во фаза на изградба е една нова училишна спортска сала. Обезбеден е неповратен грант во висина од 3 милиони ЕУР од Банката за развој при Советот на Европа кои ќе бидат инвестирани за реконструкција на 30 постоечки училишни спортски сали во основни и средни училишта и за опремување на вкупно 50 спортски сали. Во декември 2022, одобрен е нов грант за поставување на фотоволтаици во училиштата во износ од 1,1 милиони ЕУР.

Започната е постапка за реновирање од помал обем (ќе се изградат пристапни рампи, ќе се реновираат санитарните јазли и ќе се изведат посебни тоалети за децата со атипичен развој, а во некои училишта ќе се реновираат и внатрешната столарија и подовите) во 118 основни училишта кои го исполнуваат индексот на искористеност од 65% (school utilization rate).

Во 2022г. повторно е спроведен повик за наставниците во основните училишта за напредување во звање наставник-ментор, на кој се унапредени 47 наставника.

Донесена е Програмата за обуки за стручно усовршување на наставниците во основните и средните училишта за 2022 година и Програмата за обуки за стручно усовршување на стручните соработници во основните и средните училишта за 2022 година. Со програмите се пропишани подрачјата, пот-подрачјата и темите за обуките. Завршена е постапката за избор и акредитација на програми за обука и понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар (наставници и стручни соработници) во основните училишта и изготвени се Каталог за акредитирани програми за наставници и Каталог за стручни соработници, од страна на Бирото за развој на образованието. Каталозите се доставени до сите основни училишта со цел наставниците/стручните соработници да изберат обуки. Во четвртиот квартал се спроведоа обуките за наставниците и стручните соработници, кои ги поминаа вкупно 16 803 наставници и 261 стручен соработник.

За утврдување на квалитетот на наставата пред и по спроведување на обуките за наставниците, се спроведуваат две истражувања (базично и последователно) кои ќе го измерат импактот од спроведените обуки. Спроведено е базичното истражување (мерење на квалитетот на настава во основното образование) користејќи го TEACH инструментот на Светска Банка пред реализација на обуките на наставниците.

### 3.2.2. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНАТА РАМКА ЗА КВАЛИФИКАЦИИ – ОСНОВА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ КВАЛИТЕТ ВО СИСТЕМОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

Напредокот во оваа сфера се мери преку три индикатори. Два од поставените индикатори се веќе постигнати. Воспоставена е Опсерваторија за вештини, како и функционален Регистер на квалификации и започната е постапка за негова надградба. Одреден напредок е постигнат во зголемување на бројот на секторски комисии за квалификации (зголемен е бројот од 10 на 11 во 2022 година), но потребен е натамошен напредок за постигнување на целта од 16 секторски комисии.

| Индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2022 план |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на формирани Секторски Комисии за квалификации (за развој и проверка на квалитетот на квалификациите во одредени сектори) | 9 | 9 | 10 | 11 | 11 | 16 |
| Воспоставена и функционална Опсерваторија за вештини (за предвидување на потребите од вештини на пазарот на труд) | Не е воспоставена | Не е функционална. Внесени се одредби во новиот Закон за основно образование (од 2019 година) за обработка на лични податоци за потребите на Опсерваторија на вештини, а потребно е да се внесат одредби и во Законот за средно и Законот за високо обраазование за да биде функционална | Функционална е. Внесени се одредби во Законот за средно образование (од 2020 година) за обработка на лични податоци за потребите на Опсерваторија на вештини, а потребно е да се внесат одредби и во Законот за високо образование за да може да се добиваатстатистички податоци и анализи за високото образование | Функционална е. потребно е да се внесат одредби и во Законот за високо образование за да може да се добиваат статистички податоци и анализи за високото образование | Функционална е. Потребно е да се внесат одредби и во Законот за високо образование за да може да се добиваат статистички податоци и анализи за високото образование | Воспоставена е |
| Функционален Регистер на квалификации (за преглед и транспарентност на квалификациите) | Воспоставен регистер | | Функционален регистар за стандард на квалификации | Функционален регистар за стандард на квалификации, започната е постапката за надградба на регистарот | **Индикаторот е постигнат**. Функционален и надграден регистар со модул за регистар стандарди на занимање и модул за ревизија на стандард на занимање | Функционален и надграден регистар со модул за регистар стандарди на занимање и модул за ревизија на стандард на занимање |

### 3.2.2.1. Воспоставување одржлив систем на НРК и јакнење на човечките ресурси за негова примена

Регистерот на квалификации е функционален и надграден со модул за регистар на стандарди на занимање и модул за ревизија на стандард на занимање со што е исполнет таргетот за 2022г.

Во 2022 г. континуирано/редовно работеше и одржуваше седници Националниот одбор на Македонската рамка на квалификации за што беа обезбедени финансиски средства за работа во Буџетот на МОН.

Во јануари 2022 година од страна на Одборот за национална рамка на квалификации усвоена е првата високообразовна квалификација Наставник во високото образование која се распоредува на ниво VIII во Националната рамка на квалификации.

Во рамки на твининг проектот „Понатамошна поддршка за имплементирање на НРК"

- Изработен е Прирачник за учесниците во процесот на обезбедување квалитет на квалификации и наставни програми во контекст на заедничките европски реформи и развој на националниот систем на квалификации во Република Северна Македонија.
- Започната е постапка за развој на моделот за стандарди на високообразовни квалификации. Одржани се средби со неколку високо-образовни установи. Овие активности се посветени на развивање 7 стандарди за високообразовни квалификации.
- Започната е постапка за обновување и ревидирање на Извештајот за поврзување на НРК со Европската рамка за квалификации и само-потврдување со рамката на квалификации на Европскиот простор за високо образование.

## 3.2.3. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ВРАБОТЛИВОСТА НА РАБОТНАТА СИЛА И ГРАДЕЊЕ ФЛЕКСИБИЛНИ ПАТИШТА ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ

Во ЕСРП 2022 се утврдени четири индикатори за следење на напредокот во остварување на оваа цел, од кои три се постигнати и надминати. Во 2022 година понатамошен напредок и надминување на предвидениот таргет е постигнат во однос на учество на учениците во средните стручни училишта во вкупниот број ученици во средно образование. Овој индикатор изнесува 69% во 2022 година (таргет >60%). Учеството во доживотното учење од 2.7% иако има благо подобрување во однос на 2021 сè уште е значајно под таргетот од 4%. Одличен напредок е забележан кај стапката на вработеност на лица (20–34 год.) кои неодамна завршиле средно или високо образование, која е зголемена на 60% и со тоа е надминат таргетот од 55%. Во 2022 година успешно работат трите Регионални центри за стручно образование и обука.

| Индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2022 план |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Учество на учениците во средните училишта во системот на СОО (%) | 60.0 | | 62.1 | 64 | 69% | >60% |
| Учество во доживотно учење (%) | 2.4 | 2.8 | 2.6 | 2.5 | 2.7 | >4.0% |
| Стапка на вработеност на лица (20–34 год.) кои неодамна завршиле средно или високо образование (%) | 49.1 | 57.2 | 54.5 | 58.2 | 60.2 | 55% |
| Број на Регионални центри за стручно образование и обука (РЦСОО) | Нема | Активностите се отпочнати. Направени се измени на Законот за стручно образование и обука и определени се | Три На 24-та седница на Владата, одржана на 24.11.2020 донесени се Одлуки со кои три општински | Три<br>Во 2021 започнаа со работа три регионални центри за стручно | Три<br>Во 2022 започнаа реконструктивни зафати и постапка за набавка на | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | трите средни стручни училишта кои ќе се трансформираат во РЦСОО | училишта продолжуваат со работа како Регионални центри за стручно образование и обука. Врз основа на одлуките, трите училишта ги изменија статутите, а МОН издаде решенија за согласност | образование и обука | опрема за регионалните центри | |

### 3.2.3.1. Развој, модернизација и зголемување на атрактивноста на стручното образование и обука

Реформирано е четиригодишно стручно образование. Изработени се и формално донесени нови модуларно дизајнирани наставни програми, за сите нови квалификации/ образовни профили во средно стручно обрзование кои се базирани на резултати од учење, изразени со EQVET кредити и поени за општо-образовните и стручните предмети од прва до четврта година, кои започнаа да се имплементираат од учебната 2019-2020 година (прва година). Наставните програми се изработени во соработка со бизнис заедницата и ги отсликуваат потребите на пазарот на труд. Во учебната 2022/2023 започнаа да се применуваат новите наставни програми во средните стручни училишта во четврта година, со што целосно е имплементирана реформата на наставните програми.

Под слоганот „Учи паметно, работи стручно“ беа организирани низа средби со компаниите за отворање на барани профили во стручните училишта. Имено, преку социјален дијалог со компаниите и бизнис заедницата на локално ниво, МОН заедно со општините работеше на утврдување кои профили ќе бидат отворени во средните стручни училишта во учебната 2022/2023 година.

Конкурсот за упис на ученици за учебната 2022/2023 година целосно е усогласен согласно потребите на пазарот на трудот. Процентот на ученици запишани со средните стручни училишта се зголеми на 69% споредено со гимназиските училишта, со што е надминат утврдениот таргет за упис на најмалку 60% од учениците во средните стручни училишта.

Уписната политика за учебната 2022-2023 е креирана преку социјалниот дијалог „Учи паметно, работи стручно“ кој резултираше со отворање на 223 дуални паралелки, што е двојно повеќе од учебната 2021/2022 кога беа отворени 97 (учебната 2020/2021 имаше 11).

Во тек е реализација на компонента од проектот ,,ЕУ за млади“ која за однесува на следењето на учениците од завршните класови од средните стручни училишта. Целта е воспоставување систем за континуирано следење на учениците кои завршиле стручно образование, добивање информации за нивното идно образование или вработување и носење одлуки за образовни политики.

Завршени се консултациите по предлог текстот на новиот Закон за стручно образование и обука, и истиот е доставен во владина постапка на утврдување.

### 3.2.3.2. Развој и унапредување на неформалното образование и образованието за возрасни

Изготвен е нов Закон за образование на возрасни, со кој се уредува постапката за валидација на неформално и информално учење, и истиот е доставен во владина процедура на усвојување.

Во април 2022 година од страна на Министерот за образование и наука донесен е развоен концепт за воспоставување на Регионален центар за СОО во Северна Македонија. Концептот ги опфаќа: формалното и неформалното образование, образованието на возрасни и валидацијата на неформалното и информалното учење (ВНИУ).

Во ноември 2022 донесена е Концепцијата за средно образование на возрасни. Концепцијата ги поставува постулатите за развој на средното образование на возрасните во наредните 10 и повеќе години. Фокусот е ставен на мерки и активности што ќе овозможат возрасните лица активно да се приспособуваат на промените во општеството, кои ќе овозможат личен развој и инклузивно и кохезивно општество што учи и се развива.

Во месец октомври беа организирани денови на доживотно учење. Конференцијата имаше за цел афирмирање на концептот за доживотно учење во општеството.

Во средното стручно образование за возрасни во периодот 2018-2022 се опфатени 4403 ученици од кои успешно го завршиле 3571 учесници.

Во 2022 година, верификувани се 128 нови програми на даватели на услуги за неформално образование на возрасни кои водат кон стекнување на знаења, вештини и компетенции.

## СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Вкупниот напредок во делот на социјалната инклузија и социјалната заштита се мери преку стапката на релативна сиромаштија. Иако во време на подготовка на овој извештај стапката на сиромаштија за 2021 година не е објавена, се очекува дека таа ќе се задржи на слично ниво како и во 2020 година, првенствено како резултат на продолжените ефекти од пандемиската криза (во текот на таа година, економијата не успеа да се врати на нивото пред кризата), како и на притисоците на пазарите кои настанаа во втората половина од годината, а кои се одразија врз зголемување на цените. Според тоа, се очекува дека остварувањето моментално е далеку зад поставениот таргет од 16%. Во контекст на тековната криза со цените на храната и енергијата, би требало да се направи пореалистично ревидирање на таргетот.

| Насловен индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2022 план |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Стапка на сиромаштија (%)** | 21.9% | 21.6% | 21.8% | податокот не е објавен | податокот не е објавен | 16.0 |

### 3.3.1. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЕФИКАСНОСТА И ЕФЕКТИВНОСТА НА СИСТЕМОТ ЗА СОЦИЈАЛНА ПОМОШ

ЕСРП поставува вкупно четири индикатори за мерење на ефикасноста на системот за социјална помош. Податоците се достапни за дел од поставените индикатори. Засега, индикаторите покажуваат извесен пораст на покриеноста на домаќинствата со програмите за заштита на децата и постарите лица над 65 години. Позначајно влијание врз сиромаштијата има само кај постарите, додека кај децата и младите дошло до зголемување на сиромаштијата. Според податоците од АПУЖ, децата се најзасегната група од населението кога станува збор за ефектот од пандемијата врз доходот и сиромаштијата на домаќинствата (стапката на сиромаштија пораснала од 27.8% во 2019 на 30.3% во 2020).

| Индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2022 план |
|---|---|---|---|---|---|---|
| % на домаќинства кои се покриени со сите видови парични давања од | 8 | | | | нема податок | 14 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| социјална заштита | | | | | | |
| % на апсолутна сиромаштија | : | : | : | | нема податок | <1.0 |
| Број на деца опфатени со програмите за детска заштита (детски додаток и образовен додаток) | 43 000 д.д.<br>3800 о.д. | 38 855 д.д.<br>9408 о.д. | 43 649 д.д<br>26 167 о.д | 48 800 д.д<br>28 815 о.д | 46.500 д.д<br>30.179 о.д | 75 000 д.д.<br>65 000 о.д. |
| Број на лица корисници на право од социјална сигурност на старите лица | : | 6495 | 8573 | 10292 | 10.586 | 6000 |

Владата на Република Северна Македонија усвои Национална програма за развој на социјалната заштита 2022-2032 година, документ која претставува основа за остварување на клучните стратешки правци на развојот на социјалната заштита во претстојниот период, како и за унапредување на законодавството од областа со цел развој на одржлив, адаптибилен и ефективен систем на социјална заштита заснован на партиципативност и воден од потребите на корисникот заради негово зајакнување и оспособување за независен, продуктивен и активен живот. Министерството за труд и социјална политика, како главен носител на мерките и активностите од Програмата, ќе воспостави механизми за координација на стратешките активности, договарање и соработка со сите релевантни актери и засегнати страни.

### 3.3.1.1. Цел: Подобрување на обемот, опфатот и таргетирањето на системот на социјалната помош

Согласно последно објавените податоци на Државниот завод за статистика од Анкетата за приходи и услови за живот во 2020 година, стапката на сиромаштија во Северна Македонија е висока и изнесува 21.8% . Коефициентот на Џини (мерка за нееднаквоста во распределбата на приходите) бележи пораст во споредба со 2019 година и изнесува 31.4 %.

Енергетската криза и последователните ценовни шокови несразмерно повеќе ги погодија семејствата со повеќе деца и со пониски приходи, со оглед на поголемиот удел на трошоците за храна и енергија во нивниот домашен буџет. Според најновото истражување поддржано од УНИЦЕФ, околу 33 000 лица, од кои 10 000 деца, се втурнати под прагот на сиромаштијата заради кризата со храна и енергија.

Според податоците на Министерството за труд и социјална политика, бројот на домаќинства кои добиваат гарантирана минимална помош (ГМП) на крајот на 2022 година изнесува 36 409 корисници. Бројот на корисници на ГМП во 2022 е намален за 700 корисници во споредба со 2021. Причина за ова намалување е завршувањето на пандемијата со вирусот КОВИД 19, со што престанаа да важат одредбите од Законот на социјалната заштита за олеснет пристап за остварување на правото на ГМП кои беа донесени со цел поддршка на лицата кои што се најдоа во состојба на социјален ризик предизвикан од КОВИД кризата.

Во претходниот извештај истакнавме дека бројот на домаќинства кои примаат ГМП се зголеми за 8235 нови корисници во 2020 и 3779 во 2021 година. Со исклучок на 700 домаќинства што престанале да користат ГМП во 2022, може да се заклучи дека значаен дел од корисниците продолжиле да ги исполнуваат условите, што пак индиректно значи дека потпаднале во сиромаштија и не успеале да излезат.

Во продолжение следува анализата на корисниците на ГМП според различни белези направена врз основа на податоците за корисниците на ГМП во 2022. Од родова перспектива, домаќинствата во кои носител на правото е жена, сочинуваат 38% од сите домаќинства кои примаат ГМП. Во однос на големината на домаќинствата корисници, од вкупниот број на домаќинства корисници на ГМП, 29.8% се едночлени домаќинства, потоа 24.2% се двочлени домаќинства, 17.1% се трочлени и 18.5% се четиричлени домаќинства. Домаќинствата со пет

или повеќе членови, кои се особено ранливи и изложени на ризик од сиромаштија се застапени со 10.4%.

Во однос на образовната структура, лицата со основно образование сочинуваат 60.7% од носителите на правото на ГМП, а потоа следат оние со средно образование (18.7%) и без основно образование (10.2%). Ниското образовно ниво на членовите на домаќинствата корисници на ГМП претставува голема бариера за успешна транзиција на овие лица кон вработување, што објаснува и зошто тие лице западнале во сиромаштија и се потпираат на ГМП.

31.7% од вкупниот број домаќинства корисници на ГМП исто така користат детски додаток. Приближно секое петто домаќинство кое прима ГМП (21.2%), исто така користи образовен додаток за децата.

Домаќинствата кои примаат ГМП добиваат и енергетски додаток и ова е важно право на социјална заштита за справување со енергетската сиромаштија. Бројот на домаќинства корисници постојано се зголемуваше со текот на годините и достигна 46 995. Од нив 77.5% се примател и на ГМП, а 22.5% се приматели на правото на социјална сигурност за стари лица.

Во декември 2022, 10 586 лица над 65 годишна возраст, кои не можат да обезбедат средства за егзистенција по други основи го користеле правото на социјална сигурност. Со тоа е надминат и планираниот опфат од 6000 постари лица во 2022 година.

Минатата година беа преземени дополнителни мерки што беа насочени кон поранливите групи население со цел да се ублажат последиците од економско-енергетската криза. Направени беа измени и дополнувања на Законот за социјална заштита со кои беше обезбедена поддршка од 1000 МКД на корисниците на правото за Гарантирана минимална помош за месеците март, април и мај 2022 година со цел да се ублажат последиците од економско- енергетската криза и ценовниот шок во државата.

Во ноември 2022 година донесен е Законот за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани за справување со енергетската криза, со кој се обезбедени по 3000 МКД месечно или вкупно 12 000 МКД за 4 месеци за секој корисник на право на посебен додаток, на право на надоместок заради попреченост, корисник на право на социјална сигурност за стари лица, корисник на право на надоместок за помош и нега за трајните корисници на ова право, и лицата кои се самохрани родители, а се корисници на ГМП, корисниците на посебен додаток, корисници на правото на пензија во висина до 14 000 МКД, корисници на правото на надоместок за телесно оштетување и невработени лица-корисници на право на материјално обезбедување во вид на паричен надоместок.

Според истражувањето поддржано од УНИЦЕФ, мерките на Владата го ублажиле ударот од кризата. Ако не беа мерките на Владата, ударот на кризата врз благосостојбата на домаќинствата ќе бил за 40 до 70% поинтензивен.

Иако надвор од извештајниот период, треба да се истакне дека во јануари 2023 се направи усогласување на правата од социјална и детска заштита со трошоците за живот. Правата на ГМП, надоместокот за социјала сигурност на старите лица и останатите права се зголемија за 14.2% во согласност со порастот на трошоците на живот објавен од Државниот завод за статистика за 2022 година.

Со Законот за заштита на децата, се обезбедуваат парични права за децата, кои се во насока на искоренување на детската сиромаштија и обезбедување еднакви можности за сите деца. Во декември 2022 правото на детски додаток го користеле 46 500 деца, додека правото на додатокот за образование го користеле 30 179 ученици и студенти. Двата индикатори се значително под планираниот таргет за 2022, што јасно укажува дека таргетот бил нереалистичен. Со обезбедените парични средства за исплата на додаток за образование им се помага на родителите во подмирувањето на училишните трошоци со цел редовно следење на наставата и превенирање во раното напуштање на училиште. На крајот на 2022 година направени се измени на Законот за социјална заштита и Законот за детска заштита со кои се зголеми висината на посебниот додаток за 15% што се исплатува на семејства со деца со попреченост.

По однос на мерката за подобрување на соработката помеѓу институциите задолжени за спроведување на мерката за активација на пазарот на трудот и за обезбедување на социјалната заштита се продолжи со соработката, комуникација како и унапредување на постоечките процедури за активација помеѓу центрите за вработување и центрите за социјална работа. Преку електронска размена на податоци во 2022 година беа изработени вкупно 2417 индивидуални планови за активација додека 625 корисници беа вклучени во активни мерки за вработување.

Во функција на јакнење на соработката, сите центри за вработување и центри за социјална работа назначија координатори за активација. Координаторите имаат за задача да ја анализираат состојбата на локално ниво, ја следат и унапредуваат комуникацијата и соработката меѓу стручните лица во центрите за социјална работа и центрите за вработување и соработуваат со единиците на локалната самоуправа, здруженија, работодавци и нивни организации, здравствени, образовни и други установи. Се подготвија насоки до центрите за социјална работа и центрите за вработување за подготовка и спроведување на индивидуални планови за активација, како и за примена на санкции и мерки согласно со Закон кои не се применуваа во време на пандемијата.

### 3.3.2. ПОДОБРУВАЊЕ НА ДОСТАПНОСТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ

ЕСРП поставува вкупно 3 индикатори за мерење на развиеноста на социјалните услуги. Солиден напредок има кај воспоставените локални и регионални совети за социјална заштита – се формираа локални совети во сите општини и во сите плански региони во државата, и со тоа во целост е остварен таргетот во 2022 година. Постигнат и значително е надминат трагетот за број на лиценцирани нејавни даватели на услуги (82 во 2022 наспроти таргетот од 30), со што се обезбедува поголема достапност на социјалните услуги, иако се уште се појавува нееднаква географска распространетост. Како потврда на заложбите за натамошен развој на услугите, во Буџетот на Министерството за труд и социјална политика за 2023 година, за финансирање на социјални услуги се обезбедени 5,5 милиони ЕУР повеќе од 2022 година, односно вкупно 7,8 милиони ЕУР.

| Насловен индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | | 2022 план |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на воспоставени локални совети за социјална заштита | 0 | 9 | 11 | 60 | 81 | | 81 |
| Број на воспоставени регионални совети за социјална заштита | : | 0 | 0 | 7 | 8 | | 8 |
| Број на лиценцирани даватели на услуги (според типот на услуги; во домот на корисникот, во заедницата, вон-семејна заштита) | : | 12 (10-услуги во домот, 1-услуги во заедницата, 1-услуги вон-семејна заштита) | 20 (12-услуги во домот, 2-услуги во заедницата, 6-услуги вон-семејна заштита) | 62 (1-услуги на стручна помош и поддршка, 2-услуги на советување, 31-услуги во домот, 8-услуги во заедницата, 20-услуги вон-семејна заштита) | 82 (1-Услуги на стручна помош и поддршка , 2-услуги на советување , 37-услуги во домот (лична асистенција 11, помош и нега во домот 26), 11-услуги во заедницата, 31-услуги на вон-семејна заштита) | | 30 |

### 3.3.2.1. Цел: Развој и унапредување на социјалните услуги и можностите за вклучување различни субјекти во нивно квалитетно и ефикасно обезбедување

Во насока на развојот на социјалните услуги, значителен прогрес е забележан во лиценцирањето на нови даватели на социјални услуги, што е клучно за подобрување на пристапот до нови квалитетни услуги од страна на корисниците.

**Во 2022 беа лиценцирани 20 нови даватели на социјални услуги** и со тоа во моментов, согласно Законот за социјална заштита **постојат 82 лиценцирани даватели на социјални услуги**, кои имаат капацитет да обезбедуваат услуги за околу 3400 корисници. Околу 80% од лиценцираните провајдери се формирани и/или ги обезбедуваат услугите со средства од државата.

Склучени се 19 управни договори со здруженија и приватни даватели на социјални услуги за давање на социјални услуги (лична асистенција, помош и нега во домот, услуга за дневен престој, привремен престој, живеење со поддршка, третман и рехабилитација на лица кои имаат проблем со зависности и услугата за стручна помош и поддршка)

Во обезбедување на социјалните услуги вклучени се 1269 лица, од кои 1119 се директни даватели на услугата – 262 лични асистенти, 617 негувателки/герентодомаќинки и 147 стручни лица (социјални работници, психолози, дефектолози, специјални едукатори, медицински сестри) и 93 стручни лица одговорни за координирање на услугите. Најголем дел од новите услуги се услуги во домот (45.1%), претежно за стари лица, потоа услуги на вон-семејна заштита (37.8%), претежно резиденцијални домови за стари лица и живеење со поддршка за лицата со попреченост, следуваат услугите во заедницата (13.4%), како центар за активно стареење за стари лица и центри за дневен престој на деца со попреченост. Конечно се развиваат, иако во помал обем и услуги на советување за деца без родители и родителска грижа и услуги на стручна помош (2.4%) и поддршка на згрижувачките семејства (1.2%).

Со цел зајакнување на капацитетите на стручните лица во установите за социјална заштита, во текот на 2022 година Заводот за социјални дејности спроведе 67 обуки за стручни лица (56 жени и 11 машки) кои учествуваа на почетна обука како еден од условите за стекнување со лиценца за работа во системот за социјална работа. Исто така, реализирани се вкупно 23 едукации, согласно Програмата за континуирана професионална едукација на ЈУ Завод за социјални дејности со учество на вкупно 616 учесници (510 женски пол и 106 машки) од сите 30 центри за социјална работа установи за социјална заштита и други даватели на социјални услуги. Дополнително, Заводот за социјални дејности реализира активности во рамки на континуираната професионална обука со други установи и организации, со кои се опфатени вкупно 370 (63 машки и 307 женски пол) стручни работници, вработени во дејноста социјална заштита.

Поголемото вклучување на локалните самоуправи и регионалните структури во планирањето и испораката на социјалните услуги и понатаму е предизвик за развој на социјалните услуги. За таа цел, спроведени се мерки за поддршка и градење на капацитетите на општините за креирање и спроведување на ефикасни локални политики и за обезбедување квалитетни и ефикасни социјални услуги. Преку „Проектот за подобрување на социјалните услуги“ (финансирани во рамки на Проектот за подобрување на социјалните услуги, кој Министерството за труд и социјална политика го спроведува со заем од Светска Банка) Министерството за труд и социјална политика обезбеди поддршка за 34 проекти преку кои се создадоа услови за развој на социјални услуги кои опфаќаат околу 1300 корисници на локално ниво во вкупно 41 општина. Фактот што близу половина од избраните општини се рурални средини што ја потврдува заложбата за достапност на услугите и во најоддалечените места од нашата земја. Еднакво важен аспект од оваа активност е што преку нејзиното спроведување се креираат и нови работи места за над 400 лица кои ги испорачуваат новите социјални услуги на граѓаните.

### 3.3.3. ПОДДРШКА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ДЕИНСТИТУЦИОНАЛИЗАЦИЈАТА

ЕСРП поставува вкупно три процесни индикатори за мерење на унапредувањето на деинституционализацијата. Во 2022 година се воспоставија 11 станбени единици за 55

корисници и со тоа во декември 2022 година, вкупно 265 лица се сместени во станбени единици за живеење со поддршка, со што е надминат таргетот за 2022. Зголемен е бројот и надминат таргетот за бројот на корисници на социјални услуги, посебно кај услугите во домот и вон-семејна заштита. На крајот од 2022 година, 145 лица сè уште живеат во резиденцијалните установи за социјална заштита кои треба да го сменат својот облик на заштита и да продолжат да живеат во услугата живеење со поддршка.

| Индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2022 план |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на лица сместени во станбени единици за живеење со поддршка или групни домови | 173 | 226 | 226 | 241 | 265 | 250 |
| Број на корисници на социјални услуги (по тип на услуги: во домот, во заедницата, вон-семејна заштита) | 3058 | Вкупно 4620 (423-услуги во домот, 2042-услуги во зедницата, 2155 вон-семејна (*опфаќа згрижувачки семејства и сместување во установи за стари лица, податокот за организирано живеење што исто така е вон-семејна е погоре наведен) | Вкупно 4629 (454-услуги во домот, 1728-услуги во зедницата, 2447 вон-семејна (*опфаќа згрижувачки семејства и сместување во установи за стари лица, податокот за организирано живеење што исто така е вон-семејна е погоре наведен | Вкупно 4680 (518-услуги во домот, 1200-услуги во зедницата, 2962 вон-семејна (*опфаќа згрижувачки семејства и сместување во установи за стари лица, податокот за организирано живеење што исто така е вон-семејна е погоре наведен | Вкупно 4717 (686-услуги во домот, 1253 -услуги во зедницата, 2778 вон-семејна (*опфаќа згрижувачки семејства и сместување во установи за стари лица, податокот за организирано живеење што исто така е вон-семејна е погоре наведен | 4500 |
| Број на лица сместени во резиденцијални установи за социјална заштита | 376 | 260 (во фаза на деинституционализација – Бања Банско, Т.Поле и Демир Капија) | 261 | 226 | 145 | 0 |

### 3.3.3.1. Цел: Зајакнување на процесот на деинституционализација

Во 2022 година, динамиката на преселување корисници во услуга живеење со поддршка се зголеми: се воспоставија 11 станбени единици за 55 корисници, преселба која придонесе во намалување на бројот на корисници во резиденцијална грижа на 145 корисници. Со тоа во декември 2022 функционираа вкупно 53 станбени единици за живеење со поддршка за деца и лица со попреченост, во кои беа сместени 265 деца и лица со попреченост.

Завршија подготовките за реконструкцијата на Јавната установа „Завод за рехабилитација на деца и младинци“ во Скопје, која ќе прерасне во Центар за социјални услуги, каде покрај постоечките услуги, предвидени се и палета на здравствени, социјални и рехабилитациски услуги. Поголемиот број корисници кои беа сместени во оваа установа се префрлени во услугата живеење со поддршка, а преселбата на преостанатите е во тек.

Продолжија со работа центрите за поддршка на згрижувачките семејства, кои имаат надлежност за згрижувачите по одредени плански региони и општини и тоа:

- Центар за поддршка на згрижувачките семејства при Детски дом 11 Октомври-Скопје
- Центар за поддршка на згрижувачките семејства при Дом за доенчиња и мали деца Битола

- Центар за поддршка на згрижувачките семејства при СОС Детско село – Скопје

Трите центри за поддршка на згрижувачките семејства ја обезбедуваа услугата за 358 згрижувачки семејства во кои се згрижени вкупно 587 деца.

За центрите за поддршка на згрижувачките семејства со поддршка на УНИЦЕФ изработена е веб-страната www.zgrizuvanje.gov.mk, преку која заинтересираните лица може да добијат информации за згрижувањето, како и за активностите кои ги спроведуваат центрите за поддршка на згрижувачките семејства.

Во насока на обезбедување на поддршка за децата со попреченост, за зголемување на нивната мобилност и поддршка за запишување во редовниот образовен систем усвоен е Закон за изменување на Законот за социјалната заштита[ii] со кој се овозможи услугата лична асистенција да ја користат и деца со навршени шест години живот.

Исто така, донесен е Закон за изменување на Законот за социјалната заштита[iii] со кој се овозможи примена на нов модел за проценка на потребите за лица со попреченост преку функционалната проценка на деца и млади до 26 годишна возраст, како и одредување на мерки за дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка и наод и мислење за видот и степенот на попреченост даваат стручните тела кои вршат функционална проценка. Досега во овие нови тела за проценка на децата со попреченост функционален профил е направен за 2342 деца со попреченост.

Се подготви новиот Правилник за функционална проценка, со што ќе се заокружат сите легислативни измени за имплементација на новиот модел на проценка на способностите и потребите на децата и младите со попреченост, според кој, согласно Меѓународната класификација на функционирање, попреченост и здравје, се опфаќаат сите аспекти на човековото здравје и одредени компоненти на благосостојба.

Во рамки на партиципативен процес, започнат во јуни 2022 година, со вклученост на сите општествени чинители, подготвена е предлог Национална стратегија за правата на лицата со попреченост за 2023-2030 година и Акцискиот план за нејзина имплементација, во насока на унапредување на правата на лицата со попреченост, како и нивно вклучување во општеството на еднаква основа со другите. Следуваат јавни консултации и нејзино усвојување од Владата на Република Северна.

### 3.3.4. УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ИНКЛУЗИЈА НА РОМИТЕ

ЕСРП поставува вкупно 10 индикатори за мерење на унапредувањето на социјалната инклузија на Ромите, поделени во три дела: пазар на труд, образование и здравствена заштита. Напредок се забележува кај индикаторот за вклученост на Роми во активните програми и мерки за вработување каде е надминат поставениот таргет за 2022 година. Учеството на Ромите во вкупниот број на регистрирани невработени лица во АВРСМ (%) бележи благо влошување во споредба со 2021, но се уште е над поставениот таргет за 2022. Околу 7800 Роми ги користеле услугите на Агенцијата за вработување, што е за 78% повеќе во споредба со 2021, но е под таргетот од 10 000 за 2022 година. Напредок во споредба со претходната година има и кај вклученоста на ромски деца (0-6) во претшколско образование, но таа сѐ уште е под нивото од годините пред пандемијата и е далеку под таргетот за 2022 година.

Потребен е и натамошен напор за подобрување на состојбите со средното и високото образование на Ромите. Податокот за запишани студенти - Роми бележи пораст во однос на 2019: во 2021 активни биле 263 студенти Роми, но податокот за 2022 не е достапен во периодот на известување. 125 Роми стиденти биле поддржани со стипендија од МОН, и од нив во прва година биле запишани 50 лица. Напредок покажува стапката на премин на ученици Роми од основно во средно од 77.4% во 2019 на 78% во учебната 2021/2022 година и 82.92% во учебната 2022/2023. Процентот на ученици Роми кои успешно го завршуваат основното образование се намалил во споредба со претходната година, но е далеку над поставениот таргет за оваа програма. Стапката на премин на ученици Роми од средно во високо образование бележи значајно зголемување од 33.5% во 2021 на 53.9% и е надминат

поставениот таргет од 45%. Потребни се натамошни напори кај повеќето индикатори за да се постигнат таргетите поставени за 2022 година.

Добар напредок има кај поддржаните проекти на општините за комунална инфраструктура. Но, сè уште нема позначајни промени кај останатите индикатори во доменот на домување на Ромите и тука се потребни потаргетирани мерки и системски пристап.

| Насловен индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2022 план |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вклученост на Роми во услугите на пазарот на труд и активните програми и мерки за вработување | 227 (во акт. прог. и мерки за враб.) 8071 (услуги) | 251 во активни мерки<br>9736 во услугите | 431 (во активни програми и мерки за вработување)<br>6539 вклучени во услугите за вработување.<br>Во Гаранција за млади вклучени 1530 млади невработени лица Роми | 488 во активни мерки<br>4396 во услугите | 487 во активни мерки<br>7768 во услугите | 325 апмв<br>10000 услуги |
| Учество на Ромите во вкупниот број на регистрирани невработени лица во АВРСМ (%) | 8.52 | 9.1 | 9.2 | 10.2 | 9.5 | 8.7 |
| Вклученост на Ромски деца (0-6) во претшколско образование | 729 | 762 | 347[iii] | 420 | 462 | 1000 |
| Процент на ученици Роми кои успешно го завршуваат основното образование (%) | 77 | 80 % | | 96.8% | 94.99% | 83% |
| Број на запишани студенти-Роми во високо образование | 300 | 192 | | 263 | податокот ќе биде достапен во август 2023 | 400 |
| Стапка на премин на ученици Роми од основно во средно образование (%) | 87.0 | 77.4 % | | 78% | 82.92%. | 92 |
| Стапка на премин на ученици Роми од средно во високо образование (%) | 38.0 | 40.5% | | 33.5% | 53.85% | 45 |
| Број на ромски семејства кои имаат пристап до социјални станови | 118 | 0 | 0 | Нема податоци за бројот на Роми на кои им се доделени социјални станови под закуп;<br>Ниту еден од распределените станови во Струмица не е доделен на ромско семејство/немало Роми апликанти | 6 | 150 |
| Број на реализирани проекти од комуналната инфраструктура во населби со претежно ромско население | : | | 1 | 7 | 11 | 23 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Стапка на доенечка смртност кај ромската популација (на 1,000 živородени деца, промили, ‰) | 10.2 | 7.1 | 11.1 | 11.8 | Не е достапен | <7 |

### 3.3.4.1. Цел: Понатамошно унапредување на условите и квалитетот на живот, пристапот до услуги и социјалната инклузија на Ромите во Република Македонија

Во рамки на имплементацијата на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2022 година **2008 лица ја користеле услугата: Активација на невработени Роми и други лица во ризик од социјално исклучување**.

**Во 2022 идентичен е бројот на Роми вклучени во активните мерки за вработување со претходната година Но, бројот на опслужени Роми со услуги на пазарот на труд бележи раст.**

Учебната 2021/2022 година е четврта година по ред во која со заклучок на Владата на Република Северна Македонија, децата Роми од социјален ризик се вклучени во предучилишното образование со ослободување од партиципација за децата од домаќинства во социјален ризик. **Бројот на запишани деца Роми на национално ниво изнесува 462, од нив 247 се од семејства со социјален ризик кои се ослободени од плаќање на партиципација**. Во 20 општини се ангажирани 20 медијатори за јакнење на свеста кај родителите за важноста од образованието.

Постојат позитивни промени во делот на средното образование на Ромите со стабилен број на доделени стипендии на средношколци Роми.

Во областа на социјалното домување и генерално условите за живот, во 2022 биле реализирани 11 проекти од комуналната инфраструктура во населби со претежно ромско население, што е под таргетот од 23 поставен за 2022. Во тек е изградба на нови социјални станови, и извршена е распределба на дел од социјални становите, и меѓу лицата што се стекнале со право на стан под закуп имало шест Роми.

Во однос на мерката за континуирано подобрување на здравствениот статус и пристапот до здравствена заштита за Ромите, Министерство за здравство обезбедува финансиски средства за поддршка и имплементација на Стратегијата за Ромите за имплементација на проектот ромски здравствени медијатори и ангажирани се 17 ромски здравствени медијатори. Дополнително во ЈЗУ Здравствен Дом, Пехчево се вработени 2 ромски медијатори, ЈЗУ Здравствен Дом, Тетово се вработени 2 ромски медијатори и ЈЗУ Здравствен Дом Кичево 2 ромски медијатори на определено време.

## 3.3.5. СПРАВУВАЊЕ СО КЛУЧНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ ВО ДЕЛОТ НА ОДРЖЛИВОСТА НА ПЕНЗИСКИОТ СИСТЕМ

ЕСРП поставува два исходни индикатори за мерење на справувањето со клучните предизвици во делот на одржливоста на пензискиот систем. Во 2022 и % на изворни приходи во однос на вкупни расходи на ФПИОСМ и % на просечна пензија во просечна плата со кој се мери адекватноста на пензиите бележат напредок споредено со 2021. Сепак, поставените таргети не беа постигнати. Што се однесува на промените кај вториот индикатор, тие се резултат првенствено на побрзиот пораст на платите споредено со пензиите, така што не неопходно овој индикатор треба да се смета за критичен во услови кога порастот на платите беше детерминиран и од пазарни и од непазарни услови (види во делот 2 за движењата на платите).

| Индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2022 план |
|---|---|---|---|---|---|---|
| % на изворни приходи во однос на вкупни расходи на ПИОСМ | 53.1 | 57.33 | 60.02 | 60.47 | 62.72 | 65 |
| % на просечна пензија во просечна плата | 59.5 | 54.41 | 54.72 | 53.02 | 55.64 | 60 |

### 3.3.5.1. Цел: Зајакнување на финансиската одржливост на пензискиот систем и унапредување на ефикасноста во остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување

Во 2022, процентот на изворни приходи во однос на вкупни расходи на ФПИОСМ се зголемил за 2,25 процентни поени споредено со 2021, но е под таргетот поставен за 2022. Ваквото движење е во одредена мера очекувано, имајќи предвид дека не настанаа структурни промени во изворните приходи на ФПИОСМ (како на пример промени во стапките на придонесите за пензиско осигурување).

Во насока на подобрување на квалитетот на услугите на администрацијата во пензискиот систем во рамки на „Проектот за администрирање на социјалното осигурување (Social Insurance Administration Project-SIAP)", во завршна фаза е подготовката на текстот на посебен Закон за централизирано тело за вештачење на инвалидност односно неспособност за работа и Национална методологија за проценка на попреченост, потоа изготвен е нов Закон за вработување и професионална рехабилитација на лица со попреченост.

### 3.3.5.2. Цел: Одржување на адекватноста на пензијата и заштита на стандардот на корисниците на пензија

Просечната пензија претставувала 55.6% во однос на просечна плата и бележи зголемување во споредба со трите претходни години, но е под нивото од 2018 (59.5%) и таргетот од 60% поставен за 2022. Просечната плата растела побрзо од просечната пензија. За заштита на стандардот на корисниците на пензија, се измени методологијата за редовното усогласување на пензиите. Исто така, Владата во два наврати во 2022 усвои пакети еднократна финансиска помош за пензионерите, а со цел одржување на стандардот на корисниците на пензија и ублажување на последиците кои предизвикаа ценовен шок.

## 3.3.6. СПРАВУВАЊЕ СО КЛУЧНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ ВО ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВЕНИОТ СИСТЕМ И ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО

| Индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2022 план |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Стапка на доенечка смртност (промили, ‰) | 9.2 | 5.6 | 5.7 | 4.6 | Податокот ќе биде објавен во јуни 2023 | <7.0 |
| Број на новоизградени и реконструирани јавно-здравствени објекти | 1 нов<br>3 рек. | 7 | 0[iv] | 0 | 1 реконст.<br>1 нов | 2 нови<br>4 рек. |
| Извршена надградба со нови модули на интегрираниот здравствен информатички систем „Мој термин" | 31 (4 нови) функционални модули | 3 нови функционални модули | 5 нови функционални модули | 5 нови функционални модули | 6 нови функционални модули | 33 функционални модули |

### 3.3.6.1. Цел: Унапредување на пристапот до здравствена заштита за сите граѓани, условите во здравството и квалитетот на здравствените услуги

Исходниот индикатор стапка на доенечка смртност во 2021 бележи пад на 4.6 промили (споредено со 5.7 промили во 2020), и е под 7 промили согласно поставениот таргет за 2022. За 2022, податоците ќе бидат објавени во јуни.

Завршена реконструкција на Општата болница во Струмица и кров на објект за физикална медицина и рехабилитација во Клиничка болница Тетово, гасифицирани Општа болница Куманово и ЈЗУ Специјална болница по гинекологија и акушерство – Мајка Тереза во Чаир, Скопје, во завршна фаза од изградба е објектот на поликлиника Сарај, а во тек со намалена динамика е изградба на Општата болница Кичево и изградбата на Клиничката Болница во

Штип, со проектот Замена на амбулантско поликлинички објекти од Здравствен дом Скопје завршени се 3 амбуланти и предадени на корисникот – Амбуланта Ѓорче Петров, Амбуланта Лисиче и Амбуланта Бутел.

Преку проектот за подобрување на енергетска ефикасност на јавните објекти спроведуван преку Министерство за финансии изготвени се основни проекти за 18 објекти кои се вклучени во првата фаза. За УК за Психијатрија , Министерството за финансии го завршило и тендерот за изведба на објектот.

Во однос на **интегрираниот здравствен информатички систем „Мој термин“, во 2022 беше извршена надградба со шест нови модули,** со што таргетот за 2022 е надминат.

Во текот на 2022 година успешно функционираше Центарот за епидемиолошко следење и управување со здравствени кризи за 24/7 следење на состојбата со ковид-19. Изготвен е Прирачник со стандардни оперативни процедури за функционирање на Центарот во услови на следење и управување со епидемии и на други заразни заболувања освен КОВИД-19 и јавно-здравствени кризни состојби. Имаше операционализација на системот за електронско пријавување на заразни болести и АЛЕРТсистем за синдромско пријавување во реално време нова верзија АЛЕРТ 2.0. Се остварува рутинска соработка во континуум преку анализирање на сите расположливи податоци и споделување со референтни институции (WHO, ECDC) според востановени процедури.

### 3.3.6.2. Цел: Подобрување на стручноста и компетентноста на здравствените работници

Во 2022 година се спроведе Програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи (2019 – 2022) и беа доделени специјализации/супспецијализации за вработените во јавните здравствени установи.

# 4. КОМУНИКАЦИЈА

За спроведување на политиките и програмите во областа на вработување, образованието и социјалната заштита се спроведоа разновидни комуникациски активности, како на пример комуникациски кампањи, подготовка и дисеминација на материјали и соопштенија за медиумите, средби на локално ниво или со деловната заедница, интервјуа и настапи на медиумите, итн.

Комуникациски активности се одвиваа во текот на целата година, паралелно за сите клучни теми. Главни канали на комуникација беа веб страниците на министерствата, социјалните медиуми, онлајн медиумите и соодветни дигитални инфо-платформи, специјализирани медиуми/платформи фокусирани и тематски настани и иницијативи. Пристапот што се применуваше е лично и фокусирано обраќање, конкретизирана содржина, едноставни и лесно читливи визуелни и аудио решенија, практични совети и насочувања, технички необременети со административна терминологија. Во комуникациските активности се вклучени двете ресорни министерства и други надлежни институции, релевантни меѓународни организации, корисници, итн.

Поради ограничувањата воведени за спречување на ширење на вирусот, социјалните медиуми и онлајн медиумите станаа доминантни канали за промовирање на политиките и програмите на пошироката заедница.

Во 2022, продолжија да се спроведуваат неколкуте кампања за доближување на реформите до граѓаните, деловната заедница и граѓанскиот сектор:

#ШансаЗаСите



Станува збор за интегрирана промотивна кампања во чиј состав се продуцираат продукти кои го пренесуваат искуството на вистински корисници на мерките за вработување. Промотивните активности се реализираа зависно од динамиката и достапноста, како и пополнување на опфатот на програмите и мерките за вработување (https://kanal5.com.mk/godinava-obezbedeni-30-milioni-evra-za-merki-za-programite-za-vrabotuvanje/a523171). Се реализираше и краткорочна кампања за промовирање на успешните резултати.



**Започна имплементацијата на Оперативниот план за 2022 : Објавени јавните огласи за мерките Самовработување, Практиканство и Вработување и раст на правни субјекти**



Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија денес ги објави првите јавни огласи за учество во дел од мерките од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2022 година. Невработените лица и работодавачите од денес ќе можат да аплицираат за учество во мерките Самовработување, Практиканство и Вработување и раст на правни субјекти.

Се спроведуваа и промотивни активности, главно преку социјалните медиуми за поттикнување на активацијата на корисниците на гарантирана минимална помош на пазарот на трудот. https://www.facebook.com/avrm.lmavg








УЧИ ПАМЕТНО, РАБОТИ СТРУЧНО




Под слоганот „Учи паметно, работи стручно“ беа организирани низа средби со компаниите за отворање на барани профили во стручните училишта. Имено, преку социјален дијалог со компаниите и бизнис заедницата на локално ниво, МОН заедно со општините работеше на утврдување кои профили ќе бидат отворени во средните стручни училишта во новатаа учебната година.

Повеќегодишна кампања за запознавање на јавноста со реформите во сферата на социјалната и детската заштита.

Информациите се однесуваат на инвестициите за развој и унапредување на социјалните услуги, како и на раниот детски развој и образование. Информациите се објавуваат на: https://www.ssip.mk/ и https://www.facebook.com/Se.Grizhime





Градинка Гостивар



Градинка Крива Паланка



Градинка Волково Ѓорче Петров

**Кампања за промовирање на социјалното претприемништво и социјалните претпријатија**

Кампањата се спроведува во рамки на ИПА проектот „Поддршка на социјалните претпријатија". Кампањата опфати одржување на саеми за социјалните претпријатија, застапеност на социјалните медиуми, одржување на обуки, работилници и настани за социјално шретприемништво.

https://centarsp.mk/

https://www.facebook.com/PoddrskaNaSocijalnitePretprijatija




За закажување обука/ работилница или настан поврзан со социјалното претприемништво, потребно е да испратите е-порака од официјалната е-пошта на здружението/ институцијата барател до официјалната е-пошта за контакт на Центарот: centarsp@mtsp.gov.mk

Барањето треба да ги содржи следниве податоци:

- Краток опис на активностите и дејноста на организацијата;
- Краток опис на настанот кој би сакале да го одржите во просториите на Центарот, и која е неговата поврзаност со социјалното претприемништво;
- Предлог за датум и времетраење на настанот (со наведен почеток и крај на настанот);
- Број на учесници кои би присуствувале на настанот.




**Втор национален саем на социјалните претпријатија**



**Регионален саем на социјалните претпријатија од Пелагонискиот регион**

03/10/2022

# 5. ЗАКЛУЧОЦИ И ИДНИ ЧЕКОРИ

ЕСРП предвидува вкупно 78 мерки/активности во трите приоритетни области, од кои две беа целосно спроведени заклучно со 2021. Речиси сите активности беа повеќегодишни, односно за целото времетраење на програмата. Дел од активностите се спроведуваат според годишни оперативни планови, па оценката за степенот на реализација е донесена според тоа дали се остварени годишните планови. Треба да има предвид дека кај дел од активностите, и во случај на целосна имплементација на активноста во 2022, истата активност е релевантна и продолжува да се спроведува и во наредните години (таков е примерот со спроведувањето на активните мерки за вработување). Од друга страна, некои мерки се спроведуваат сукцесивно (особено некои реформски мерки што се финансираат преку проекти), па ако нивното спроведување е започнато и во тек, општата оценка е дека тие делумно се спроведени и во наредниот период, треба да се преземат чекори до целосна реализација.

За 51 мерки е оценето дека целосно се имплементирани, 22 мерки делумно и 3 активности не се започнати со имплементација. Кај 80% од индикаторите е забележано подобрување споредено со претходните години, а кај речиси 60% од нив има натфрлање на целната вредност за 2022 (конечната вредност).

За спроведување на мерките биле потрошени 292 мил. ЕУР, но овие средства се потценети бидејќи не ги опфаќаат, на пример административните трошоци на институциите одговорни за обезбедување на услугите, како и одредени донации што не се дел од Буџетот на РСМ и за кои министерствата немаа информации.

Имајќи го предвид повеќегодишниот карактер на реформите и процесите предвидени со оваа програма, во продолжение се наведени идните чекори во трите приоритетни области:

## Приоритетна област 1: Пазар на труд и вработување

- Доследно спроведување на новиот план за имплементација на Гаранцијата на млади 2023-2026, што се темели на резултатите и искуствата од спроведувањето на ГМ, како и на препораките и насоките на Европската комисија.

  Потребно е зајакнување на теренските активности во насока на активирање на неактивните млади лица.

  Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија е носител на Гаранцијата за млади и зголемувањето на нејзините кадровски, информатички, физички и финансиски ресурси е неопходно за успешно спроведување на програмата. Се очекува дека АВРСМ ќе успее да дигитализира дел од своите процеси и да ги оствари планираните подобрувања на условите за работа и давање на услугите во дел од центрите за вработување. Агенцијатаќе воведе и статистичко профилирање на барателите на работа.

- Инвестициите во активни мерки, нивното продолжувањето и зголемување е значајно, особено за справување со предизвиците од економската и енергетската криза. Од посебна важност се програмите со кои се креираат работни места и обуките за оспособување за работа.

- Предизвик е и доследно спроведување на политиките за **активација на социјално загрозените лица** (корисници на Гарантирана минимална помош, Роми и др.). Ќе се испланираат краткорочни и долгорочни решенија во однос на:

  ~Подобрување на човечките и финансиките ресурси на центрите за социјална работа и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија;

  ~Разгледување на можноста за промени на ГМП и на целокупниот систем на социјална и детска заштита за работата да биде попривлечна опција во споредба со програмата ГМП;

  ~Доследна примена на мерките за октривање и санкции за да се намали можноста корисниците на ГМП да работат во неформалната економија;

~Обезбедување квалитетни советодавни услуги за да се ублажи обесхрабреноста на корисниците на ГМП за интеграција на пазарот на трудот.

Што се однесува до **вработувањето на лицата со попреченост** треба да се усвои новиот закон за вработување на лица со попреченост, кој ќе го уредува новиот концепт на вработување на инвалидни лица.

Во 2022 ќе се спроведува **Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија**, преку подготовка и усвојување на законска рамка и натамошно функционирање на националниот центар за поддршка на социјалните претпријатија, преку обезбедување финансиска поддршка за раст и развој на социјалните претпријатија меѓу другото во функција на отворање работни места и вклучување на најранливите категории на пазарот на труд.

- **Зголемување на учеството на жените на пазарот на трудот и намалување на родовиот јаз** е еден од приоритетите во новата Национална стратегија за вработување 2021-2027. Ќе се продолжи со мерки за активација на жените и намалена родова нееднаквост на пазарот на труд. Ќе биде донесен и нов Закон за родова еднаквост со цел воспоставување на ефикасен систем на родова еднаквост.

  За **усогласување на професионалниот и приватниот живот**, посебно важно е донесувањето на нов Закон за работните односи со кој ќе се воведе отсуство заради татковство, можност за користење на родителско отсуство и од татковците, платено отсуство од работа за давање нега и право на работа со флексибилна форма заради грижа и нега на дете во согласност со Директивата за родителско отсуство на ЕУ и меѓународните трудови стандарди. Министерството за труд и социјална политика и понатаму ќе инвестира во создавање капацитети за опфат на поголем број на деца во предучилишно образование, како и со натамошен развој на сервиси за грижа на стари и изнемоштени лица.

  Ќе се ратификува Конвенцијата на МОТ број 190 за насилство и вознемирување (C190 - Violence and Harassment Convention, 2019) и измени на Законот за заштита од вознемирување на работно место заради унапредување на мерките за елиминирање на сексуалното вознемирување на работното место.

- **Справувањето со неформалната вработеност** во државата е уште еден приоритет за ефикасно и долгорочно подобрување на состојбите на пазарот на труд. Се подготвува законско решение за регулирање на сезонските, привремените и повремените вработувања. Продолжува и зајакнувањето на капацитетите на Државниот инспекторат за труд.

- Во однос на **унапредување на квалитетот на работата и услугите на јавната служба за вработување**, приоритет е зајакнување на човечките ресурси и престројување на работењето на Агенцијата за вработување. Се ревидира методологијата на Анкетата за потребата од вештини на пазарот на трудот. Ќе продолжи соработката помеѓу стручните лица во центрите за социјална работа и центрите за вработување заради вклучување на корисниците на ГМП на пазарот на трудот. Затоа е важно да се зајакне воспоставената комуникација и да се унапредат постоечките процедури на соработка помеѓу центрите, како и надградба на нивните капацитети преку спроведување на обуки.

- Се очекува **социјалниот дијалог** да продолжи да игра клучна улога во обликување на економските, социјалните и политиките на пазарот на трудот за периодот по 2022 година. Се планира поддршка на синдикатите и здруженијата на работодавачи, преку подобрување на видливоста, и преку прилагодување на новата реалност со воведување на нови услуги да ги задржат постојните и да привлечат нови членови. Неопходно е зајакнување на колективното договарање и воопшто на капацитетите за спроведување на новиот Закон за работните односи по неговото донесување.

### Приоритетна област 2: Човечки капитал и вештини

- Во насока на континуирано обезбедување на учебници за учениците во основните училишта, приоритет е подготовка и донесување на нов Закон за учебници за основно и

средно образование, што ќе биде проследено и со изработка и одобрување на нови учебници за прво, второ, четврто и петто одделение согласно новите наставни програми.

Ќе се продолжи и со обезбедување на бесплатно сместување на учениците во ученичките домови, како и со подобрување на условите за сместување во ученичките домови.

За унапредување на вклученоста на учениците со попреченост во редовното основно образование се предвидува понатамошна поддршка на основните училишта со ресурсни центри и зајакнување на нивните капацитети, како и континуирана поддршка и обука на инклзуивните тимови во училиштата.

Со донесување нов Закон за средно образование и отворање ресурсни центри се очекува да се придонесе и кон зголемување на опфатот и вклученоста на учениците со попреченост во средното образование.

Во функција на подобрување на можностите и проширување на опсегот на програмите за учење на возрасните лица со попреченост се очекува верификација на поголем број на програми за неформално образование за возрасни лица со попреченост и целосно оспособување на сите функционалности на регионалните центри за стручно образование и обука.

За **подобрување на содржините и квалитетот во образованието** следува сукцесивна имплементација на Концепцијата за основно образование во сите одделенија, врз основа на која ќе бидат изработени нови наставни програми согласно националните стандарди базирани на компетенции. Понатаму се планира донесување нов Закон за средно образование.

Во функција на јакнење на капацитетите на човечките ресурси во образованието ќе се преземат активности за акредитација на програми за обука на наставници и стручни соработници и изработка на каталог на обуки.

- Во однос на имплементацијата на Националната рамка за квалификации за доживотно учење се очекува понатамошно активна работа на Националниот одбор на Македонската рамка на квалификации во креирањето на политиките за квалификациите. Потребно е да се формираат преостанатите секторски комисии за квалификации.
- Во делот на **зајакнување на вработливоста на работната сила и градење на флексибилни патишта за доживотно учење** се планира во новиот Закон за стручно образование и обука да се уреди системот на постсредно образование, а ќе се обезбеди континуирано промовирање и подобрување на стручните училишта, организирање на советодавни средби со локалната заедница и бизнис секторот, во насока на усогласување на уписната политика во средните стручни училишта согласно потребите на пазарот на трудот. Во Законот ќе бидат вградени одредби од Концептот за учење преку работа и ќе се развие нова формула за начинот на финансирање на стручното образование (земајќи го предвид учењето преку работа). Трите регионални центри за стручно образование и обука во целост ќе се реновираат и ќе се зајакнат нивните капацитети. Ќе се разгледаат можности за воспоставување нови регионални центри во останатите плански региони. По донесување на Законот за образование на возрасни, ќе бидат донесени сите подзаконски акти со кои системски се уредуваат механизмите за валидација на неформалното образование и искуственото учење.

### Приоритетна област 3: Социјална инклузија и социјална заштита

- Продолжува следењето на примената на законите во сферата на **социјалната и детската заштита** од аспект на адекватноста и опфатот на програмите, особено имајќи ја предвид актуелната енергетска криза и порастот на цените. Ќе продолжи развојот на интегриран софтвер на социјалните надоместоци и социјалните услуги. Во однос на достапноста на социјалните услуги, и понатаму ќе се обезбедува финансиска и техничка поддршка за развој на нови социјални услуги на територијата на Република Северна Македонија, како и лиценцирање на ново воспоставените сервиси. Бројот на лиценцирани даватели на услуги се очекува да се зголеми, со опфат на даватели на лиценцирани услуги од сите категории, а

со тоа и зголемување на опфатот на корисници кои ќе имаат пристап до потребните услуги во својата заедница.

Се интензивираат активностите за јакнење на системот на следење и квалитет на социјалните услуги и за подобрување на капацитетите на сегашните и потенцијалните даватели на социјални услуги, вклучувајќи ги општините.

- Продолжува и имплементацијата на **Националната стратегија за деинституционализација** 2018-2027со подготовка за преселба на преостанатите корисници од Специјалниот завод во Демир Капија и Бања Банско во живеење со поддршка, трансформација на постојните установи.

- Продолжува и активацијата на невработени Роми и други лица во ризик од социјално исклучување согласно моделот менторска програма за Роми.

  Ромските образовни медијатори во основно образование продолжуваат со работа, а се зголемува и нивниот број со цел зголемување на опфатот на децата **Роми** во основното образование, намалување на бројот на ученици кои го напуштаат училиштето, намалување на бројот на ученици Роми запишани во училишта за деца со посебни потреби, зајакнување на врските на ромската заедница и родителите со училиштето, преку борба против социјалната исклученост (десегрегација и дискриминација) и почитување на разликите и преку промовирање на интеркултурното образование. Ќе се прошират работните обврски на образовните медијатори со цел опфат и на учениците Роми во средно образование.

  Со поддршка на ИПА се планираат инвестиции во доменот на домувањето на Ромите.

- Во континуитет ќе се преземаат соодветни мерки за обезбедување **социјалната сигурност на пензионерите**. Ќе се направат долгорочни проекции кои ќе покажат потреба за натамошни интервенции во системот со цел да се обезбеди негова одржливост. Фокусот ќе биде на развој на Единствен унифициран регистарски систем и подготовка на потребните законски измени. Истовремено се вршат подготовки за воспоставување централизиран систем за вештачење на инвалидноста, односно способноста за работа и Централно координативно тело за утврдување инвалидност.

- Завршување на започнатите реконструкции и изградби на јавните здравствени установи како и отпочнување со нови во рамки на буџетот на Министерството за здравство. Исто така се планира реконструкција за зголемување на енергетска ефикасност на јавни здравствени установи преку проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор имплементиран преку Министерството за финансии, а финансиран од Светска Банка.

  Ќе бидат надградени и одредени модули на интегрираниот здравствен информатички систем „Мој термин“, а ќе се изврши и интегрирање на ИТ системите на Министерството за здравство и Фондот на здравствено осигурување, за дефинирање на стандарди и основно решение за Единствениот регистер на пациенти за сите здравствени установи.

# АНЕКС 1 – СЛЕДЕЊЕ НА ЕРСП МАТРИЦАТА НА ЦЕЛИ И МЕРКИ

## ПАЗАР НА ТРУД И ВРАБОТУВАЊЕ

### 3.1.1. ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА СО НЕВРАБОТЕНОСТА, ОСОБЕНО КАЈ НАЈРАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ ЛИЦА (МЛАДИ, ДОЛГОРОЧНО НЕВРАБОТЕНИ И ДРУГИ)

**3.1.1.1. Цел: Подобрување на вработеноста на младите и промовирање на повеќе и подобри работни места за младите лица**

| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Искористен буџет |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Поддршка на интегрирањето на младите на пазарот на трудот - поддршка на вработувањето, продолжување на образованието, практикантство (ГМ – интегрирање на пазарот на труд) | **АВРСМ**<br><br>МТСП, ЦОВ и др. локални институции, провајдери на услуги, работодавачи | 2022 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br>Во Гаранцијата за млади за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година беа вклучени 20185 млади невработени лица (10315 жени), од кои 7419 се вработиле, а 1287 лица биле вклучени во некоја од активните мерки за вработување кои имаат за цел да ја зголемат вработливоста на младите лица. Според тоа, успешноста на Гаранција за млади досега изнесува 43%.<br>Од вкупниот број на лица кои се вработиле, 614 лица биле вработени преку посредување при вработување, 965 биле вработени преку некоја од активните мерки за вработување, а 150 се основачи или управители.<br>Од вкупниот број на лица кои се вработиле преку активни мерки за вработување, најголем дел се вработиле преку учество во мерката Субвенционирано вработување (738 лица), и во мерката Финансиска поддршка за создавање нови работни места (179 лица).<br>Од 1237 невработени лица кои биле вклучени во некоја од активните мерки кои не водат кон директно вработување, најголемо учество младите лица имале во Програмата практикантство (1063 лица). | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**:<br>Усвојување и спроведување на Планот за имплементација на Гаранција за млади 2023-2026 (април 2023). | Средствата се претставени под 3.1.1.2. а/ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| б/ Унапредување и проширување на услугите на Агенцијата за вработување насочени кон младите невработени лица (ГМ – активности за активација) | **АВРСМ**<br><br>МТСП | 2022 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>3018 лица вклучени во Гаранција за млади  биле вклучени во некоја од услугите за вработување на Агенцијата за враборување.<br><br>Притоа, спроведено е кариерно советување за 175 лица, профилирани се 1011 лица, изработени се вкупно 1248 Индивидуални планови за вработување (од кои 138 ИПВ 2 за тешко вработливи лица).<br><br>Со цел да се развиваат капацитетите на вработените од центрите за вработување за ефикасна реализација на услугите за работодавачите и невработените лица,  вработените од АВРСМ беа вклучени во обуки за обучувачи за работа со работодавачи  и посредување при вработување за зелени и дигитални работни места, обуки за советниците за работодавачи, обуки за кариерно советување, Гаранција за млади.<br><br>Агенцијата за вработување започна поголем проект за подобрување на физичките услови со кој беа опфатени четири центри за вработување од полошки и југозападен регион, и тоа: Гостивар, Кичево, Македонски Брод и Охрид. | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**:<br><br>Услугите за поддршка на невработените лица за активно барање работа ќе продолжат да се спроведуваат во центрите за вработување во 2023 година. | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| в/ Унапредување и реформи на образовниот систем, со посебен акцент на квалитетот и содржината на стручното образование и обука и неговата релевантност за подготовка на младите за полесна транзиција и интеграција на пазарот на труд (ГМ - рана интервенција) | **МОН**<br><br>МТСП, БРО, ЦССОО, ЦОВ, ДПИ | 2022 | **Статус**: Целосно имплементирана<br>**Остварен напредок:**<br>*Реформирано е четиригодишно стручно образование. Изработени се и формално донесени нови модуларно дизајнирани наставни програми, за сите нови квалификации/ образовни профили во средно стручно образование кои се базирани на резултати од учење, изразени со EQVET кредити и поени за општо-образовните и стручните предмети од прва до четврта година, кои започнаа да се имплементираат од учебната 2019-2020 година (прва година). Наставните програми се изработени во соработка со бизнис заедницата и ги отсликуваат потребите на пазарот на труд.<br>*Во учебната 2022/2023 започнаа да се применуваат новите наставни програми во средните стручни училишта во четврта година, со што целосно е имплементирана реформата.<br>*Под слоганот „Учи паметно, работи стручно“ беа организирани низа средби со компаниите за отворање на барани профили во стручните училишта. Преку социјален дијалог со компаниите и бизнис заедницата на локално ниво, МОН заедно со општините работеше на утврдување кои профили ќе бидат отворени во средните стручни училишта во учебната 2022/2023 година.<br>*Конкурсот за упис на ученици за учебната 2022/2023 година целосно е усогласен со потребите на пазарот на трудот. Процентот на ученици запишани со средните стручни училишта се зголеми на 69% споредено со гимназиските училишта, со што е надминат индикаторот за упис на најмалку 60% од учениците во средните стручни училишта.<br>*За учебната 2022-2023 отворени се 223 дуални паралелки, што е двојно повеќе од учебната 2021/2022 кога беа отворени 97 (учебната 2020/2021 имаше 11).<br>*Завршени се консултациите по предлог текстот на новиот Закон за стручно образование и обука, и истиот е доставен во владина постапка на утврдување. | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**: Организирање советодавни средби со локалната заедница и бизнис секторот за усогласување на уписната политика во средните стручни училишта со потребите на пазарот на трудот за учебната 2023/2024 година | Фискалните импликации за реформата на четиригодишнот о средно стручно образование завршија во 2021 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| г/ Воведување и имплементација на ефикасни механизми за валидација на неформалното и информалното учење (ГМ - рана интервенција) | **МОН**<br><br>МТСП, БРО, ЦССОО, ЦОВ, ДПИ | 2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Во текот на 2022 г. продолжија активностите за пилотирање на механизмите за валидација на неформалното образование и информалното учење за неколку избрани квалификации.<br><br>Предлог Законот за образование на возрасни со кој се уредува целосно постапката/механизмите за валидација на неформалното и информалното учење е целосно усогласен со забелешките во рамки на поширока јавна консултација и истиот е доставен во владина постапка на утврдување. | **Проблеми**:<br><br>Во моментот нема системски (законски уреден) систем за валидација, имајќи предвид дека Законот е во владина процедура на донесување.<br><br>**Идни чекори**:<br><br>По донесување на Законот за образование на возрасни, ќе бидат донесени сите подзаконски акти со кои се уредуваат механизмите за валидација на неформалното образование и искуствено учење, со што истото ќе биде имплементирано системски (акредитација на понудувачи на услуги за валидација, креирање на регистар..). | Нема фискални импликации |
| д/ Надградување и унапредување на постојните модели и информациски системи во функција на креирање порелевантни политики за образование и вработување на младите лица (ГМ - рана интервенција) | **МОН**<br><br>МТСП | 2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Во тек е реализација на компонента од проектот ,,Техничка помош за спроведување на договорот ЕУ за младите“ која за однесува на следењето на учениците од завршните класови од средните стручни училишта. Целта е воспоставување систем за континуирано следење на учениците кои завршиле стручно образование, добивање информации за нивното идно образование или вработување и носење одлуки за образовни политики.<br><br>Системот е претставен пред директорите на сите средни училишта, со цел негова понатамошна промоција пред сите ученици од завршните години.<br><br>Информациониот систем Опсерваторија на вештини, сè уште не е функционален будејќи не е даден законски основ за преземање и обработка на податоци за високото образование. | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**:<br><br>Промоција на системот помеѓу учениците и работодавачите<br><br>Измени на законот за високото образование, за операционализација на Опсерваторијата на вештини | 80.000€<br><br>ИПА фондови |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ѓ/ Идентификување, информирање и мобилизирање на младите за учество во програмите за вклучување на пазарот на труд и зголемување на вработливоста (ГМ – теренски активности) | **АВРСМ**<br><br>МТСП, Агенција за млади и спорт, Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, младински, граѓански организациидавате ли на услуги | 2022 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br>Теренските активностисе спроведуваа од страна на младинските организации, при што:<br>*Повеќе од 5000 млади лица добија информација за Младинската гаранција<br>*2400 млади луѓе од категоријата NEET беа регистрирани во АВРСМ како активни баратели на работа<br>*1141 локални бизниси беа информирани за младинска гаранција | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**: | 45.700€ Швајцарската агенција за развој и соработка и УНДП |
| е/ Јакнење на локалниот пристап за подобрување на вработеноста на младите лица | **МТСП**<br><br>АВРСМ, локални институции, ЛЕСС, социјални партнери, МОТ | 2021 | **Статус**: Целосно имплементирана во 2021<br><br>**Остварен напредок:** | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**: | |

| **3.1.1.2. Цел: Намалување на невработеноста на долгорочно невработените и лицата од останатите ранливи групи** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Искористен буџет |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Подготовка и имплементација на годишните Оперативни планови за услуги на пазарот на труд и активни програми и мерки за вработување, со фокус на дизајнирање на сет | **АВРСМ**<br><br>МТСП социјални партнери, провајдери на услуги | 2022 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br>Се имплементираше Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд за 2022 година (со вклучена Гаранција за млади). Постигнати се следните резултати:<br>– 2001 лица беа вработени со програмата за поддршка на | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**:<br>Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2023 година (во постапка на усвојување од Владата на Република Северна Македонија) е во вкупен износ од 1 972 045 915 МКД (околу 32 милиони ЕУР), со | 25.808.012€ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| од разновидни услуги и мерки прилагодени на потребите на различните специфични ранливи групи на невработени лица | | | самовработување;<br>- 2106 лица се вработени во програмите за субвенционирано вработување, вработување и раст на правни субјекти;<br>- 126 лица беа вработени со програмата за поддршка за вработување на лица со попреченост;<br>- 834 невработени лица беа вклучени во различните програми и мерки за обука;<br>- 1658 невработени беа вклучени во програмата за практикантство;<br>- 616 невработени лица беа вклучени во програмата за работи во заедницата (Општинско корисна работа);<br>- 569 невработени лица беа ангажирани во програмата за јавни работи;<br>- 3550 млади лица беа подржани преку програмата за младински додаток;<br>- 45 лица беа подржани преку пилот мерката за креирање нови работни места преку зелени инвестиции<br>11 505 лица беа вклучени во сите активни програми и мерки за вработување. Вкупно 5171 жени беа вклучени во мерките за вработување.<br>Беа обезбедени следните услуги за вработување за барателите на работа:<br>- 31 229 лица добиле услуга за помош при барање работа;<br>- 383 невработени лица биле вклучени во мотивациски обуки;<br>- 983 невработени лица користеле обуки за Подготовка за вработување и за работа како и Професионална ориентација и кариерно советување;<br>- 2008 лица ја користеле услугата Активација на невработени Роми и други лица во ризик од социјално исклучување;<br>- 349 невработени корисници на гарантирана минимална помош користеле услуги на советување и мотивација (СИМ);<br>- 20 невработени лица биле вклучени во спроведувањето на Анкетата за потреби од вештини на пазарот на трудот. | што продолжува трендот на постојано зголемување на износот на средства од државниот буџет наменети за активни мерки за вработување. Младинската гаранција е дел од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд за 2023 година со планирано вклучување на 10 000 млади лица (15-29 години) на територијата на целата држава. | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| б/ Развивање и спроведување специфични мерки за активација и поддршка на вработувањето на социјално загрозените лица (корисници на Гарантирана минимална помош, Роми и др.), за поттикнување на нивното активно учество на пазарот на труд, барањето работа и вработување | **АВРСМ**<br><br>МТСП; Центри за социјална работа; социјални партнери; провајдери на услуги; | 2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Активацијата и вклучување на ранливите групи на пазарот на трудот, особено на корисниците на гарантирана минимална помош се остварува преку нивно вклучување во специјализирани услуги (менторство и психосоцијална поддршка – СИМ програма) и програми за развој на вештини. Во активните програми и мерки за вработување преку проектот беа вклучени 137, а во услугите за вработување (СИМ програма) 349 корисници на гарантирана минимална помош.<br><br>Во рамките на реализацијата на Оперативниот план биле дадени 7768 услуги и мерки за невработени лица Роми.<br><br>Услугата Активација на невработени Роми и други лица во ризик од социјално исклучување се реализираше преку воспоставување на мрежа од Рома ментори и преку програми базирани на меѓународни искуства (Acceder програмата). Во рамките на оваа услуга невработените лица имаа пристап до тимот на ментори чија улога беше да ги мотивираат и редовно да ги информираат невработените лица Роми и други лица во ризик од социјално исклучување за можностите за вработување или за зголемување на нивната вработливост, како и комуникација со локалниот бизнис сектор во насока на олеснување на пристапот до работна сила од целната група. Преку индивидуален пристап за идентификување на знаењата, квалификациите и вештините со кои располагаат лицата, тие биле упатувани кон соодветни програми и мерки за вработување од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот.<br><br>Дополнително вклучувањето на пазарот на труд на невработените лица беше поддржано и преку Acceder програмата. Моделот се имплементираше во пилот општина со значително присуство на Роми но и добро развиено деловно опкружување, преку воспоставување на пилот центар за поддршка на вработувањето на Роми и други лица изложени на ризик од социјално исклучување во партнерство со избрана граѓанска организација.<br><br>Преку Рома менторите и Acceder програмата биле вклучени вкупно 2008 лица од кои 972 жени (48%) и 657 (33%) млади на | **Проблеми**:<br><br>Предизвици за поефикасна и ефективна активација на корисници на гарантирана минимална помош: иинституционални предизвици, понатаму фактори својствени на самиот систем за социјална заштита, можности за дополнителна заработка од неформална работа, обесхрабрување и семејна динамика кај корисниците на ГМП<br><br>**Идни чекори**:<br><br>*Спроведување на мерките за активација и на други ранливи групи (долгорочно невработени, жени, итн.);<br><br>*Формализација на ангажманот на сезонските, повремени и привремени работници во одредени сектор преку нивно поедноставено пријавување во социјално осигурување | Средствата се претставени под 3.1.1.2. а/<br><br>Процесот на активација и СИМ програмата се<br><br>спроведе со донација од ЕУ (проект „Активација на ранливи групи на пазарот на трудот“), Acceder и менторска програма за Роми е донација од Швајцарската агенција за развој и соработка и УНДП |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | возраст до 29 години. За оваа услуга биле информирани 2545 лица, а за 2008 (972 жени  и 657 млади) лица кои биле вклучени во услугата пополнети се Прашалници за профилирање и вреднување на професионалните капацитети на невработеното лице. Дел од учесниците - 107 лица (59 жени и 54 млади лица) се вклучиле во активна мерка за вработување, а 359 лица (157 жени и 174 млади лица) биле вработени. | | |
| в/ Поддршка на вработувањето на лицата со попреченост | **АВРСМ,**<br><br>МТСП, УНДП | 2022 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Со услугите за професионална рехабилитација и вклучување на пазар на труд на лица со попреченост, вкупно беа опфатени 146 лица од кои 52 (36%) жени и 34 (23%) млади лица до 29 години.<br><br>Професионалната рехабилитација се спроведуваше во РЕХА центрите – Центри за професионална рехабилитација и поддршка при вработувањето на лица со попречености во Скопје и Струмица. Овој модел овозможува спроведување на пристап ориентиран кон клиентот кој во фокусот ги има неговите индивидуални потенцијали и се спроведува во рамки на локална мрежа на даватели на услуги – РЕХА центрите,  центрите за вработување на АВРСМ, центрите за социјална работа, граѓански организации, тренинг центри, образовни установи, работодавачи и др.  Центрите за вработување беа вклучени во активностите кои се поврзани со информирање, вклучување во услугите и активните мерки за вработување кои ги спроведува АВРСМ и сл. | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**:<br><br>Консултации за предлог законот за вработување на инвалидни лица, кој ќе го уредува новиот концепт на вработување на инвалидни лица. | Средствата се претставени под 3.1.1.2. а/<br><br>Овие услуги се спроведуваа во рамките на проектот на УНДП, МТСП и АВРСМ - „Креирање можности за работа за сите“ поддржан од Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ). |
| г/ Развој на социјалното претприемништво, во функција на отворање работни места и вклучување на најранливите категории на пазарот на труд | **МТСП,**<br><br>МЕ, АВРСМ, МФ, АППРМ, ФИТР, НВО, банки и финансиски институции, бизнис сектор | 2020 | **Статус**: Делумно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>*Подготвен е предлог на Закон за социјални претпријатија со кој би се уредил стекнувањето на статус на социјално претпријатие и обезбедување на техничка и финансиска поддршка.<br><br>* Центарот за социјални препријатија организираше еден национален саем во Скопје и 7 регионални  саеми  за промоција на иницијативи за социјални претпријатија и | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**:<br><br>* Заокружување на текстот на предлог на закон за социјални претпријатија, организирање широки консултации и поднесување на предлог Законот до Владата и Собранието за усвојување. | 1.000.000€<br><br>Од кои<br><br>ИПА проект „Поддршка на социјални претпријатија<br><br>+<br><br>413.000€ од ИПА. билатерални и приватни |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | промоција на  нивните услуги и производи со учество на 140 социјални претпријатија. Беа организирани над 40 обуки за поддршка на социјалните претпријатија (за јавни набавки, за маркетинг, за бизнис план, итн.);<br><br>Центарот за социјални препријатија обезбеди поддршка (менторство, практикантство, обуки, советувања, презентации на саеми и сл) на околу 300 припадници од  150 организации од невладин сектор и од други ентитети што се идентификуваат како социјални претпријатија. При тоа, 13 организации добија таргетирана советодавна поддршка благодарение на која беа мобилизирани 115.000 ЕУР како донација и 48.000 ЕУР како кредит за инвестиции во самите организации.<br><br>*  Со средства од ЕУ, две граѓански организации доделија неповратна помош на 16 социјални претпријатија во вкупен износ од околу 250.000 ЕУР за проширување на опсегот на работа на постоечките социјални претпријатија со цел да се зајакне нивната економска независност и да се зголеми нивното социјално влијание. | | донации за социјалните претпријатија |
| д/ Редовно и континуирано мониторирање и оценка на успешноста на активните мерки за вработување и услуги на пазарот на труд, поставување на таргети и следење на нивното исполнување | **АВРСМ,**<br><br>МТСП; социјални партнери; | 2022 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Во согласност со годишниот Оперативен план мониторингот се спроведува „како секојдневно следење на локално ниво од страна на центрите за вработување и на национално ниво од Агенцијата за вработување“. На месечно, квартално и годишно ниво мониторингот се спроведува од МТСП, национален координатор, директор и Одборот за надзор. Агенцијата за вработување има добро разработен ИТ софтверски систем кој обезбедува солидна основа за собирање и обработка на податоци потребни за мониторинг.<br><br>Дополнително, кон крајот на 2022 година, АВРСМ направи адаптација на системот за следење на Гаранцијата за млади согласно со рамката за индикатори од Европскиот совет за вработување (ЕМКО). | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**:<br><br>Унапредување на методологијата на Анкетата за потребата од вештини на пазарот на трудот | Средства од ЕУ и МОТ за унапредување на системот за следење на Гаранцијата на млади |

| 3.1.1.3. Цел: Поттикнување на интеграцијата на жените на пазарот на труд и ублажување на родовите јазови | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Искористен буџет |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Поттикнување на учеството и вработеноста на жените и намалување на родовиот јаз на пазарот на труд | **МТСП,**<br><br>АВРМ, МЕ, МЗШВ, социјални партнери, ДИТ, релевантни невладини организации, бизнис сектор | 2022 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br>*Се усвои Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027, со која се воспоставува сеопфатна рамка со активности за унапредување на родовата еднаквост и унапредување на статусот на жените. Една од целите на донесената Стратегија е намалување на родовиот јаз на економското учество на жените и на пазарот на труд.<br>*При имплементацијата на програмите и мерките за вработување, како и услугите на пазарот на трудот, се почитува принципот на диверзитет и инклузивност за сите општествени категории согласно принципите на правична и адекватна застапеност на полова основа. Во 2022 од вкупниот број на учесници во активните мерки за вработување (11 505) 5171 биле жени.<br>* Во рамки на Програмата за развој на туризмот во Република Северна Македонија за 2022 година, Министерството за економија објави јавен повик за финансиска поддршка за женско претприемништво во туризмот преку субвенционирање на туристички и угостителски претпријатија во сопственост на жени (над 50%) и управувани од жени, преку кофинансирање на 50% од трошоците за опрема, уредување на деловен простор и обуки, но не повеќе од 100.000 МКД (предвидени средства 2.000.000 МКД).<br>*Продолжи спроведувањето на Мерката 115 – Поддршка за активен женски член во земјоделското домаќинство со финансиски грант во висина до 360.000 МКД за набавка на опрема (предвидени средства 40.000.000 МКД). | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**: | 680.000€<br>Мерки за развој и поддршка на женско претприемниш<br>Во туризмот и земјоделството<br><br>Средствата за активни мерки се претставени под 3.1.1.2. а/ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| б/ Усогласување на приватниот и професионалниот живот | **МТСП,**<br><br>ДИТ, ДЗС, УЈП, Државен пазарен инспекторат, Централен регистар | 2022 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Се подготви Програмата за поддршка на социјалната сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност за 2023 година (усвоена во февруари 2023 година). Со Програмата, за прв пат, се остварува правото на користење на надоместок за мајчинство на жените земјоделки, за време на спреченост на вршење земјоделска дејност поради раѓање, право кое не е опфатено со прописите за платено породилно отсуство од областа на работните односи на вршителките не земјоделска дејност.<br><br>Беа отворени 1 јавна установа, 10 објекти во состав на јавни установи, 1 група во други просторни услови и 6 приватни градинки за предучилишно образование со што се креираше капацитет за најмалку 1295 деца. Згрижувањето и воспитанието на децата од предучилишна возраст се остварува во вкупно 81 јавни установи за деца - детски градинки распоредени во 68 општини. Вкупниот број на објекти (згради) на јавните установи во кои се згрижуваат деца од предучилишна возраст е 333, од кои 210 објекти се во градски и 123 објекти во рурални средини. Згрижувањето и воспитувањето на децата од предучилишна возраст се обезбедува во 31 приватни детски градинки со 37 објекти, кои се претежно во урбаните средини и во општините во градот Скопје. Во јавните и приватните установи за згрижување и воспитување на деца згрижени се 37.695 деца на возраст до шест години.<br><br>Продолжија активностите за развој на сервиси за грижа на стари и изнемоштени лица, како што се услуги за нега и грижа во домот, персонална асистенција, отворање на резиденцијални установи за стари лица, итн. | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**:<br><br>Во новиот Закон за работните односи кој е во фаза на подготовка, меѓу останатото, ќе се направи и усогласување на одредени права од националното законодавство со директивата 92/58/ЕЕЗ за воведување мерки за поттикнување на подобрување на безбедноста и здравјето при работа на трудниците и работниците кои неодамна родиле или дојат, Директивата за рамнотежа помеѓу работата и приватниот живот за родителите и старателите 2019/1158, како и со Конвенцијата (бр.183) и Препораката за заштита на мајчинството (бр.191) на МОТ. Предвидени се, исто така, и низа нови одредби кои значат промени во насока на усогласување на професионалниот и приватниот живот на работниците. | 3.743.708€<br><br>Буџет РСМ (Капитални инвестиции) 523.331€<br><br>Буџет на РСМ (Заем на Светска банка): 3,220,377€<br><br>Средствата за сервиси за стари лица се претставени под 3.3.2.1. б/ |

### 3.1.2. СПРАВУВАЊЕ СО НЕФОРМАЛНАТА ВРАБОТЕНОСТ

| 3.1.2.1. Цел: Намалување на неформалната вработеност | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорна | Временска | Напредок | Проблеми и | Искористен |

| | институција | рамка | | идни чекори | буџет |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Унапредување на процесите и механизмите на мерење, следење и детектирање на неформалната економија | **МТСП**<br><br>МЗШВ, МФ, УЈП, социјални партнери | 2021 | **Статус**: Делумно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br>Подготвена е методологија за пресметка на индикатори за големината и карактеристиките на неформалната економија, а започнато е и со разработка на софтверска алатка за собирање и споделување на податоци поврзани со непријавена работа помеѓу институциите. | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**:<br>Финализирање на активностите за воспоставување систем и софтверска алатка за собирање и споделување на податоци поврзани со непријавена работа помеѓу институциите, како и за пресметка на индикатори за големината и карактеристиките на неформалната економија. | (ЕУ,проект „Подобрување на условите за работа“) |
| б/ Мерки за стимулирање и поддршка на формализацијата на неформалните економски активности | **МТСП**<br><br>МЗШВ, МФ, УЈП, социјални партнери | 2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br>Со експертска поддршка обезбедена и во рамки на имплементација на ИПА II проектот за „Подобрување на условите за работа“ и „Подобри услови за вработување на сезонските работници“, поддржан од ГИЗ се подготвија анализи и препораки за дизајнирање на систем и механизми кои ќе придонесат кон намалување на непријавената работа во одредени дејности и сектори од стопанството, за кои е специфична појавата на непријавена работа и вработување (земјоделство, угостителство, туризам, услуги во домот, лични услуги и сл.). Се разработија елементите на моделот за поедноставено пријавување на привремените и привремените ангажмани и сезонската работа во наведените дејности. | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**:<br>*Подготовка на Закон со кој ќе се уреди поедноставено работно ангажирање на сезонски, привремени и повремени работници заради промовирање формално вработување во избрани сектори со поголема застапеност на непријавена работа.<br>*Развој и имплементација на софтверско решение (алатка) за поедноставување на системот за регистрирање сезонски, привремени и повремени работници | |
| в/ Спроведување промотивни активности за информирање и подигнување на јавната свест за потребата и придобивките од формализацијата на неформалната | **МТСП**<br><br>ДИТ, УЈП, инспекциски служби, социјални партнери | 2022 | **Статус**: Не е имплементирана<br><br>**Остварен напредок:** | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**:<br>Спроведување на информативна кампања за непријавената работа по донеување на  Закон со кој ќе се уреди поедноставено работно ангажирање на сезонски, привремени и повремени работници | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| економија, како и за ризиците и штетните ефекти од неформалната работа | | | | | |
| г/ Зајакнување на капацитетите и на ефективноста на инспекциските служби во справувањето со непријавена работа, вклучително и подобрување на усогласеноста со стандардите на Европската унија и практичното спроведување на прописите во делот на работните односи и безбедноста и здравјето при работа | **МТСП**<br><br>ДИТ, инспекциски служби, УЈП социјални партнери, МОТ | 2022 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br>Државниот инпекторат за труд изврши вкупно 24 965 надзори (16 026 надзори од областа на работните односи и 8939 надзори од областа на безбедност и здравје при работа-БЗР). За утврдените недостатоци и неправилности при инспекциските надзори се донесоа вкупно 6111 решенија (3651 од областа на работните односи и 2460 од областа на безбедност и здравје при работа). Заради повреда на законите врз основа на кои се извршени надзорите кај работодавачите издадени се вкупно 550 платни налози (446 од областа на работните односи и 104 од областа на БЗР), 84 прекршочни постапки (72 од областа на работните односи и 12 од областа на БЗР) и 14 кривични постапки ( 5 од областа на работните односи и 9 од областа на БЗР).<br><br>Од областа на БЗР, од вкупниот број на вонредни инспекциски надзори, 1793 надзори се извршени за: потешки повреди при работа (1766), колективни повреди при работа (15) и повреди со смртни последици (12). За споредба, во 2020 и 2021 година имало по 19 повреди со смртни последици годишно, додека во 2022 година се забележува значително намалување (опаѓање) на овој број на повреди за 36.8%.<br><br>Најризични дејности во кои најчесто имало повреди при работа се: преработувачката индустрија (561), дејност на здравствена и социјална заштита (193) и градежништво (170), а во однос на повреди со смртни последици: преработувачка индустрија и градежништво по 4 случаи, земјоделството, шумарството и рибарството, потоа трговијата на големо и мало и поправка на моторни возила, снабдувањето со | **Проблеми:**<br><br>**Идни чекори:**<br>*До крајот на 2023 година планирано е да се реализираат уште 3 нови вработувања на инспектори и 12 унапредувања (9 за инспектори и 3 за администрација).<br><br>*Годишниот план за индивидуално стручно усовршување и обука за инспекторите за труд за 2023 година предвидува вкупно 9 обуки (3 генерички и 6 специјализирани).<br><br>*Во 2023 година буџетот на Државниот инспекторат за труд е 146,9 милиони МКД. Истиот е зголемен за 5 милиони МКД во споредба со буџетот за 2021 година.<br><br>*Продолжуваат активностите во рамки на процесот на унапредување на законската рамка за безбедност и здравје при работа. | 2.298.800€ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | елекртична енергија, гас, пареа и клима, како и стручна научна и техничка дејност по 1 случај.<br><br>Во делот на човечки ресурси, Државниот инспекторат на трудот има вкупно 203 вработени, од кои 127 се инспектори (100 инспектори со лиценца кои вршат инспекциски надзори и 27 без лиценца кои се под менторство и не вршат инспекциски надзори) и 76 административни службеници.<br><br>Согласно Годишниот план за индивидуално стручно усовршување и обука за инспекторите за труд, реализирани се 3 генерички и 3 специјализирани обуки. Целта на спроведувањето на обуките е стекнување на нови знаења и вештини кои значително ќе придонесат кон подобрување на квалитетот на работењето, меѓусебната соработка и комуникација. | | |

### 3.1.3. УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТАТА И УСЛУГИТЕ НА ЈАВНАТА СЛУЖБА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

| 3.1.3.1. Цел: Понатамошно подобрување на капацитетите на АВРСМ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Искористен буџет |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Подобрување на физичките капацитети и условите за работа во службата за вработување | **АВРСМ** | 2022 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br>Агенцијата за вработување започна еден од покрупните проекти за подобрување на физичките услови со кој беа опфатени пет центри за вработување од полошкиот и југозападниот регион на Република Северна Македонија, и тоа: Гостивар, Кичево, Македонски Брод и Охрид. | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**:<br>АВРСМ ќе продолжи со подобрување на физичките капацитети и условите за работа во центрите за вработување. | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| в/ Унапредување на човечките ресурси во јавната служба за вработување преку зголемување на бројот на вработени и обезбедување на нивен континуиран развој | **АВРСМ** | 2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Со измените и дополнувањата на Правилникот за систематизација на работните места од јануари 2022 година во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија беа систематизирани вкупно 137 работни места со 650 извршители. Од нив, пополнети се вкупно 375 работни места, со извршители кои се вработени на неопределено време.<br><br>Според категориите на работни места на вработените во јавниот сектор, структура на вработените во АВРСМ е следната:<br>- 44 раководни административни службеници;<br>- 193 стручно-административни службеници;<br>- 107 помошно-стручни административни службеници;<br>- 8 даватели на јавни услуги и<br>- 23 помошно-технички работници.<br>Работен однос на неопределно време засновале вкупно 21 административни службеници по пат на јавен оглас, 6 даватели на јавни услуги по пат ја јавен оглас во јавни гласила, 4 помошно технички вработени, 133 лица засновале работен однос на определено работно време поради зголемен обем на работа во тековната година и 6 лица засноваа работен однос на определено работно време во организационата единица за имплементација на ИПА и други проекти финансирани од странска помош. Воедно, во тековната година беше овозможено и кариерно напредување на вработените во Агенцијата, при што еден административен службеник беше унапреден од пониско во повисоко работно место по пат на интерен оглас.<br><br>Со цел да се развиваат капацитетите на вработените од центрите за вработување за ефикасна реализација на услугите за работодавачите и невработените лица, вработените од АВРСМ беа вклучени во следните обуки:<br><br>– Обука за обучувачи за вработените во АВРСМ за работа со работодавачи и посредување при вработување за зелени и дигитални работни места;<br>– Работилница на тема: Советник за работодавачи – | **Проблеми**:<br><br>Земајќи го предвид обемот на надлежностите на Агенцијата за вработување и услугите што ги обезбедуваат, секогаш се потенцира потребата од дополнителни човечки ресурси, но секое вработување е ограничено со законски прописи, односно со добивање финансиска согласност од Министерството за финансии.<br><br>Високиот процент на вработени на определено време на долг рок има негативно влијание врз квалитетот на услугите на Агенцијата.<br><br>**Идни чекори**: | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Пракса, научени лекции и иден пристап во исполнувањето на барањата на работодавачите;<br>– Обука за кариерно советување, на тема: „Надградба на знаењата и вештините и размена на искуства“;<br>– Обука на тема „Гаранција за млади“. | | |

**3.1.3.2. Цел: Понатамошно подобрување на услугите и работата на АВРСМ со клиентите (невработените лица и работодавачите)**

| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Искористен буџет |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Унапредување на процесот на профилирање и на изготвување и квалитетот на индивидуалните планови за вработување и нивно поврзување со активните програми и мерки за вработување | **АВРСМ** | 2022 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br>Помош при барање работа опфаќа профилирање и подготовка на индивидуални планови за вработување за невработените лица, советување за вработување, давање информации за потребите на пазарот на трудот, слободни работни места, и др. Со овие услуга беа опфатени 46 951 лица .<br>Во рамки на услугата изработени се 19 774 индивидуални планови за вработување-ИПВ-1 (за лица кои се директно вработливи или со умерени потешкотии при вработувањето) и 4012 индивидуални планови за вработување – ИПВ 2 (за потешко вработливи лица). | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**:<br>Континуирано обезбедување на услугите согласно законските прописи | |
| б/ Унапредување на соработката со работодавачите | **АВРСМ** | 2022 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br>Во текот на 2022 година беа доставени вкупно 6286 барања за посредување при вработување. Во посредувањето беа вклучени вкупно 32 957 лица (15 560 жени; 9620 млади лица до 29 години) и беа вработени 2961 лица (1584 жени; 735 млади лица до 29 години). Од вкупниот број на доставените барања, само од работодавачите од приватниот сектор беа | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**:<br>Континуирано обезбедување на услугите согласно законските прописи | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | доставени 3186 барања за посредување. Во посредувањето беа вклучени вкупно 25 990 лица (10 578жени; 8014 млади лица до 29 години) и беа вработени 260 лица (126 жени; 81 млади лица до 29 години). Решавањето на дел од барањата за посредување при вработување продолжи и во 2023 година, со што се зголеми бројот на позитивно решени барања со обезбедени работници според барањата на работодавачите и бројот на вработени лица. | | |
| в/ Унапредување на соработката на Центрите за вработување со Центрите за социјална работа, особено кога станува збор за активација на лица корисници на гарантирана минимална помош и на други парични надоместоци и бенефиции, лица под ризик од социјална исклученост, меѓу кои Роми, лица со попреченост | **АВРСМ,**<br><br>ЦСР, МТСП | 2020 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Воспоставена е соработка помеѓу сите центри за вработување и центри за социјална работа, со редовна комуникација и одржување работни состаноци, посебно за усогласување на процедурите за селекција на лица корисници на гарантирана минимална помош и изготвување на индивидуалните планови за активација, согласно Правилникот за соработка за вклучување на корисникот на ГМП во активните мерки за вработување од мај 2019 год.<br><br>Воспоставена е електронска размена на податоци и изработка на индивидуалните планови за активација помеѓу центрите за вработување и центрите за социјална работа. Во 2022 година беа изготвени 2417 индивидуални планови за активација. | **Проблеми**:<br><br>Недоволен број на човечки ресурси кои се ставени на располагање за извршување на овие активности, односно водители на случај, но и различен пристап кон корисниците, различни надлежности и географска дистрибуција на двете служби.<br><br>**Идни чекори**:<br><br>*Продолжување со воспоставената комуникација и унапредување на постоечките процедури на соработка помеѓу центрите, како и надградба на нивните капацитети преку спроведување на обуки.<br><br>*Подобрување на соработката помеѓу стручните лица во центрите за социјална работа и центрите за вработување заради изготвување на индивидуални планови за корисниците на ГМП и нивно вклучување на пазарот на трудот. | |

### 3.1.4. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИОТ ДИЈАЛОГ ВО РСМ НА ТРИПАРТИТНО И БИПАРТИТНО НИВО, НА НАЦИОНАЛНО И НА ЛОКАЛНО НИВО, УНАПРЕДУВАЊЕ НА КОЛЕКТИВНОТО ДОГОВАРАЊЕ

| **3.1.4.1. Цел: Јакнење на капацитетите на социјалните партнери и механизмите на социјалниот дијалог** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Искористен буџет |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| а/ Спроведување стратешки и маркетинг планови на организации на работодавачи и синдикати | **Социјални партнери,**<br><br>МОТ, МТСП | 2021 | **Статус**: Не се предвидени активности за 2022<br><br>**Остварен напредок:** | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**: | |
| б/ Зајакнување на постојните и развивање модернизирани услуги кои ќе ги обезбедуваат социјалните партнери (организациите на работодавачи и синдикатите) | **МТСП,**<br><br>Социјални партнери, МОТ | 2021 | **Статус**: Не се предвидени активности за 2022<br><br>**Остварен напредок:** | | |
| в/ Зголемување на учеството на Економско-социјалниот совет во обликувањето на економско-социјалните политики, преку зголемување на капацитетите на ЕСС да обезбедува квалитетни мислења до Владата и спроведување кампањи во координација со ЛЕСС-те | **Социјални партнери**<br><br>МТСП, МОТ | 2021 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Економско-социјалниот совет (ЕСС) продолжи да ја зајакнува својата улога во креирањето на политики од областа на вработувањето, трудот и социјалната политика, одржувајќи вкупно 4 седници, на кои се разгледуваа поголем број на прописи и документи од економско-социјалната сфера. ЕСС редовно е консултиран за најважните предлог закони, политики и мерки во областа (Даночна реформа; Годишен Извештај за работата и функционирањето на Економско-социјалниот совет за 2021 година; Иницијатива за ратификација на три конвенции на МОТ за БЗР во три сектори – рударство К176, градежништво К167 и земјоделство К184; Барање за надминување на последиците предизвикани од високите сметки за електрична енергија во компаниите; Информирање за Предлог на Законот за родова еднаквост и за Законот за спречување и заштита од вознемирување на работа; План за спроведување на Гаранцијата за млади 2023-2026; Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд за 2023 година, и др.<br><br>Работната група на ЕСС продолжи да работи на подготовка на новиот Закон за работните односи, при што организациите на работодавачи и синдикатите имаа можност да ги презентираат нивните предлози и ставови по | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**: | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | однос на нацрт Законот.<br><br>Измените на Законот за минимална плата, договорени во Економско социјалниот совет (ЕСС) и активно учество на социјалните партнери, претставуваа поттик за колективните договори на ниво на гранка и претпријатија, со цел усогласување на платите и нивно скалесто зголемување. | | |
| г/ Зајакнување на социјалниот дијалог на локално ниво, преку иницирање на спроведување локални партнерства за вработување во процес овозможен од Локалните економско-социјални совети | **Социјални партнери,**<br><br>Општини, МОТ, МТСП | 2021 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>Не се предвидени активности за 2022<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>На локално ниво, локалните Економско социјални совети во 14 општини одобрија територијални дијагностики на пазарот на труд, како основа за планирање на локалните политики. | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**: | |
| д/ Поддршка, ефикасно функционирање и натамошно подобрување на воспоставениот механизам за мирно решавање на работни спорови | **МТСП,**<br><br>социјални партнери, МОТ | 2022 | **Статус**: Не е имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Нема промена во правната и институционалната рамка | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**: | |

# ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ И ВЕШТИНИ

## 3.2.1. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТНО ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ И ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ

*

| 3.2.1.1. Цел: Намалување на осипувањето кај учениците и бројот на лица кои рано го напуштаат образованието | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Искористен буџет |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Поттикнување на инклузијата на децата од маргинализираните групи, пред сè во основното и средното образование | **МОН** | 2019-2020 | **Статус**: Целосно имплементирана<br>Континуирано се имплементира<br><br>**Остварен напредок:**<br>Образовните медијатори ангажирани од МОН, работеа на терен во насока на информирање и поддршка на семесјтвата и родителите/старателите за упис на ученици Роми во прво одделение.<br>За учебната 2022/2023 година ангажирани се 40 образовни медијатори за поддршка на основното образование на Роми (за споредба во учебната 2021/2022 година беа ангажирани 35 медијатори).<br>Од страна на основните училишта се користеа инструментите за проверка на знаењето на учениците со надмината возраст со цел нивно вклучување во соодветно одделение на основно образование.<br>Доделени се 913 стипендии за средношколци Роми. | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**:<br>Проширување на работните обврски на образовните медијатори со цел опфат и на учениците Роми во средно образование и ангажирање на педагошки помошници за ученици Роми во општина Шуто Оризари, Гази Баба, Карпош, Ѓорче Петров, Чаир | 381.170€<br><br>(182.276 € за основно образование и 198.894 за средно образование)<br><br>+ Буџет на МТСП за додаток за образование |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 30,179 ученици во основно образование (77.3%) и ученици во средно образование (22.7%) користеа додаток за образование преку МТСП | | |
| б/ Континуирано обезбедување на бесплатни учебници за учениците од основните и средните училишта | **МОН** | 2019-2020 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Во учебната 2022/2023 обезбедени се бесплатни учебници за сите ученици во основните и средните училишта.<br><br>Изработени се нови учебници за прво, второ, четврто и петто одделение, согласно новите наставни програми. Новите учебници се поставени и на веб-страницата на МОН www.e-ucebnici.mon.gov.mk | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**: Донесување на новиот предлог Закон за учебници за основно и средно образование. Изработка и одобрување на нови учебници за трето и шесто одделение согласно новите наставни програми | 10.348.943 € (Буџет на МОН)<br><br>(6.626.829€ за учебници за основно образование и 3.722.114 € за учебници за средно образование)<br><br>+<br><br>64.,758 € (Заем од Светска банка) |
| в/ Обезбедување на бесплатно сместување на учениците во ученичките домови од градовите каде нема средни училишта (гимназиски и стручни училишта) | **МОН** | 2019-2020 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Во учебната 2022/2023 година, обезбедено е бесплатно сместување на 1741 ученик во ученичките домови од градовите каде нема средни (гимназиски и стручни) училишта.<br><br>Од страна на МОН објавен е Конкурс за сместување во законски утврдениот рок и постапката е целосно завршена пред почетокот на учебната година.<br><br>Во насока на подобрување на условите за сместување. започната е реконструкција на ученичкиот дом Ванчо Питошески во Охрид (во склоп на регионалниот центар за стручно образование и обука). | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**: Обезбедување бесплатно сместување на учениците во ученичките домови и во учебната 2023/2024 година. Подобрување на условите за сместување во ученичките домови. | 2.090.243€ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| г/ Засилено следење и евидентирање на учениците кои нередовно ја по сетуваат наставата во училиштето и навремено превземање на соодветни (превентивни) мерки | **МОН** | 2019-2020 | **Статус**: Целосно имплементирана<br>**Остварен напредок:**<br>Следењето е регулирано со Законите за основното и средно образование и тековно се реализира во училиштата во учебната 2022/2023 година. За непосетување на настава се посетува семејството и доколку нема успех се известува Државниот просветен инспекторат.<br>Дополнително, со Законот за основно образование е уредено дека во случај на утврдена причина за напуштање на воспитно образовниот процес кај ученикот, посебно во случај кога ученикот стапил во вонбрачна заедница, училиштето е должно да го извести надлежниот центар за социјални работи, Државниот просветен инспекторат и лицето одговорно за образование во општината во рок од три дена од денот на пријавувањето на промената од страна на родителот односно старателот за негово постапување согласно со закон.<br>Со законите е уреден и систем на советување на ученици и родители/старатели во случаи на нередовно следење на наставата (кога ученикот има направено повеќе од десет неоправдани изостаноци), за што се донесени и Програми за советување на ученици и Програми за советување на родители/старатели. | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**: Ревизија на програмата за советување на ученици и Програми за советување на родители/старатели со поддршка на Уницеф | Нема фискални импликации |
| д/ Зајакната работа со родителите на учениците | **МОН** | 2019-2020 | **Статус**: Целосно имплементирана<br>**Остварен напредок:**<br>Програмите за советување на родители/старатели на ученици од основното и средното образование кои на предлог на Педагошката служба, ги утврдува министерот овозможува да се постигнат целите на советувањето на родителите/старателите: (1) запознавање на родителите/старателите на учениците кои нередовно ја посетуваат наставата, го намалуваат успехот во учењето и/или манифестираат одредена форма на несоодветно однесување со природата и значењето на проблемот што се јавил кај нивните деца; и (2) едуцирање на родителите/старателите за начините на кои може да се подобрат вештините на воспитување на децата и да се унапредат односите во семејството за да можат нивните деца поуспешно да се справуваат со разни видови училишни тешкотии и животни предизвици. Согласно Законите за | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**: Ревизија на програмата за советување на ученици и Програмите за советување на родители/старатели со поддршка на Уницеф. | Нема фискални импликации |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | основно односно средното образование задолжен за спроведување на оваа програма е психологот односно педагогот во училиштето. | | |
| ѓ/ Подобрување на интеграцијата и интеракцијата помеѓу ученици кои следат настава на различен јазик | **МОН** | 2019-2020 | **Статус**: Целосно имплементирана<br>**Остварен напредок:**<br>Во рамки на секое училиште функционира тим за училишна интеграција кој планира и организира активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалог/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција. Согласно Законот за основното образование во рамки на Годишната програма на училиштата се планираат и активности за меѓуетничка интеграција и заеднички ученички иницијативи.<br>Во учебната 2022/2023 доделени се 70 гранта за основни училишта и 24 гранта за средни училишта за реализација на активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција и толеранција во основните и средните училишта, согласно Законите за основното односно средното образование.<br>Со Решение на министерката бр.13-459/2 од 13.1.2022 г. донесени се за прв пат **Стандарди за интеркултурно образование во средното образование.**<br>Од страна на Бирото за развој на образованието акредитирана е обука на тема ,,Мултикултурализам во еднојазични и повеќејазични училишта" која е внесена во Калоготот на обуки на БРО со што наставниците имаат можност да ја изберат и следат оваа обука во нивниот професионален развој. Оваа обука ја поминаа вкупно 2003 наставника во 2022г.<br>Во соработка со Македонски центар за граѓанско образование изработени се две онлајн обуки за наставници и стручни соработници кои се поставени на Едуино и на Иновет платформата: обука за реализација на заеднички часови и обука за примена на стандардите за интеркултуно образование. | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**: Спроведување на обука за Државниот просветен инспекторат за следење на Упатството за заеднички часови и зголемување на износот на грантот кој го доделува МОН на две просечни плати | 47.000 € |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| е/ Поттикнување и поддршка на образованието на ученици - Роми | **МОН**<br><br>МТСП, НВО, РИЦ, | 2019-2020 | **Статус**: Целосно имплементирана<br>**Остварен напредок:**<br>И во 2022 година МОН распиша конкурс за доделување на стипендии на ученици Роми, кои се поделени во четири категории: стипендија за ученици кои имаат среден успех од 4.50 до 5.00, стипендија за ученици кои имаат среден успех од 3.50 до 4.49, стипендија за ученици кои имаат среден успех од 3.00 до 4.49 и мотивирачка стипендија за ученици Роми кои имаат среден успех од 2.00 до 2.99.<br>Зголемен е бројот на стипендии за средношколци Роми од 800 во 2019 година на 913 во 2022 година.<br>Осипот на ученици корисници на стипендии е помал од 1%<br>Од буџетот на МОН ангажирани се 40 образовни медијатори за учебната 2022/2023 година, за основните училишта.<br>Заврши ја активностите за имплементација на Проектот „*Редовно на часови: акција за вклучување на Ромите во основното образование*“. Во септември исплатена е третата/последна рата на 519 стипендисти кои го завршија одделението (прво, второ или трето) во учебната 2021/22 година. | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**: Проширување на работните обврски на образовните медијатори со цел опфат и на учениците Роми во средно образование и ангажирање на педагошки помошници за ученици Ромиво општина Шуто Оризари, Гази Баба, Карпош, Ѓорче Петров, Чаир. | 381.170€ |

| 3.2.1.2. Цел: Унапредување на опфатот и условите за пристап до сите нивоа на образование на лицата (деца/ученици/студенти) со попреченост | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Искористен буџет |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Обезбедување услови за зголемена вклученост на децата со посебни потреби во предучилишното образование | МТСП, МОН, локална самоуправа, | 2019-2022 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br>Со измените на Законот за заштита на децата, повеќе не постои посебна група за деца со посебни потреби туку децата се вклучуваат во редовните згрижувачко воспитни | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**: | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | групи,  пред сè раководејќи се од инклузивноста во згрижувањето а особено на воспитанието на децата. Исто така предвидено е во рамките на советувалиштата за деца и родители кои функционираат во рамките на детските градинки да може да се формираат мултидисциплинарни /инклузивни тимови.<br><br>Се измени на стандардот и нормативот за вршење на дејноста во детските градинки, се усвои и нов пристап за просторните услови, односно воспоставени се нови стандарди и нормативи за градинките, со што просторот во кој децата престојуваат треба да биде уреден согласно нивните потреби за движење и поттикнување на учење преку игра.<br><br>Децата со попреченост имаат приоритет при запишување во градинките. | | |
| б/ Унапредување на вклученоста на учениците со попреченост во редовното основно образование | **МОН,**<br><br>БРО, МТСП, МЗ | 2019-2022 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Формирани се инклузивни тимови во сите училишта, како и инклузивни тимови за ученик за учебната 2022/2023 година.<br><br>За услугата образовна асистенција во Буџетот на МОН за 2022 година обезбедени се повеќе од 280 милиони МКД.  Во насока на поддршка на учениците со попречност во редовната настава, зголемен е бројот на ангажирани образовни асистенти (720 во учебната 2022/23 споредено со 500 асистенти во учебната 2021/22 година), ангажирани од страна на основните училишта со ресурсен центар согласно утврдената реонизација.<br><br>Од страна на БРО изработено и донесено е Упатство за изработка и реализација на модифицирана наставна програма за учениците со комплексни потреби во основното образование, со бр.02-2006/2 од 4.11.2022. Во прилог на Упатството, изработен е пример на модифицирана програма за ученик со комплексни потреби, што треба да им даде насоки на наставниците во подготовките на модифицирани програми за ученици од нивните пралалелки.<br><br>Врз основа на Упатството, со поддршка на Уницеф изготвени се модули за дводневна онлајн обука за членовите на училишните инклузивни тимови, со времетраење  од 4 час по ден на тема: Индивидуален образовен план и Модифицирана програма. За оваа цел, најпрво се обучија | **Проблеми**:<br><br>Сè уште не се формирани сите регионални канцеларии/подрачни единици на Националното координативно тело за МКФ<br><br>**Идни чекори**:<br><br>Континуирана поддршка и обука на инклзуивните тимови во училиштата. | 4.646.634€ (буџетски средства)<br><br>и<br><br>1.290.000€ (ИПА средства за реконструкција на образовни објекти) |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | обучувачи кои потоа ја спроведуваа обуката во парови, онлајн во период од крајот на ноември до крајот на декември во сите основни училишта во земјата вклучително и во ресурсните центри.<br><br>Се спроведоа обуки од Каталогот на обуки на БРО, во рамки на кој се акредитирани и обуки на тема ,,Инклузивно образование во пракса" за стручни соработници и на тема ,,Инклузија и пристапи во пдоучување на ученици со попреченост" која ја поминаа 10 401 наставници.<br><br>Продолжија активностите во рамки на ИПА проектот „Be IN, be INClusive, be INCluded“, воден од Фондацијата „Чекор по чекор“. Во рамки на програмата набавена е опрема за сензорна соба, едукативни и дидактички материјали и рехабилитациско-рекреативна опрема, асистивна технологија, интерактивна табла и маса таблет, опрема за детско инклузивно игралиште и рехабилитациска опрема за надворешни игралишта, согласно спроведениот јавен повик.<br><br>Во 2022 реновирани се 12 основни училишта во насока на обезбедување на услови за инклузија на ученици со физичка попреченост (обезбедување на пристапна рампа, лифт и/или адаптација на тоалети). Шест училишта се реновирани со средства од Буџетот на МОН и заем од Банката на Совет на Европа, а шест во рамки на ИПА проект.<br><br>Започната е постапка за реновирање од помал обем на 118 училишта (изградба на пристапни рампи, реновирање на санитарни јазли и изведба на посебни тоалети за децата со атипичен развој) во рамки на ПЕИП проектот. Завршени се основните проекти за сите 118 училишта, а во 2023 година ќе започнат реконструктивните зафати. | | |
| в/ Зголемување на опфатот и вклученоста на учениците со попреченост во средното образование | **МОН,**<br><br>МТСП, БРО, општини, средни училишта | 2020-2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Изготвен е предлог нов Закон за средно образование, кој меѓу другото ќе има и одредби за зголемување на опфатот и вклученоста на учениците со попреченост во средното образование (по примерот на Законот за основно образование).<br><br>Во учебната 2022/2023 година, 297 ученици со попреченост се вклучени во т.н. редовни средните училишта, додека во посебните средни училишта за ученици со попреченост вклучени се вкупно 245 ученици. За учениците вклучени во | **Проблеми**:<br><br>Постои потреба од системско/законско уредување на инклузијата на учениците со попреченост во редовното средно образование, како и спроведување на обуки за наставниот кадар<br><br>**Идни чекори**:<br><br>Донесување нов Закон за средно образование заедно со подзаконските акти кои ја уредуваат | 123.439€ (буџетски средства за стипендии) и<br><br>1.290.000€ (ИПА средства за реконструкција на 15 образовни објекти) |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | т.н редовни средни училишта, формирани се инклузивни тимови кои изготвуваат индивидуални наставни планови.<br><br>Министерството за образование и наука за учебната 2022/2023 година додели 162 нови стипендии (претходната година доделени се 137 стипендии) за ученици со попреченост, кои учат во средно образование.<br><br>Заврши реконструкцијата на 15 образовни објекти (од кои четири средни училишта) во насока на обезбедување на пристапност, со финансиска поддршка на ЕУ. | инклузијата. | |
| г/ Подобрување на пристапноста и достапноста во високото образование за студентите со попреченост | **МОН,**<br><br>универзитети | 2020-2022 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Уредбата за правото на лицата со попреченост и други лица да бидат ослободени од партиципација за студирање, на предлог на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачката дејност е донесена на 23-та седница на Владата одржана на 8.3.2022г. (објавена во Службен весник бр.61/22 од 15.3.2022<br><br>Заврши реконструкцијата на 15 образовни објекти од кои четири високо-образовни објекти (УКИМ:Факултет за архитектура и Градежен факултет, Правен факултет, Економски факултет и Филозофски и Филолошки факултет) во насока на обезбедување на пристапност, со финансиска поддршка на ЕУ. | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**:<br><br>Континуирана имплементација на Уредбата за правото на лицата со попреченост и други лица да бидат ослободени од партиципација за студирање | 1.290.000€ (ИПА средства за реконструкција на 15 образовни објекти) |
| д/ Подобрување на можностите и проширување на опсегот на програмите за учење на возрасните лица со попреченост | **ЦОВ,**<br><br>даватели на неформално образование | 2020-2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:** Во текот на 2022 г. поднесено е едно барање за верификација на програма за учење на возрасни Личен асистент за лица со оштетен вид. Континуирано се имплементира пограмата за учење на возрасни лица со попреченост (Дигитален маркетер), верификувана во 2021г. | **Проблеми**:<br><br>Слаб интерес кај давателите на услуги за неформално образование за верификација на програми за возрасни лица со попреченост<br><br>**Идни чекори**:<br><br>Верификација на поголем број на програми за неформално образование за возрасни лица со попреченост и целосно оспособување на сите функционалности на регионалните центри за стручно образование и обука | / |

| 3.2.1.3. Цел: Подобрување на содржините и квалитетот во образованието и јакнење на капацитетите на човечките ресурси (капацитетите на училиштата и наставниот кадар) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Искористен буџет |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Подобрување на средината за учење, вклучително и содржините, методите и техниките на учење во насока на обезбедување на индивидуален пристап кон учениците | **МОН,**<br><br>БРО, НАЕОПМ, општини, училишта, универзитети, | 2019-2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br>**Остварен напредок:**<br>Врз основа на Националните стандарди изработени се нови наставни програми за второ и петто одделение (во примена од септември 2022) и за трето и шесто одделение (во примена од септември 2023 г.)<br>Новите наставни програми се базирани на компетенции коишто учениците почнуваат да ги стекнуваат од прво одделение, а продолжуваат да ги развиваат во наредните одделенија, пред сé компетенциите кои произлегуваат од подрачјето со кое наставниот предмет има директна врска, но и трансверзалните компетенции преку кои се остварува и интеграцијата и се овозможува целосен развој на учениците.<br>Издадени се согласности за новофинансирање на наставен кадар за прво одделение за намалување на учениците во паралелка од 20 до максимум 30 ученици, со што од учебната 2022/2023 година исполнета е законската обврска за учениците од прво, второ, трето и четврто одделение (сукцесивно воведување)<br>Согласно Законот за основно образование, обезбеден е т.н тандем наставник по физичко образование за прво, второ, трето и четврто одделение од основно образование, односно покрај одделенскиот наставник, наставата по физичко образование ја изведува и предметен наставник по физичко образование.<br>Согласно Законот за основно образование во сите основни училишта формирани се училишни парламенти | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**:<br>Сукцесивна имплементација на Концепцијата за основно образование со сите одделенија, изработка на нови наставни програми согласно националните стандарди базирани на компетенции.<br><br>Донесување нов Закон за средно образование, Концепција за средно образование и нови наставни програми. | 125.203 € (Буџет на БРО) |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| б/ Подобрување на условите за работа/учење во образованието | **МОН** | 2020-2022 | Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Во текот на 2022 година завршена е изградба/доградба на три училишта а во тек е изградба/доградба на уште три училишта.<br><br>Завршена е реконструкција на 29 основни училишта и 9 средни, а започната е реконструкција на 21 основно и 2 средни училишта. Завршена е испораката на мебел за опремување на кабинети по природни науки за 264 основни училишта. Завршена е испораката на опрема и нагледни средства за кабинетите по природни науки за 358 училишта.<br><br>Завршени се со изградба шест училишни спортските сали во 2022 а во фаза на изградба е една училишна спортска сала. На 17.5.2022г. МОН и Банката за развој при Советот на Европа, потпишаа договор за неповратен грант во висина од 3 милиони ЕУР кои ќе бидат инвестирани за реконструкција на 30 постоечки училишни спортски сали во основни и средни училишта и за набавка на нова спортска опрема за вкупно 50 спортски сали во склоп на основни училишта.<br><br>Започната е постапка за реновирање од помал обем (ќе се изградат пристапни рампи, ќе се реновираат санитарните јазли и ќе се изведат посебни тоалети за децата со атипичен развој, а во некои училишта ќе се реновираат и внатрешната столарија и подовите) во 118 основни училишта кои го исполнуваат индексот на искористеност од 65% (school utilization rate), во рамки на ПЕИП проектот. Завршени се основните проекти за сите 118 училишта, а во 2023 година ќе започнат реконструктивните зафати.<br><br>На 17.5.2022г. МОН и Банката за развој при Советот на Европа, потпишаа договор за неповратен грант во висина од 3 милиони ЕУР кои ќе бидат инвестирани за реконструкција на 30 постоечки училишни спортски сали во основни и средни училишта и за набавка на нова спортска опрема за вкупно 50 спортски сали во склоп на основни училишта. Спроведена е јавна набавка за изработка на проектно техничка документација за рехабилитација на објекти за физичко образование во основните и средните училишта и набавка на спортска опрема.<br><br>Во 2022, одобрен е нов грант за поставување на | **Проблеми**:<br><br>Обезбедување на дозволи за градба за нови училишни спортски сали<br><br>**Идни чекори**:<br><br>На предлог на МОН, Владата ги донесе Програмата за изградба и реконструкција на основните училишта за 2023 и Програмата за изградба и реконструкција на средните училишта за 2023 | 14.762.813 € (Буџет на МОН)<br><br>1.898.576 € (Заем од Светска банка) |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | фотоволтаици во училиштата во износ од 1.100.000 ЕУР. | | |
| в/ Јакнење на капацитетите на човечките ресурси во образованието | **МОН,**<br><br>БРО, ДИЦ, Педагошки факултет, училишта, факултети | 2019-2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br>**Остварен напредок:**<br>Во 2022г. повторно е спроведен повик за наставниците во основните училишта за напредување во звање наставник-ментор, на кој се унапредени 47 наставника.<br>Од првиот повик објавен во 2021 досега во звање ментор се унапредени 188 наставници од основните училишта.<br>Донесена е Програмата за обуки за стручно усовршување на наставниците во основните и средните училишта за 2022 година и Програмата за обуки за стручно усовршување на стручните соработници во основните и средните училишта за 2022 година. Со програмите се пропишани подрачјата, пот-подрачјата и темите за обуките.<br>Завршена е постапката за избор и акредитација на програми за обука и понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар (наставници и стручни соработници) во основните училишта и изготвени се Каталог за акредитирани програми за наставници и Каталог за стручни соработници, од страна на БРО. Каталозите се доставени до сите основни училишта со цел наставниците/стручните соработници да изберат обуки. Во четвртиот квартал се спроведоа обуките за наставниците и стручните соработници, кои ги поминаа вкупно 16 803 наставници и 261 стручен соработник.<br>За утврдување на квалитетот на наставата пред и по спроведување на обуките за наставниците, се спроведуваат две истражувања (базично и последователно) кои ќе го измерат импактот од спроведените обуки. Спроведено е базичното истражување (мерење на квалитетот на настава во основното образование) користејќи го TEACH инструментот на Светска Банка пред реализација на обуките на наставниците.<br>Во мај започна серијалот на вебинари на порталот Едуино. | **Проблеми**:<br>Легислативни пречки за спроведување на кариерен развој за стручните соработници во основните училишта и наставниците и стручните соработници во средните училишта<br><br>**Идни чекори**:<br>Акредитација на програми за обука на наставници и стручни соработници и изработка на каталог на обуки за средно образование.<br>Спроведување на постапка за унапредување во звање за стручни соработници во основното образование и за наставници и стручни соработници во средното образование. | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Во рамки на проектот „Образование за вработување во Северна Македонија – E4E@мк“ развиена е дигитална платформа за обука и професионален развој на наставниците од средните стручни училишта. Платформата ИНОВЕТ (inovet.edu.mk) служи како дигитална база на наставниците во нивниот професионален развој<br><br>Секоја година, МОН распишува конкурс за доделување стипендии на редовни студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Северна Македонија, меѓу кои и 30 стипендии за студенти кои се запишани во прва година на студиски програми на високообразовни установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование. | | |

## 3.2.2. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА НАЦИОНАЛНАТА РАМКА ЗА КВАЛИФИКАЦИИ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ - ОСНОВА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ ВО СИСТЕМОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

| 3.2.2.1. Цел: Воспоставување на одржлив систем на НРК и јакнење на човечките ресурси за негова примена | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Искористен буџет |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Јакнење на улогата на Националниот Одбор на Македонската рамка на квалификации | **МОН** | 2020 | **Статус**: Целосно имплементирана<br>**Остварен напредок:**<br>Во 2022 г. континуирано/редовно работеше и одржуваше седници Националниот одбор на Македонската рамка на квалификации за што беа обезбедени финансиски средства за работа во Буџетот на МОН | **Проблеми**:<br>**Идни чекори**:<br>континуирано/редовно работење на Одборот за НРК | 26.243€ |
| б/ Формирање на Секторски комисии за квалификации | **МОН,**<br>МЕ, МТСП, социјални партнери | 2020 | **Статус**: Делумно имплементирана<br>**Остварен напредок:** Во 2022 не е формирана нова секторска комисија.<br>Формираните секторски комисии редовно одржуваа состаноци, на кои беа разгледувани предлог квалификации и иницијативи за стандард за занимање | **Проблеми**:<br>**Идни чекори**:<br>Формирање на преостанатите секторски комисии | 55.057 € |
| в/ Усвојување и имплементација на Упатства и процедури за осигурување на квалитет согласно препораките на Европската рамка на квалификации (ЕРК) | **МОН,**<br>БРО, ЦСОО, ЦОВ, Национален одбор за МРК, Секторски комисии и други | 2020-2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br>**Остварен напредок:**<br>Во јануари 2022 година од страна на Одборот за национална рамка на квалификации усвоена е првата високообразовна квалификација Наставник во високото образование која се распоредува на ниво VIII во Националната рамка на квалификации. Оваа квалификација е подготвена во рамките на ЕРАЗМУС+ проектот „Подобри академски квалификации преку обезбедување квалитет“ (Better Academic Qualifications through Quality Assurance-BAQUAL-89911-EPLUS2020-EHEA09-2019), и е изготвена за потребите за развојот на компетенциите на наставниците во високото | **Проблеми**:<br>**Идни чекори**:<br>Имплементација на твининг проект „Понатамошна поддршка за имплементирање на НРК”. Обновување и ревидирање на Извештајот за поврзување на НРК со Европската рамка за квалификации (ЕРК). | 1.500.000 € (Твининг проект) |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | образование и ги исполнува барањата за ниво VIII согласно Законот за Националната рамка на квалификации.<br><br>Во рамки на тековниот твининг проект ,,Понатамошна поддршка за имплементирање на НРК”<br><br>Изработен е Прирачник за учесниците во процесот на обезбедување квалитет на квалификации и наставни програми во контекст на заеднички европски реформи и развој на националниот систем на квалификации во Република Северна Македонија;<br>Започната е постапка за развој на моделот за стандарди на високообразовни квалификации. Одржани се средби со неколку високо-образовни установи. Овие активности се посветени на развивање 7 стандарди за високообразовни квалификации: Стандард на квалификација за наставник во основно образование; Стандард на квалификација за наставник во средно образование; Стандард на квалификација за училишен психолог; Стандард на квалификација за педагог; Стандард на квалификација за специјален едукатор и рехабилитатор; Стандард на квалификација за туризам; Стандард на квалификација за угостителство.<br><br>Започната е постапка за обновување и ревидирање на Извештајот за поврзување на НРК со ЕРК и само-потврдување со рамката на квалификации на Европскиот простор за високо образование. Оваа активност ќе ја преземе работна група од поширок состав која ќе вклучува претставници од МОН и повеќе сектори и засегнати страни преку обезбедување на експертиза, советување, размена на знаење и јакнење на капацитетите, реализирано преку помош на меѓународни експерти. | | |
| г/ Надградба на систем за управување со информации за НРК (Регистар на квалификации) | **МОН,**<br><br>МЕ, МТСП, социјални партнери | 2020-2022 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Системот за управување со информации за НРК (Регистар на квалификации) е надграден со модул за регистар стандарди на занимање и модул за ревизија на стандард на занимање. | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**:<br><br>Континуирана употреба на Регистарот на квалификации | 272.383 € (ИПА) |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| д/ Подигање на свеста на заинтересираните страни и корисници за улогата и реформското значење на НРК преку јавни настани и кампањи | **МОН** | 2019-2020 | **Статус**: Делумно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:** Во рамки на твининг проект ,,Понатамошна поддршка за имплементирање на НРК" развиена е Комуникациска стратегија за подобрување на видливоста и подигнување на свеста за НРК и одржана е обука за нејзина имплементација намената за вработени во образовните институции, секторските комисии, коморите.. | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**:<br>Имплементација на твининг проект ,,Понатамошна поддршка за имплементирање на НРК" | 1.500.000 € (Твининг проект) |

## 3.2.3. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ВРАБОТЛИВОСТА НА РАБОТНАТА СИЛА И ГРАДЕЊЕ НА ФЛЕКСИБИЛНИ ПАТИШТА ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ

| 3.2.3.1. Цел: Развој, модернизација и зголемување на атрактивноста на СОО | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Искористен буџет |
| 1 | 2 | 3 | 4 | -5 | 6 |
| а/ Обезбедување на поголема усогласеност на СОО со потребите на пазарот на труд | **МОН**,<br><br>БРО, ЦСОО, МТСП, работодавачи/претпријатија, други релевантни институции, социјални партнери | 2019-2022 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Реформирано е четиригодишно стручно образование. Изработени се и формално донесени нови модуларно дизајнирани наставни програми, за сите нови квалификации/ образовни профили во средно стручно образование кои се базирани на резултати од учење, изразени со EQVET кредити и поени за општо-образовните и стручните предмети од прва до четврта година, кои започнаа да се имплементираат од учебната 2019-2020 година (прва година). Наставните програми се изработени во соработка со бизнис заедницата и ги отсликуваат потребите на пазарот на труд. Во учебната 2022/2023 започнаа да се применуваат новите наставни програми во средните стручни училишта во четврта година, со што целосно е имплементирана реформата на наставните програми<br><br>Под слоганот „Учи паметно, работи стручно“ беа организирани низа средби со компаниите за отворање на барани профили во стручните училишта. Имено, преку социјален дијалог со компаниите и бизнис заедницата на локално ниво, МОН заедно со општините работеше на утврдување кои профили ќе бидат отворени во средните стручни училишта во учебната 2022/2023 година.<br><br>Уписната политика за учебната 2022-2023 е креирана преку социјалниот дијалог „Учи паметно, работи стручно“ кој | **Проблеми**:<br><br>Не доволно развиени капацитети за спроведување на анализи за потребите на пазарот на труд на ниво на општина<br><br>**Идни чекори**:<br><br>Јакнење на капацитетите на општинско ниво за утврдување на потребните профили за упис во средните училишта, согласно потребите на бизнис заедницата на локално ниво | Средствата се претставени под 3.1.1.1. д/ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | резултираше со отворање на 223 дуални паралелки, што е двојно повеќе од учебната 2021/2022 кога беа отворени 97 (учебната 2020/2021 имаше 11).<br><br>Процентот на ученици запишани со средните стручни училишта се зголеми на 69% споредено со гимназиските училишта, со што е надминат утврдениот таргет за упис на најмалку 60% од учениците во средните стручни училишта.<br><br>Во тек е реализација на компонента од проектот ,,Техничка помош за спроведување на договорот ЕУ за младите“ која за однесува на следењето (tracer) на учениците од завршните класови од средните стручни училишта. Целта е воспоставување систем за континуирано следење на учениците кои завршиле стручно образование, добивање информации за нивното идно образование или вработување и носење одлуки за образовни политики.<br><br>Завршени се консултациите по предлог текстот на новиот Закон за стручно образование и обука, и истиот е доставен во владина постапка на утврдување. | | |
| б/ Воспоставување современ и ефективен систем за постсредно образование | **МОН** | 2019-2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br><br>Имплементацијата е во тек<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>На барање на работодавачите/коморите изработени се стандард на занимања, стандард на квалификација и наставни и испитни програми за две квалификации за постсредно образование | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**:<br><br>Донесување на новиот предлог Закон за стручно образование и обука, во кој е уреден системот за постсредно образование | / |
| в/ Мерки за подобрување на атрактивноста, условите за учење и квалитетот на СОО | **МОН,**<br><br>БРО, ЦСОО, општини, училишта за СОО | 2019-2020 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>Континуирано се имплементира<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Во учебната 2022/2023 година доделени се 1310 стипендии за ученици кои се запишаа во паралелки во стручно образование во кои се реализира практично образование со зголемен број на часови согласно програмите за стручно образование (дуално образование), 167 стипендии за ученици кои реализираат наставни планови и програми за стручно оспособување и стручно образование од | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**:<br><br>Континуирано промовирање и подобрување на стручните училишта<br><br>Организирање советодавни средби со локалната заедница и бизнис секторот, во насока на усогласување на уписната политика во средните стручни училишта согласно потребите на пазарот на трудот, за учебната 2023/2024 година | 896.854 € |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | тригодишно траење и 274 стипендии за ученици кои реализираат наставни планови и програми од: електротехничка струка (101), градежно-геодетска струка (66), угостителско-туристичка струка (20), земјоделско-ветеринарна струка (47), машинска струка (20) или текстилно-кожарска струка (20). | | |
| г/ Имплементација на Концептот за учење преку работа | **МОН**,<br><br>ЦСОО, училишта за СОО, работодавачи, комори | 2020 | **Статус**: Делумно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br>На 1.4.2022 промовирани се новите обучувачи на ментори во компанија, чие место во процесот на практичната обука на учениците во компаниите е исклучително важно.<br>Во мај, започна да се реализира регионалниот проект „Обезбедување квалитет во работата на координаторите за учење преку работа“, во насока на зголемување на капацитетите и подготвеноста на средните стручни училишта за професионална соработка со приватниот сектор, во соработка со австриското Федерално министерство за образование, наука и истражување и Агенцијата за образование и интернационализација од Австрија.<br>Од учебната 2022/2023 година во настава се воведени модуларните наставни програми во кои е вклучено и учење преку работа, во четврта година. | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**:<br>Донесување на новиот предлог Закон за стручно образование и обука | / |
| д/ Воспоставување Регионални Центри за стручно образование и обука | **МОН**,<br><br>ЦСОО, ЦОВ, работодавачи | 2019-2022 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br>Во 2022г, работеа трите регионални центри за стручно образование и обука во Тетово, Куманово и Охрид.<br>Продолжи комплетна реконструкција на Државното училиште - Регионален центар за средно стручно образование и обука ,,Киро Бурназ", с. Долно Коњаре, Куманово и Државно училиште Регионален центар за средно стручно образование и обука ,,Ванчо Питошески”, Охрид.<br>Во однос на регионалниот центар во Тетово, продолжија активности за повторување на постапката за обезбедување | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**:<br>*Комплетирање на реконструкцијата на трите регионални центри и набавка на опрема<br><br>*Разгледување на можности за воспоставување нови регионални центри во останатите плански региони. | 6.301.984 € |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | дозвола за реконструкција.<br><br>Во однос на опремата подготвена е тендерската постапка, која ќе биде распишана во 2023 година.<br><br>За наставниот кадар во регионалните центри за стручно образование и обука, со поддршка на Швајцарската амбасада и проектот Е4Е@mk и на УНДП се спроведуваа обуки за натамошно унапредување на нивните вештини.<br><br>Во април 2022 година од страна на Министерот за образование и наука донесен е развоен концепт за воспоставување на Регионален центар за СОО во Северна Македонија. | | |

| 3.2.3.2. Цел: Развој и унапредување на неформалното образование и образованието за возрасни | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорна институција | Временска Рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Искористен буџет |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Зголемување на свеста за значењето, можностите и вклученоста во неформалното образование (НО) и образованието за возрасни (ОВ) и зголемување на знаењата, вештините и компетенциите на возрасните | **МОН**<br><br>ЦОВ, МТСП, даватели на обуки | 2020 | **Статус**: Делумно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Изготвен е нов Закон за образование на возрасни, со кој се уредува постапката за валидација на неформално и информално учење, и истиот е доставен во владина процедура на усвојување (септември 2022). По донесување на Законот од страна на Собранието ќе бидат донесени и сите подзаконски акти со кои подетално ќе се уреди системот на валидација на неформалното и информалното учење.<br><br>Во април 2022 година од страна на Министерот за образование и наука донесен е развоен концепт за воспоставување на Регионален центар за СОО во Северна Македонија. Концептот ги опфаќа: формалното и неформалното образование, образованието на возрасни и валидацијата на неформалното и информалното учење | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**:<br><br>Донесување на новиот Закон за образование на возрасни и сите подзаконски акти. | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | (ВНИУ).<br><br>Во ноември 2022г. донесена е Концепцијата за средно образование на возрасни. Концепцијата ги поставува постулатите за развој на средното образование на возрасните во наредните 10 и повеќе години. Фокусот е ставен на мерки и активности што ќе овозможат возрасните лица активно да се приспособуваат на промените во општеството, кои ќе овозможат личен развој и инклузивно и кохезивно општество што учи и се развива.<br><br>Во октомври беа организирани денови на доживотно учење. Конференцијата имаше за цел афирмирање на концептот за доживотно учење во општеството.<br><br>Во средното стручно образование за возрасни во периодот 2018-2022 се опфатени 4403 ученици од кои успешно го завршиле 3571 учесници. | | |
| б/ Подобрување на ефикасноста, содржината и квалитетот на неформалното образование и образованието на возрасни и зголемување на бројот на даватели на НО и ОВ | **ЦОВ,**<br><br>МОН, МТСП, даватели на неформално образование | 2019-2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Активностите континуирано се спроведуваа, а комисии за верификација на програми и установи и институции за образование на возрасните се формираа врз основа на пристигнати барања<br><br>Во 2022 година, верификувани се 128 нови програми на даватели на услуги за неформално образование на возрасни кои водат кон стекнување на знаења, вештини и компетенции.<br><br>Со предложените измени во новиот закон се унапредува процесот на верификација на посебните програми за образование на возрасните (член 15 и член 16) и процесот на верификација на установи и институции за образование на возрасните (член 17) | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**:<br><br>Донесување на новиот Закон за образование на возрасни и сите подзаконски акти | 240.000€ |

# СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

## 3.3.1. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЕФИКАСНОСТА И ЕФЕКТИВНОСТА НА СИСТЕМОТ ЗА СОЦИЈАЛНА ПОМОШ

### 3.3.1.1. Цел: Подобрување на обемот, опфатот и таргетирањето на системот на социјалната помош

| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Искористен буџет |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Унапредување на адекватноста и зголемување на опфатот на корисници во системот на социјална заштита | **МТСП**<br><br>ЦСР | 2022 | **Статус:** Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br>*Бројот на домаќинства кои добиваат гарантирана минимална помош (ГМП) на крајот на 2022 година изнесува 36 409 (споредено со 37 109 на крајот на 2021).<br>*Со измените и дополнувањата на Законот за социјална заштита („Службен весник на РСМ“ бр.99/22), со кои е обезбедена поддршка од 1000 МКД на корисниците на правото за Гарантирана минимална помош за месеците март, април и мај 2022 година со цел да се ублажат последиците од економско- енергетската криза и ценовниот шок во државата.<br>*Во ноември 2022 година донесен е Законот за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани за справување со енергетската криза (Службен весник на РСМ бр.246/22), со кој се обезбедени по 3.000 МКД месечно или вкупно 12.000 МКД за 4 месеци за секој корисник на право на посебен додаток, на право на надоместок заради попреченост, корисник на право на социјална сигурност за стари лица, корисник на право на надоместок за помош и нега за трајните корисници на ова право, и лицата кои се самохрани родители, а се корисници на ГМП, корисниците на посебен додаток, корисници на правото на пензија во висина до 14,000 МКД, корисници на правото на надоместок за телесно | **Проблеми:**<br><br>**Идни чекори:**<br>Во 2023 ќе продолжи да се развива и тестира нов софтвер што ги интегрира надоместоците и услугите од областа на социјалната заштита. | 131.744.900€ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | оштетување и невработени лица-корисници на право на материјално обезбедување во вид на паричен надоместок.<br>*Во јануари 2023 се направи усогласување на правата од социјална и детска заштита со трошоците за живот за 14.2 % врз основа на податоците на Заводот за статистика.<br>*Во 2023 започна да се развива нов софтвер што ги интегрира надоместоците и услугите од областа на социјалната заштита. | | |
| б/ Обезбедување социјална сигурност за лица над 65 години во ризик од сиромаштија | **МТСП**<br><br>ЦСР | 2022 | **Статус:** Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br>Се применува Законот за социјална сигурност за старите лица. Во декември 2022, 10 586 постари лица над 65 годишна возраст, кои не можат да обезбедат средства за егзистенција по други основи го користеле правото (споредено со 10 292 лица во 2021).<br>Мерките за ублажување на последиците од енергетската криза што ги таргетираа и корисниците на социјалната сигурност се објаснети под активноста 3.3.1.1.а/. | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**: | Средствата се претставени во 3.3.1.1. а/ |
| в/ Унапредување на адекватноста и зголемување на опфатот на деца во системот на заштита на децата | **МТСП**<br><br>ЦСР | 2022 | **Статус:** Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br>Со Законот за заштита на децата, се обезбедуваат парични права за децата, кои се во насока на искоренување на детската сиромаштија и обезбедување еднакви можности за сите деца. Во извештајниот период правото на детски додаток го користеле во просек 46 500 деца, додека правото на додатокот за образование го користеле 30 179 ученици и студенти. Со обезбедените парични средства за исплата на додаток за образование им се помага на родителите во подмирувањето на училишните трошоци со цел редовно следење на наставата и превенирање во раното напуштање на училиште. Бројот на корисници на детски додаток во 2022 е намален споредено со 2021, но се уште за 19% е поголем бројот на деца корисници во 2019 (кога е воведена реформата). Бројот на деца корисници на образовен додаток е зголемен споредено со 2021 и за 220% | **Проблеми:**<br><br>**Идни чекори:** | 62.218.295€ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | поголем споредено со периодот пред реформата.<br>*Направени се измени на Законот за детска заштита со кои се зголеми висината на посебниот додаток за 15 %. | | |
| г/ Подобрување на соработката помеѓу институциите задолжени за спроведување мерки за активација на пазарот на труд и за обезбедување социјална заштита | **АВРСМ**<br><br>ЦСР, МТСП, ГО, даватели на услуги | 2022 | **Статус:** Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br>Во функција на јакнење на соработката, сите центри за вработување и центри за социјална работа назначија координатори за активација и во текот на 2023 ќе се организираат консултативни средби и обуки за назначените координатори. Се подготвија насоки до центрите за социјална работа и центрите за вработување за подготовка и спроведување на индивидуални планови за активација, како и за примена на санкции мерки согласно со Закон кои не се применуваа во време на пандемијата.<br>Соработката помеѓу двете служби резултираше со изработени 2417 индивидуални планови за активирање на корисници на ГМП, додека 625 корисници беа вклучени во активни мерки за вработување во текот на годината.<br>Информациите за воведување на активацијата согласно Правилникот за начинот на соработка за вклучување на корисникот на гарантирана минимална помош во активните мерки за вработување, како и формата и содржината на образецот на индивидуалниот план се дадени во рамки на активноста 3.1.1.2.б/. | **Проблеми:**<br><br>**Идни чекори:** | |

## 3.3.2. ПОДОБРУВАЊЕ НА ДОСТАПНОСТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ

### 3.3.2.1. Цел: Развој и унапредување на социјалните услуги и можностите за вклучување различни субјекти во нивно квалитетно и ефикасно обезбедување

| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Искористен буџет |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Креирање поволна правна рамка за обезбедување социјални услуги од различни даватели | **МТСП** | 2022 | **Статус:** Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br>*Со донесувањето на новиот Правилник за функционална проценка[1] се заокружува легислативната рамка за имплементација на новиот модел на проценка на способностите и потребите на децата и младите со попреченост, според кој, согласно Меѓународната класификација на функционирање, попреченост и здравје, се опфаќаат сите аспекти на човековото здравје и одредени компоненти на благосостојба. Со Правилникот се пропишува начинот на спроведување на функционалната проценка, поблиското определување на мерките за дополнителна поддршка од областа на образованието, здравството, социјалната заштита и заштитата на деца и млади со засегната здравствена состојба до 26 годишна возраст, како и профилите на стручните тимови за функционална проценка.<br><br>*Направени се и измени на Законот за социјална заштита со кои се намали возрасната граница за користење на правото за траен надоместок за родителите кои чувале дете со попреченост без да го сместат во институција (од 64 на 62 години за мажи и од 62 на 60 за жени), а се обезбеди вклучување на децата и лицата со комбинирани пречки во услугата за лична асистенција.<br><br>* Донесена е измена и дополнување на Одлуката за цената на социјалните услуги за 2023 година, каде е определена цена за нова услуга (индивидуален и дневен третман за дете од стручен работник во лиценцираните Дневни центри), платени преку центрите за социјална работа. | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**: | |

[1] „Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 9/23"

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| б/ Обезбедување финансиска и техничка поддршка за развој на социјални услуги | **МТСП** | 2022 | **Статус:** Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>*Континуирано се зголемува бројот на лиценцирани даватели на социјални услуги. До декември 2022 година лиценцирани се вкупно 82 даватели на услуги (споредено со 62 во 2021) кои имаат капацитет да обезбедуваат услуги за 3400 корисници.<br><br>* Околу 80% од лиценцираните провајдери се формирани и/или ги обезбедуваат услугите со средства од државата .Во насока на развојот и одржливоста на испораката на социјални услуги склучени се управни договори за финансирање на социјалните услуги со 19 лиценцирани даватели за услугите (лична асистенција, помош и нега во домот, услуга за дневен престој, привремен престој, живеење со поддршка, третман и рехабилитација на лица кои имаат проблем со зависности и услугата за стручна помош и поддршка). Во Буџетот на Министерството за труд и социјална политика за 2023 година, за финансирање на социјални услуги обезбедени се дополнителни 5.5 милиони ЕУР повеќе од 2022 година, односно вкупно 7.8 милиони ЕУР.<br><br>*Преку „Проектот за подобрување на социјалните услуги“, Министерството за труд и социјална политика, обезбеди поддршка за 34 проекти преку кои се создадоа услови за развој на социјални услуги, кои опфаќаат околу 1300 корисници на локално ниво во вкупно 41 општина. Фактот што близу половина од избраните општини се рурални средини ја потврдува заложбата за достапност на услугите и во најоддалечените места од нашата земја. Еднакво важен аспект од оваа активност е што преку нејзиното спроведување се креираат и нови работи места за над 400 лица кои ги испорачуваат новите социјални услуги на граѓаните. | **Проблеми**:<br><br>Поголемо вклучување на локалните самоуправи и регионалните структури во планирањето и испораката на социјалните услуги<br><br>**Идни чекори**:<br><br>*Зголемување на бројот на лиценцирани даватели на услуги, со опфат на даватели на лиценцирани услуги од сите категории, а со тоа и зголемување на опфатот на корисници кои ќе имаат пристап до потребните услуги во својата заедница. | 1.288.216€<br><br>заем на Светска банка<br><br>Буџет на РСМ 5.222.140€ (програма 46) |

### 3.3.3. ПОДДРШКА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ДЕИНСТИТУЦИОНАЛИЗАЦИЈАТА

| 3.3.3.1. Цел: Зајакнување на процесот на деинституционализација | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорна | Временска | Напредок | Проблеми и | Искористен |

| | институција | Рамка | | идни чекори | буџет |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Комплетирање на трансформацијата на резиденцијалните социјални институции во даватели на современи социјални услуги | **МТСП,**<br><br>шесте резиденцијални социјални установи | 2022 | **Статус:** Делумно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br>*Се воспоставија и 11 станбени единици за живеење со поддршка за 55 корисници. Со тоа функционираат вкупно 53 станбени единици за живеење со поддршка за деца и лица со попреченост, во кои се сместени 265 деца и лица со попреченост.<br>*Се спроведоа подготовки за реконструкцијата на Јавната установа „Завод за рехабилитација на деца и младинци“ во Скопје, која ќе прерасне во Центар за социјални услуги, каде покрај постоечките услуги, предвидени се и палета на здравствени, социјални и рехабилитациски услуги. 15 лица кои беа сместени во оваа установа се префрлени во услугата живеење со поддршка, а во моментот на известување се подготвува преселбата на последните пет корисника.<br>*Продолжија со работа Центрите за поддршка на згрижувачките семејства, кои обезбедуваат услуга за 358 згрижувачки семејства во кои се згрижени вкупно 587 деца.<br>За центрите за поддршка на згрижувачките семејства со поддршка на УНИЦЕФ изработена е веб-страната www.zgrizuvanje.gov.mk, преку која заинтересираните лица може да добијат информации за згрижувањето, како и за активностите кои ги спроведуваат центрите за поддршка на згрижувачките семејства. | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**:<br>* Темелна реконструкција на Заводот за рехабилитација на деца и млади Скопје | |
| б/ Развој на нови социјални услуги согласно новиот Закон за социјалната заштита | **МТСП** | 2022 | **Статус:** Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br>*За преземените чекори за развој на нови социјални услуги е известено во делот 3.3.2.1 б/.<br>*Спроведени се мерки за поддршка и градење на капацитетите на општините за креирање и спроведување на ефикасни локални политики и за обезбедување квалитетни и ефикасни социјални услуги, така што 20 општини имаат | **Проблеми**:<br>*Постои нерамномерна географска распределба на социјалните услуги.<br>*Неповолни услови за работа на негувателите ангажирани за давање на услугата што се одразува на квалитетот на услугата и атрактивноста на професијата.<br><br>**Идни чекори**: | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | планови за социјална заштита, а четири беа во подготовка во 2022.<br>*Спроведени се активности за промоција помеѓу центрите кои даваат индивидуални услуги за децата со попреченост, со цел доближување на можноста да испорачуваат услуги платени од државата, и да им се појасни постапката за лиценцирање на услугата. Во тек е лиценцирање на неколку приватни даватели на индивидуални третмани и отворање на нов ваков центар во април во една од скопските општини, развиен преку проектот за развој на социјални услуги.<br>* Со цел зајакнување на капацитетите на стручните лица во установите за социјална заштита, Заводот за социјални дејности спроведе 67 обуки за стручни лица (56 жени и 11 машки) кои учествуваа на почетна обука како еден од условите за стекнување со лиценца за работа во системот за социјална работа. Исто така, реализирани се вкупно 23 едукации, согласно Програмата за континуирана професионална едукација на ЈУ Завод за социјални дејности со учество на вкупно 616 учесници (510 женски пол и 106 машки) од сите 30 центри за социјална работа установи за социјална заштита и други даватели на социјални услуги.<br>* Развиените модели на извештаи со индикатори за следење на услугите од страна на лиценцираните провајдери на социјални услуги, беа тестирани и се создаде основа за натамошно унапедување на системот на известување на социјалните услуги. | | |
| в/ Отпочнување на деинституционализацијата на институциите за лица со нарушено ментално здравје | **МТСП,МЗ**<br><br>ЦСР, ЕЛС, НВО | 2022 | **Статус:** Не е имплементирана<br><br>**Остварен напредок:** | **Проблеми**:<br>**Идни чекори**:<br>Ова е втора фаза во процесот на деинституционализацијата: согласно Националната стратегија за деинституционализација 2018-2027, институциите за лица со нарушено ментално здравје треба да го отпочнат процесот по 2023 година. | |

### 3.3.4. УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ИНКЛУЗИЈА НА РОМИТЕ

| **3.3.4.1. Цел: Понатамошно унапредување на условите и квалитетот на живот, пристапот до услуги и социјалната инклузија на Ромите во Република Македонија** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Искористен буџет |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Подобрување на можностите за вработување и намалување на невработеноста на ромската заедница и зголемување на вклученоста на Ромите во различните активни програми и мерки за вработување | **МТСП,**<br><br>МОН, АВРСМ, ЦСР, локална самоуправа, РИЦ,, НВО, КЗД, меѓународни организации | 2022 | **Статус:** Целосно имплементирана<br><br>Во реализацијата на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување опфатени се 487 лица Роми. Од нив 46 лица добиле поддршка за самовработување, а 111 лица се вработиле преку поддршка за креирање нови работни места.<br>Во рамки на обуките, вклучени се 22 лица, а во мерката Практикантство вклучени се 43 Роми.<br><br>Преку програмата за работно ангажирање на јавни работи, вклучени се 129 лица, а во програмата општинско корисна работа вклучени се 56 лица.<br>Дополнително 80 млади Роми користеа младинскиот додаток за вработување во дејностите на производството по завршување на средното образование.<br>Во рамките на реализацијата на Оперативниот план биле дадени 7768 услуги за невработени лица Роми.<br><br>Услугата Активација на невработени Роми и други лица во ризик од социјално исклучување се реализираше преку воспоставување на мрежа од Рома ментори и преку програми базирани на меѓународни искуства (Acceder програмата).<br><br>Преку Рома менторите и Acceder програмата биле вклучени вкупно 2008 лица од кои 972 жени (48%) и 657 (33%) млади на возраст до 29 години. За оваа услуга биле информирани 2545 лица, а за 2008 (972 жени и 657 млади) лица кои биле вклучени во услугата пополнети се Прашалници за | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**: | Средствата се претставени под 3.1.1.2. а/ и б/ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | профилирање и вреднување на професионалните капацитети на невработеното лице. Дел од учесниците - 107 лица (59 жени и 54 млади лица) се вклучиле во активна мерка за вработување, а 359 лица (157 жени и 174 млади лица) биле вработени. | | |
| б/ Подигнување на степенот на образование на Ромите и нивната вклученост во сите нивоа на образование | **МОН,**<br><br>МТСП, БРО, ЦОВ, ЦСОО, локална самоуправа, РИЦ,, НВО, КЗД, РЕФ, меѓународни организации | 2022 | **Статус:** Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Бројот на запишани деца Роми на национално ниво изнесува 462 деца.<br><br>Во рамките на проектот за инклузија на деца Роми во Јавните општински установи – детски градинки (ЈОУДГ), 247 деца Роми кои се социјален ризик, во 20 општини (Берово, Битола, Виница, Прилеп, Чаир, Делчево, Кочани, Куманово, Велес, Гази Баба, Пехчево, Дебар, Центар, Кавадарци, Неготино, Крива Паланка, Радовиш, Карпош, Тетово и Гостивар) беа вклучени преку ослободување со партиципација.<br><br>Во 20 општини се ангажирани 20 медијатори за јакнење на свеста кај родителите за важноста од образование и нивно активно вклучување во образовниот процес.<br><br>**Основно образование**<br><br>Образовните медијатори ангажирани од Министерството за образование и наука, работеа на терен во насока на информирање и поддршка на семејствата и родителите/старателите за упис на ученици Роми во прво одделение.<br><br>За учебната 2022/2023 година беа ангажирани 40 образовни медијатори за поддршка на основното образование на Роми (за споредба во учебната 2021/2022 година беа ангажирани 35 медијатори).<br><br>Од страна на основните училишта се користеа инструментите за проверка на знаењето на учениците со надминатата возраст со цел нивно вклучување во соодветно одделение на основно образование.<br><br>Заврши ја имплементација на проектот *,,Редовно на часови: акција за вклучување на Ромите во основното образование".* | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**: | Средствата се претставени под 3.2.1.1. е/ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Во септември  исплатена е третата/последна рата на 519 стипендисти кои го завршија одделението (прво, второ или трето) во учебната 2021/22 година.<br><br>21.025 ученици во основно образование користеа додаток за образование преку МТСП.<br><br>**Средно образование**<br><br>Зголемен е бројот на стипендии за средношколци Роми од 800 во 2019 година на 913 во 2022 година.<br><br>Осипот на ученици корисници на стипендии е помал од 1%.<br><br>6168  ученици во средно образование користеа додаток за образование преку МТСП.<br><br>**Високо образование**<br><br>За учебната 2022/2023 година доделени се 125 стипендии за студенти Роми (50 стипендии за студенти запишани на прва година на студии и 75 стипендии за останатите студиски години) | | |
| в/ Подобрување на квалитетот на домување на ромската заедница и подобрување на инфраструктурата во местата каде живее доминантно ромско население | **МТВ** во соработка со **МТСП**<br><br>**МТВ** во соработка со **АД** за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Република-Скопје<br><br>**Хабитат Македонија, Хоризонти и АКН** | 2022 | **Статус:** Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>* Во врска со мерките за обезбедување на подобрени услови за живеење на ромските семејства преку инвестирање во комунални и инфраструктурни проекти во општини и места со значителна процентуална застапеност на ромско население, Владата на РСМ донесе Програма за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите за 2022 година (Службен весник на РСМ бр. 287/21). Во 2022 г. беа поддржани инфраструктурни проекти на 11 општини: Куманово, Берово, Кратово, Пехчево, Босилово, Штип, Кавадарци, Ранковце, Делчево, Неготино и Шуто Оризари.<br><br>*Продолжи спроведувањето на проектот за домување на социјално ранливи групи Ф/П 1674 , односно изградба на станови кои се наменети за лица во социјален ризик и други ранливи групи кои се станбено необезбедени. Досега се изградени 22 објекти со 1026 стана во 26 општини. Распределба на социјални станови се вршела согласно Одлуката за распределба на социјалните станови, како и условите за нивно користење изградени по Програма за | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**: | 316.148€<br><br>Буџет на РСМ<br><br>(трансфер до о. Куманово, Берово, Кратово, Пехчево, Босилово, Штип, Кавадарци, Ранковце, Делчево, Неготино и Шуто Оризари) |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **ЕЛС** | | изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македониј која ги вбројува припадниците од Ромската етничка заедница и корисниците на ГМП во групата на корисници на социјални станови. Вкупно 5 лица од Гостивар и едно лице од Виница се стекнаа со право на закуп на стан по поднесено барање, односно апликација на распишаните огласи за распределба на социјални станови.<br><br>*Продолжи спроведувањето на четирите проекти финансирани од ЕУ кои опфаќаат легализација на куќите на 700 ромски домаќинства во населбата Трисла, Прилеп, легализација на имотите на 5000 Роми во населбата Баир во Битола, легализација на 1000 куќи во Штип и 40 куќи во Берово. Се опфаќа и изградба на нови живеалишта, во Штип 50 куќи, во Кичево 30 станови, а истовремено ќе има реконструкција на 50 куќи во Прилеп и 15 куќи во Берово. | | |
| г/ Континуирано подобрување на здравствениот статус и пристапот до здравствена заштита за Ромите | **МЗ**<br><br>ФЗОСМ, Здравствени домови, Институт за јавно здравје на РМ, МТСП, ЦСР, локална самоуправа, РИЦ,, НВО | 2022 | **Статус:** Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Во однос на мерката за континуирано подобрување на здравствениот статус и пристапот до здравствена заштита за Ромите, Министерство за здравство обезбедува финансиски средства за поддршка и имплементација на Стратегијата за Ромите за имплементација на проектот ромски здравствени медијатори и ангажирани се 17 ромски здравствени медијатори. Дополнително во ЈЗУ Здравствен Дом, Пехчево се вработени 2 ромски медијатори, ЈЗУ Здравствен Дом, Тетово се вработени 2 ромски медијатори и ЈЗУ Здравствен Дом Кичево 2 ромски медијатори на определено време. | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**: | |

### 3.3.5. СПРАВУВАЊЕ СО КЛУЧНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ ВО ДЕЛОТ НА ОДРЖЛИВОСТА НА ПЕНЗИСКИОТ СИСТЕМ

**3.3.5.1. Цел: Зајакнување на финансиската одржливост на пензискиот систем и унапредување на ефикасноста во остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување**

| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Искористен буџет |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Понатамошно унапредување на финансиската одрживост на пензискиот систем | **ФПИОСМ,**<br><br>МТСП, МАПАС | континуирано | **Статус:** Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br>Не се направија промени во правната рамка што го регулира пензискиот систем. ФПИОСМ подготви Анализа на стабилноста на пензискиот систем. Во август 2022 година, бројот на осигуреници бил 566 673, додека бројот на корисниците на пензија изнесувал 330 640 корисници, или во сооднос 1,71 осигуреници на 1 пензионер. Фондот сите обврски ги извршува редовно и навреме, односно врши редовна и навремена исплата на пензиите и другите права кои произлегуваат од пензиското и инвалидското осигурување. | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**: | |
| б/ Подобрување на квалитетот на услугите во администрирањето на социјалното осигурување, вклучително и подобрување на точноста на податоците во евиденциите за осигурениците во задолжителното социјално осигурување | **МТСП**<br><br>МФ<br>МЗ<br>УЈП<br>АРСМ<br>ФПИОСМ<br>ФЗОСМ | 2022 | **Статус:** Делумно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br>Во насока на подобрување на квалитетот на услугите на администрацијата во пензискиот систем во рамки на „Проектот за администрирање на социјалното осигурување (Social Insurance Administration Project-SIAP)“ се спроведуваат активности за:<br>- *Воспоставување на Единствен регистар на осигуреници за социјално осигурување (Single Unified Registry System - SURS).* | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**:<br>*По донесувањето на Законот за воспоставување на Единствен регистра за осигуреници од социјално осигурување ќе следи чистење на базите на податоци кои ги водат институциите на системот за социјално осигурување, креирање на единствената евиденција во рамките на SURS, поврзување на институциите со SURS, екипирање на SURS | 355.000€ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Се подготвува нацрт Закон за воспоставување на Единствен регистар за осигуреници од социјално осигурување;<br><br>- *Унапредување и модернизирање на деловните процеси на Фондот Северна Македонија (ФПИОСМ)* на пензиското и инвалидското осигурување на во насока на подобрување на точноста на податоците и ефикасноста на оперативните процеси во Фондот, посебно оние поврзани со распределбата на членовите и уплатата на придонесот во приватните пензиски фондови. Во тек е скрининг на деловното работење на Фондот. | и негово поставување во функција. Се очекува новиот систем на единствена регистрација на осигурениците во социјалното осигурување да биде во целосна функција на почеток на 2025 година.<br><br>*Во врска со унапредување и модернизирање на деловните процеси на Фондот на ПИОСМ, по скринингот на сегашната состојба во работењето на Фондот ќе се подготви извештај со препораки за подобрување на работењето на Фондот и изготвување на нови деловни процеси. На база на функционалните решенија кои ќе се предложат, планирани се активности за развој и прилагодување на софтверот на фондот, како и набавка на ИТ опрема. Се очекува оваа активност да заврши последниот квартал од 2023 година. | |
| в/ Олеснување на пристапот до правата по основ на инвалидност или привремено/трајно онеспособување за извршување на работната дејност | **МТСП**<br><br>МФ<br><br>МЗ<br><br>УЈП<br><br>АРСМ<br>ФПИОСМ<br>ФЗОСМ | 2022 | **Статус:** Делумно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Во „Проектот за администрирање на социјалното осигурување (Social Insurance Administration Project-SIAP)“ опфатена е компонентата за:<br><br>**Воведување на централизирано тело за вештачење на инвалидност, односно неспособност за работа за остварување на сите права по основ на инвалидност, односно неспособност за работа*. Во завршна фаза е подготовката на текстот на посебен Закон за централизирано тело за вештачење на инвалидност односно неспособност за работа и Национална методологија за проценка на попреченост.<br><br>**Реформирање на системот за вработување на лицата со попреченост*. Изготвен е нов Закон за вработување и професионална рехабилитација на лица со попреченост. | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**:<br><br>* Во врска со воведувањето на централизирано тело за вештачење на инвалидност односно неспособност за работа после изготвување на Законот за централизирано тело за вештачење на инвалидност и методологијата ќе следи развој на дизајн на Националниот регистар на лица со попреченост и софтверското решение за телото за вештачење.<br><br>*Обезбедување адекватни просторни услови за физичко сместување на единственото тело за вештачење на инвалидност односно неспособност за работа. Се очекува дека до крајот на 2024 година би се завршиле сите активности.<br><br>*Заокружување на нацрт верзијата на Законот за вработување и професионална рехабилитација на лицата со попреченост, како и подзаконски акти (правилници) и јавна | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | дебата по однос на Законот. Се очекува до крајот на 2023 година Законот да се достави на Владата на Република Северна Македонија. | |

**3.3.5.2. Цел: Одржување на адекватноста на пензијата и заштита на стандардот на корисниците на пензија**

| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Искористен буџет |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Обезбедување социјалната сигурност на пензионерите преку мерки на заштита и подобрување на социјалниот стандард на оваа категорија на граѓани | **МТСП** | континуирано | **Статус:** Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Со измените на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, кои стапија на сила во март 2022 година, се воведе нов начин на усогласување на пензијата. Со новата методологија, пензиите се усогласуваат со комбиниран модел од 50% пораст на просечната плата и 50% пораст на трошоци на живот. Усогласувањето согласно измените на Законот придонесе кон раст на пензиите во 2022 година за 9,7%.<br><br>Владата на РСМ усвои и пакет интервентна финансиска помош за пензионерите по 1000 МКД за април, мај и јуни, а со цел одржување на стандардот на корисниците на пензија и ублажување на последиците кои предизвикаа ценовен шок.<br><br>Со Законот за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани за справување со енергетската криза (Службен весник на РСМ, бр. 246/2022) беа обезбедени по 3000 МКД месечно или вкупно 12 000 МКД за 4 месеци за секој корисник на право на социјална сигурност за стари лица, по 1500 МКД месечно или вкупно 6000 МКД за 4 месеци за корисниците на правото на пензија во висина до 11 526 МКД, по 750 МКД месечно или вкупно 3000 МКД за 4 месеци за корисниците на правото на пензија во висина до 14 000 МКД и за корисници на правото на надоместок за | **Проблеми**:<br><br>Проектот за бесплатна бањско-климатска рекреација и бесплатен туристички викенд за пензионери беше стопиран од страна на Владата на РСМ поради КОВИД 19 и немаше реализација во текот на 2022 година, како причина за не родолжување на овој проект се наведува и кризата предизвикана со електрична енергија<br><br>**Идни чекори**: | ФПИОСМ<br><br>5.856.978€<br><br>(Исплати од МТСП и ФПИОСМ по Законот за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани за справување со енергетската криза) |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | телесно оштетување. | | |

## 3.3.6. СПРАВУВАЊЕ СО КЛУЧНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ ВО ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВЕНИОТ СИСТЕМ И ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО

| 3.3.6.1. Цел: Унапредување на пристапот до здравствена заштита за сите граѓани, условите во здравството и квалитетот на здравствените услуги | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Искористен буџет |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Продолжување со мерките за изградба, доградба и реконструкција на јавно здравствени објекти | **МЗ** | 2022 | **Статус:** Делумно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Завршена реконструкција на Општата болница во Струмица и кров на објект за физикална медицина и рехабилитација во Клиничка болница Тетово, гасифицирани Општа болница Куманово и ЈЗУ Специјална болница по гинекологија и акушерство – Мајка Тереза во Чаир, Скопје, во завршна фаза од изградба е објектот на поликлиника Сарај, а во тек со намалена динамика е изградба на Општата болница Кичево и изградбата на Клиничката Болница во Штип, со проектот Замена на амбулантско поликлинички објекти од Здравствен дом Скопје завршени се 3 амбуланти и предадени на корисникот – Амбуланта Ѓорче Петров, Амбуланта Лисиче и Амбуланта Бутел.<br><br>Преку проектот за подобрување на енергетска ефикасност на јавните објекти спроведуван преку Министерство за финансии изготвени се основни проекти за 18 објекти кои се вклучени во првата фаза. За УК за Психијатрија , Министерството за финансии го завршило и тендерот за изведба на објектот. | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**: | 4.531.000€ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| б/ Подобрување на достапноста до здравствена заштита за одредени специфични ранливи групи – бремени жени и доенчиња, возрасни лица на возраст над 62 години, Роми16 и други | **МЗ** | 2022 | **Статус:** Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Согласно Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца за 2022 година се обезбедуваа бесплатни прегледи и лабораториски прегледи во тек на бременост, поврзани со бременост, бесплатно породување за бремени жени, кои се надвор од систем на задолжително здравствено осигурување и лица без документ за идентификација | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**:<br><br>Бесплатни прегледи и лабораториски прегледи во тек на бременост, поврзани со бременост, бесплатно породување за лица без документи за идентификација согласно Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца за 2023 година. | 275.000€ |
| в/ Унапредување и надградба на воспоставениот интегриран здравствен информатички систем „Мој Термин“ | **МЗ** | 2022 | **Статус:** Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br>Информатичкиот систем е надграден со следниве модули и функционалности:<br>*Надградба на модулот за патронажна служба<br>*Модул за Домашно лекување<br>*Портал за пациенти „Мое здравје“<br>*Модул за закажување на прегледи за Стручни комисии за помош и нега од други лица<br>*Електронска картичка за евиденција на јонизирачко зрачење при радиолошки преглед<br>*Модул за скрининг за рано откривање на рак на грло на матка<br>*Надградба на модул Електронски рецепт – сервис за ФЗОРСМ<br>*Надградба на Е-модул за Пријава за раѓање – Приватни установи | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**:<br>Континуирана надградба на Националниот систем Мој Термин, со нови модули како и надградба на постојните модули со нови функционалности, како и интеграција на системот со други системи во и вон здравството. | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| г/ Унапредување на системот за превенција и контрола на заразни болести. | **МЗ** | 2022 | **Статус:** Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>* Функционирање на Центарот за епидемиолошко следење и управување со здравствени кризи за 24/7 следење на состојбата со КОВИД-19, обезбедување на информации во реално-време во две насоки – кон јавно-здравствената власт и базата; изготвување на неделна информација за состојбата, давање на стручна помош и совети, проценка на ризици. Изготвен Прирачник со стандардни оперативни процедури за функционирање на Центарот во услови на следење и управување со епидемии и на други заразни заболувања освен КОВИД-19 и јавно-здравствени кризни состојби<br><br>*Целосно операционализација на системот за електронско пријавување на заразни болести и АЛЕРТ систем за синдромско пријавување во реално време нова верзија АЛЕРТ 2.0<br><br>*Рутинска соработка во континуум преку анализирање на сите расположливи податоци и споделување со референтни институции (WHO, ECDC) според востановени процедури. | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**:<br><br>*Усвојување на измените и дополнувањата односно Предлог Законот за заштита на населението од заразни болести, како и на Предлог Законот за јавно здравје.<br><br>*Рутинските активности и задачи полека се враќаат во нормала и го достигнуваат интензитетот пред пандемијата (до крај на 2023). | |

### 3.3.6.2. Цел: Подобрување на стручноста и компетентноста на здравствените работници

| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Искористен буџет |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| а/ Зголемување на квотите на државни специјализации | **МЗ**<br><br>(Здравствени установи, Медицински факултети) | 2022 | **Статус:** Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Во 2022 година во рамки на Програмата за изменување на Програмата за потребите од специјалистички и суспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи (2019 – 2022) беа објавени 215 места за специјализација и 63 места за суспецијализација на УКИМ медицински факултет Скопје  за вработени во јавни здравствени установи. На Универзитетот Гоце Делчев Штип во 2022 година објавени се 38 места за специјализации. | **Проблеми**:<br><br>Недоволен број на ментори на одделни катедри<br><br>**Идни чекори**:<br><br>Изработка на нова програмата за 2023 година во корелација со реалните потреби на јавните здравствени установи и вработениот кадар на лекари по општа медицина во истите во соработка со високообразовните установи и кадарот од ментори и едукатори. | |
| б/ Обезбедување средства за кофинансирање специјализација, односно субспецијализација на здравствените работници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени | **МЗ** | 2022 | **Статус:** Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Обезбедени средства на вкупно 82 лекари на кофинансирана приватна специјализација, од кои 30 специјализации на Универзитет „Гоце Делчев" Штип и 52 на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, како и продолжување со кофинансирање на истите. | | 125.407€ |

# АНЕКС 2 – СЛЕДЕЊЕ НА ЕРСП МАТРИЦАТА НА ИНДИКАТОРИ И ЦЕЛНИ ВРЕДНОСТИ

## ПАЗАР НА ТРУД И ВРАБОТУВАЊЕ

| Индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2022 план |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Стапка на вработеност (15+) (%)** | 45.1 | 47.3 | 47.2 | 47.2 | **47.3** | 48.5 |
| Стапка на вработеност (15+) - МАЖИ (%) | 54.4 | 56.6 | 55.9 | 56.2 | **55.9** | 58.7 |
| Стапка на вработеност (15+) - ЖЕНИ (%) | 35.8 | 38.1 | 38.4 | 38.3 | **38.8** | 39.0 |
| **Стапка на вработеност на млади лица (15-29) (%)** | 30.9 | 34.4 | 33.5[iv] | 33.4 | **34.4** | 34.5 |

### 3.1.1. ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА СО НЕВРАБОТЕНОСТА, ОСОБЕНО КАЈ НАЈРАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ ЛИЦА (МЛАДИ, ДОЛГОРОЧНО НЕВРАБОТЕНИ И ДРУГИ)

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Стапка на вработеност (20 - 64) (%) | 56.1 | 59.2 | 59.1 | 59.5 | **61.8** | 59.8 |
| Стапка на вработеност (20 - 64) - МАЖИ (%) | 66.6 | 69.7 | 68.9 | 69.5 | **71.8** | 70.4 |
| Стапка на вработеност (20 - 64) - ЖЕНИ (%) | 45.2 | 48.4 | 49.0 | 49.2 | **51.7** | 48.9 |
| Стапка на невработеност (15+) (%) | 20.7 | 17.3 | 16.4[v] | 15.7 | **14.4** | 14.0 |
| Стапка на невработеност на млади лица (15-29) (%) | 37.0 | 30.5 | 29.6[vi] | 27.6 | **25.2** | 30.5 |
| Стапка на долгорочна невработеност (%) | 15.5 | 13.1 | 12.4[vii] | 12.5 | **11.5** | 11.0 |
| Стапка на млади лица кои не се вработени, ниту во образование или обука (NEET, 15-29) | 29.8 | 24.5 | 26.2[viii] | 24.3 | **22.8** | 22.9 |
| Вкупен број лица вклучени во различните услуги на пазарот на труд и активни програми и мерки за вработување | 117 347 | 7598 во активни мерки<br>115 836 во услуги | 10 953 во активни мерки<br>57 087 во услуги | 11.292 во активни мерки<br>75.175 во услуги | **11 505 во активни мерки 46 951 во услуги** | Мин.60 000 годишно |
| Опфат на млади лица (15-29) со програми. мерки услуги за вработување, во рамки на годишните Оперативни планови | 38.8% | 56.45% во активни мерки<br>38.34 % во услуги | 66.8% во активни мерки<br>35.5 % во услуги | 66.5% во активни мерки 29.3 % во услуги | **65.7% во активни мерки 23.4 % во услуги** | Мин. 30% |
| Сите млади лица кои што првпат се пријавуваат во АВРСМ се профилирани рано, т.е. во текот на првиот месец од периодот на невработеност | √ | √ | √ | √ | **√** | √ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на млади вклучени (регистрирани) во Гаранцијата за млади | : | 20 302 | 25 502 (12 863 жени) | 19.322 | **20 185** | Мин. 10 000 |
| % од младите вклучени во Гаранцијата за млади. кои во период од четири месеци по вклучувањето во ГМ имале успешен излез (или се вработиле или се вклучиле во одредена обука или друга активна мерка) | : | 35% | 35% | 41% | **43%** | Мин. 30% |
| Процент на невработени лица – корисници на права од Центрите за социјални работи (ГМП), во однос на вкупниот број на учесници во активните програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот | : | 5.4 % во активни мерки 24.3% во услуги | 3.5 % во активни мерки 16.6% во услуги | 6.5 % во активни мерки 17.6% во услуги | **5.4 % во активни мерки 22 % во услуги (10676)** | 30% |
| Процент на евидентирани вработувања на лица со инвалидност во отвореното стопанство, во однос на вработувањата во заштитни друштва | 69% | 73.9% | 71.3 % | 61.89% | **67.3%** | >60% |

### 3.1.2. СПРАВУВАЊЕ СО НЕФОРМАЛНАТА ВРАБОТЕНОСТ

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Учество/удел на неформално вработени во вкупниот број вработени (%) | 18.6 | 16.1 | 13.6 | 12.1 | **12.2%** | 16.5% |

### 3.1.3. УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТАТА И УСЛУГИТЕ НА ЈАВНАТА СЛУЖБА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на реновирани/реконструирани подрачни центри за вработување со значително подобрени услови за работа | 15 | 1 | 1 | 2 | **5** | 25 |
| Број на вработени во АВРСМ и број на лица вклучени во активности за јакнење на нивите капацитети (обуки, работилници, семинари и сл.) | 430 | 127 | 129 | 253 | **114** | мин. 550 секој од враб. најмалку еднаш годишно вклучен во обука/семинар |
| Број на невработени лица за кои е изготвен ИПВ-2 | 6213 | 7514 | 3448[ix] | 4070 | **4012** | 14 000 Од кои мин. 60% вклучени во активна мерка или услуга |
| Број на барања за посредување при вработување до АВРСМ од работодавачи | 4824 3164 (66%) позитивно решени | 4705 3013 (64.04%) позитивно решени | 3646 2767 (75.9%) позитивно решени | 4151 2751 (66.3%) позитивно решени | **6286 2961 (47% позитивно решени)** | 6000 Најголем дел позитивно решени |

### 3.1.4. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИОТ ДИЈАЛОГ ВО РСМ НА ТРИПАРТИТНО И БИПАРТИТНО НИВО, НА НАЦИОНАЛНО И НА ЛОКАЛНО НИВО, УНАПРЕДУВАЊЕ НА КОЛЕКТИВНОТО ДОГОВАРАЊЕ

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Стапка на синдикална организираност (%) | 21.16 | 19.83 | 17.29 | 16.76 | Немаме нови податоци од страна **на** синдикатите | >26 |
| Стапка на покриеност со колективно договарање на ниво на гранка, односно оддел (%) | 32.68 | | 38.46 | 43.39 | **49%** | 37 |
| Број на колективни договори на ниво на работодавач | 85 * (остварување во 2017) | 92 | 92 | 92 | **101** | 95-100 |
| Стапка на успешно решени колективни работни спорови преку механизмот за мирно решавање на работни спорови | 60% | 60% | 60% | 100% | **100%** | Мин. 70% |
| Воспоставен и функционален механизам за следење на препораките на ЕСС / редовно следење на бројот на мислења/препораки упатени до владата на РМ | 7 мисл./преп. | 10 мисл./преп. | 2 мисл./преп. | 9 мисл./преп. | **9** | Мин. 3 мисл./преп. |

## ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ И ВЕШТИНИ

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Индекс на човеков развој** | 0.779 | 0.784 | 0.774 | 0.770 | ќе се објави во 2023 | 0.780 |

### 3.2.1. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТНО ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ И ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Стапка на лица кои рано го напуштаат образованието (%) | 7.1 | 7.1 | 5.7[x] | 4.6[xi] | **6.2** | 6.8 |
| Удел на лицата на возраст 30-34 години кои имаат завршено високо образование (%) | 33.3 | 35.7 | 39.7[xii] | 36.9[xiii] | **35.7** | 40 |
| Стапка на ученици со посебни потреби вклучени во редовното основно и средно образование (%) | 64.8 | | 67.1 | 66.6 | **67** | 70 |

### 3.2.2. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА НАЦИОНАЛНАТА РАМКА ЗА КВАЛИФИКАЦИИ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ - ОСНОВА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ ВО СИСТЕМОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на формирани Секторски Комисии за квалификации (за развој и проверка на квалитетот на квалификациите во одредени сектори) | 9 | 9 | 10 | 11 | **11** | 16 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Воспоставена и функционална Опсерваторија за вештини (за предвидување на потребите од вештини на пазарот на труд) | Не е воспоставена | Не е функционална. Внесени се одредби во новиот Закон за основно образование (од 2019 година) за обработка на лични податоци за потребите на Опсерваторија на вештини, а потребно е да се внесат одредби и во Законот за средно и Законот за високо обраазование за да биде функционална | Фукционална е Внесени се одредби во Законот за средно образование (од 2020 година) за обработка на лични податоци за потребите на Опсерваторија на вештини, а потребно е да се внесат одредби и во Законот за високо обраазование за да може да се добиваат статистички податоци и анализи за високото образование | Фукционална е. Потребно е да се внесат одредби и во Законот за високо образование за да може да се добиваат статистички податоци и анализи за високото образование | Функционална е. потребно е да се внесат одредби и во Законот за високо образование за да може да се добиваат статистички податоци и анализи за високото образование | Воспоставена е |
| Функционален Регистер на квалификации (за преглед и транспарентност на квалификациите) | Воспоставен регистер | Воспоставен регистер | Функционален регистар за стандард на квалификации | Функционален регистар за стандард на квалификации, започната е постапката за надградба на регистарот | **Индикаторот е постигнат**. Функционален и надграден регистар со модул за регистар стандарди на занимање и модул за ревизија на стандард на занимање | Функционален и надграден регистар со модул за регистар стандарди на занимање и модул за ревизија на стандард на занимање |

### 3.2.3. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ВРАБОТЛИВОСТА НА РАБОТНАТА СИЛА И ГРАДЕЊЕ НА ФЛЕКСИБИЛНИ ПАТИШТА ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Учество на учениците во средните училишта во системот на СОО (%) | 60.0 | 61.8 | 62.1 | 64 | **69%** | >60% |
| Учество во доживотно учење (%) | 2.4 | 2.8 | 2.6[xiv] | 2.5[xv] | **2.7** | >4.0% |
| Стапка на вработеност на лица (20–34 год.) кои неодамна завршиле средно или високо образование (%) | 49.1 | 57.2 | 54.5[xvi] | 58.2 | **60.2** | 55% |
| Број на Регионални центри за стручно образование и обука (РЦСОО) | Нема | Активностите се отпочнати. Направени се измени на Законот за стручно образование и обука | Три<br>На 24-та седница на Владата, одржана на 24.11.2020 донесени се | Три<br>Во 2021 започнаа со работа три | **Три**<br>**Во 2022 започнаа реконструктивни** | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | и определени се трите средни стручни училишта кои ќе се трансформираат во РЦСОО | Одлуки со кои три општински училишта продолжуваат со работа како Регионални центри за стручно образование и обука. Врз основа на одлуките, трите училишта ги изменија статутите, а МОН издаде решенија за согласност | регионални центри за стручно образование и обука | **зафати и постапка за набавка на опрема за регионалните центри** | |
| **СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА** | | | | | | |
| **Стапка на сиромаштија (%)** | 21.9% | 21.6%[xvii] | 21.8% | податокот не е објавен | податокот не е објавен | 16.0 |

### 3.3.1. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЕФИКАСНОСТА И ЕФЕКТИВНОСТА НА СИСТЕМОТ ЗА СОЦИЈАЛНА ПОМОШ

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| % на домаќинства кои се покриени со сите видови парични давања од социјална заштита | 8 | 8.5 | Податокот за 2020 ќе биде објавен во јуни 2022 | | нема податок | 14 |
| % на апсолутна сиромаштија | : | : | : | **:** | нема податок | <1.0 |
| Број на деца опфатени со програмите за детска заштита (детски додаток и образовен додаток) | 43 000 д.д.<br>3800 о.д. | 38 855 д.д.<br>9408 о.д. | 43 649 д.д<br>26 167 о.д | 48 800 д.д<br>28 815 о.д | **46 500 д.д**<br>**30 179 о.д** | 75 000 д.д.<br>65 000 о.д. |
| Број на лица корисници на право од социјална сигурност на старите лица | : | 6495 | 8573 | 10 292 | **10 586** | 6000 |

### 3.3.2. ПОДОБРУВАЊЕ НА ДОСТАПНОСТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на воспоставени локални совети за социјална заштита | 0 | 9 | 11 | **60** | **81** | 81 |
| Број на воспоставени регионални совети за социјална заштита | : | 0 | 0 | **7** | **8** | 8 |
| Број на лиценцирани даватели на услуги (според типот на услуги; во домот на корисникот, во заедницата, вон-семејна заштита) | : | 12<br>(10-услуги во домот, 1-услуги во заедницата, 1-услуги вон-семејна заштита) | 20<br>(12-услуги во домот, 2-услуги во заедницата, 6-услуги вон-семејна заштита) | 62<br>(1-услуги на стручна помош и поддршка, 2-услуги на советување, 31-услуги во домот, 8-услуги во | **82**<br>**(1-Услуги на стручна помош и поддршка , 2-услуги на советување , 37-** | 30 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | заедницата, 20-услуги вон-семејна заштита) | **услуги во домот (лична асистенција 11, помош и нега во домот 26), 11-услуги во заедницата, 31-услуги на вон-семејна заштита)** | |
| **3.3.3. ПОДДРШКА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ДЕИНСТИТУЦИОНАЛИЗАЦИЈАТА** | | | | | | |
| Број на лица сместени во станбени единици за живеење со поддршка или групни домови | 173 | 226 | 226 | 241 | **265** | 250 |
| Број на корисници на социјални услуги (по тип на услуги: во домот, во заедницата, вон-семејна заштита) | 3058 | Вкупно 4620<br>(423-услуги во домот, 2042-услуги во зедницата, 2155 вон-семејна<br>(*опфаќа згрижувачки семејства и сместување во установи за стари лица, податокот за организирано живеење што исто така е вон-семејна е погоре наведен) | Вкупно 4629<br>(454-услуги во домот, 1728-услуги во зедницата, 2447 вон-семејна<br>(*опфаќа згрижувачки семејства и сместување во установи за стари лица, податокот за организирано живеење што исто така е вон-семејна е погоре наведен | Вкупно 4680<br>(518-услуги во домот, 1200-услуги во зедницата, 2962 вон-семејна<br>(*опфаќа згрижувачки семејства и сместување во установи за стари лица, податокот за организирано живеење што исто така е вон-семејна е погоре наведен | **Вкупно 4717**<br>**(686-услуги во домот, 1253 - услуги во зедницата, 2778 вон-семејна**<br>**(*опфаќа згрижувачки семејства и сместување во установи за стари лица, податокот за организирано живеење што исто така е вон-семејна е погоре наведен** | 4500 |
| Број на лица сместени во резиденцијални установи за социјална заштита | 376 | 260 (во фаза на деинституционализација – Бања Банско, Т.Поле и Демир Капија) | 261 | 226 | **145** | 0 |
| **3.3.4. УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ИНКЛУЗИЈА НА РОМИТЕ** | | | | | | |
| Вклученост на Роми во услугите на пазарот на труд и активните програми и мерки за вработување | 227 (во акт. прог. и мерки за враб.) 8071 (услуги) | 251 во активни мерки<br>9736 во услугите | 431 (во активни програми и мерки за вработување)<br>6539 вклучени во услугите за вработување. | 488 во активни мерки<br>4396 во услугите | 487 во активни мерки<br>7768 во услугите | 325 апмв<br>10 000 услуги |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Во Гаранција за млади вклучени 1.530 млади невработени лица Роми | | | |
| Учество на Ромите во вкупниот број на регистрирани невработени лица во АВРСМ (%) | 8.52 | 9.1 | 9.2 | 10.2 | **9.5** | 8.7 |
| Вклученост на Ромски деца (0-6) во претшколско образование | 729 | 762 | 347[xviii] | 420 | **462** | 1000 |
| Процент на ученици Роми кои успешно го завршуваат основното образование (%) | 77 | 80 % | | | **94.99%** | 83% |
| Број на запишани студенти-Роми во високо образование | 300 | 192 | | 263 | податокот ќе биде достапен во август 2023 | 400 |
| Стапка на премин на ученици Роми од основно во средно образование (%) | 87.0 | 77.4 % | | 78% | **82.92%** | 92 |
| Стапка на премин на ученици Роми од средно во високо образование (%) | 38.0 | 40.5% | | 33.5% | **53.85%** | 45 |
| Број на ромски семејства кои имаат пристап до социјални станови | 118 | 0 | 0 | Нема податоци за бројот на Роми на кои им се доделени социјални станови под закуп; ниту еден од распределените станови во Струмица не е доделен на ромско семејство/немало Роми апликанти | **6** | 150 |
| Број на реализирани проекти од комуналната инфраструктура во населби со претежно ромско население | : | | **1** | 7 | **11** | 23 |
| Стапка на доенечка смртност кај ромската популација (на 1,000 живородени деца, промили, ‰) | 10.2 | 7.1 | 11.1 | 11.8 | Не е достапен | <7 |

### 3.3.5. СПРАВУВАЊЕ СО КЛУЧНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ ВО ДЕЛОТ НА ОДРЖЛИВОСТА НА ПЕНЗИСКИОТ СИСТЕМ

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| % на изворни приходи во однос на вкупни расходи на ПИОСМ | 53.1 | 57.33 | 60.02 | 60.47 | **62.72** | 65 |
| % на просечна пензија во просечна плата | 59.5 | 54.41 | 54.72 | 53.02 | **55.64** | 60 |

## 3.3.6. СПРАВУВАЊЕ СО КЛУЧНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ ВО ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВЕНИОТ СИСТЕМ И ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Стапка на доенечка смртност (промили, ‰) | 9.2 | 5.6 | 5.7 | Податокот за 2021 ќе биде објавен во јуни 2022 | Податокот ќе биде објавен во јуни 2023 | <7.0 |
| Број на новоизградени и реконструирани јавно-здравствени објекти | 1 нов<br>3 рек. | 7 | **0**[xix] | 7 реконст. 16 нови (модуларни ковид центри) | **1 реконст.**<br>**1 нов** | 2 нови<br>4 рек. |
| Извршена надградба со нови модули на интегрираниот здравствен информатички систем „Мој термин“ | 31 (4 нови) функционални модули | 3 нови функционални модули | 5 нови функционални модули | 8 нови функционални модули | **6 нови функционални модули** | 33 функционални модули |

---

[i] Евростат датабаза.
[ii] „Службен весник на РСМ“ бр.163/21
[iii] „Службен весник на РСМ“ бр.294/21
[iv] Мажи -39.3% , жени-27.4%
[v] Мажи -16.6% , жени-15.5%
[vi] Мажи – 27.8%, жени – 31.9%
[vii] Мажи – 12.7%, жени – 11.9%
[viii] Мажи – 23.6%, жени – 29%
[ix] Поради настанатата ситуација со ковид 19, одредени видови услуги на пазарот на трудот се реализираа со намален обем. За изработка на ИПВ е потребно присуство на невработеното лице во центарот за вработување и подолго советување што беше отежнато заради воведените мерки за спречување на ширење на вирусот, Дел од невработените лица на евиденција веќе претходно имале изработен ИПВ-2 или им бил променет статусот, а бројот на лица за кои ќе биде изработен ИПВ-2, односно ИПВ за тешко вработливи лица зависи од бројот на невработени лица за кои врз основа на профилирањето е утврдено дека припаѓаат на категорија на тешко вработливи лица за која се изработува оваа форма на ИПВ
[x] Мажи – 5.7%, жени – 5.8%
[xi] Мажи – 4.7%, жени – 4.6%
[xii] Мажи –34.3%, жени – 45.3%
[xiii] Мажи –31.8%, жени – 42.3%
[xiv] Мажи –2.5%, жени – 2.7%
[xv] Мажи –2.3%, жени – 2.6%
[xvi] Мажи –59.1%, жени – 50.2%
[xvii] Мажи –21.1%, жени – 22%

[xviii] Од септември 2020 до мај 2021, согласно Протоколот за работа на градинките во услови на пандемија, градинките работеа со намален капацитет. Приоритет имаа децата чии родителите се вработени и децата на самохраните родители

[xix] Вредноста на индикаторот е 0, бидејќи градбата/реконструкцијата на започнатите објекти не била довршена во 2020.